# ГОЛЕМАТА БОРБА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2024

**ГОЛЕМАТА БОРБА**

Автор: Директори на Центарот за глобална мисија

Број 2/2024

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Библиските текстови, користени во оваа библиска поука, се преземени од преводот на Библијата на МПЦ '06 и од преводот на Душан Константинов '99.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Војната што стои зад сите војни ............................................ 7

2. Основното прашање гласи: Љубов или себичност? ............. 14

3. Светлината сјае во темнината................................................ 21

4. Застапување за вистината ...................................................... 28

5. Вера и покрај сите неповолни околности ............................. 35

6. Двајца сведоци......................................................................... 42

7. Мотивирани од надежта ......................................................... 49

8. Светлина од светилиштето ..................................................... 56

9. Темел на Божјото владеење..................................................... 63

10. Разоткривање на спиритизмот .............................................. 70

11. Судирот што претстои........................................................... 77

12. Завршните настани на земјата.............................................. 84

13. Триумфот на Божјата љубов ................................................. 91

**Додаток**

Утрински стихови – април ............................................................ 98

Утрински стихови – мај.................................................................. 99

Утрински стихови – јуни............................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата................................................ 102

Текстови за вечерно богослужение ..............................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија................... 104-106



Ако ве прашаат: „Која централна тема се провлекува низ целата Библија?“, што би одговориле? Исус? План на спасението? Крстот? Да, се разбира, сето тоа! Меѓутоа, во заднината на овие три важни теми се наоѓа уште една уште посеопфатна, а тоа е „големата борба“. Таа тема се провлекува низ целата Библија, од книгата Битие (1. Книга Мојсеева) до Откровението.

Големата борба започнала на небото со бунтот на Луцифер против Бога. Во срцевината на овој космички судир се наоѓа прашањето за Божјата љубов. Дали Тој навистина е љубов? Дали навистина им го посакува најдоброто на Своите созданија? Или Тој е авторитарен диктатор кој го сака само она што е во негов сопствен интерес?

Поуката за ова тримесечје ја следи светската историја од Божја гледна точка, како што тоа го откриваат пророштвата, од Христово време низ вековите до нашите денови и понатаму. Самата Божја природа е љубов, така што и сите Негови дела се проникнати со љубов, иако овој факт не е секогаш очигледен за ограничените човечки суштества, па дури и за ангелите. Меѓутоа, и Божјата љубов постепено се откривала додека се одвивала големата борба. Нејзината висина и длабочина најјасно ги гледаме на крстот. На Голгота Божјата љубов била прикажана пред целата вселена, кога Христос го дал својот живот за да го откупи човештвото, обезбедувајќи со тоа целосен пораз на сатаната.

Да, битката сѐ уште беснее. Сатаната се обидел да го уништи Исуса на крстот, а исто така гледаме како тој се обидувал да го уништи Божјиот народ низ вековите. Иако сатаната безмилосно ја прогонувал Христовата црква и покосил милиони луѓе, Бог секогаш бил со својот народ и Тој никогаш нема да го напушти.

Ова тримесечје ќе го следиме главниот развој на настаните во текот на големата борба, почнувајќи од бунтот на небото. Ќе ги проучиме главните спорни прашања во судирот меѓу Христа и сатаната. Ќе ја видиме нескротливата храброст на Валденжаните и покрај жестокото прогонство

и решеноста на реформаторите да ја следат библиската вистина, дури и тогаш кога биле соочени со тортура, синџири, клади и маченииштво.

Коментирајќи ја верата на овие духовни великани, Елена Г. Вајт изјавува: „Библијата била нивни авторитет и со неа испитувале секоја наука и секое тврдење. Верата во Бога и во неговата Реч ги храбрела овие свети луѓе кога ги полагале своите животи на ломачи“ (*Големата борба,* стр. 249 оригинал).

Реформацијата го запалила факелот на вистината кој сѐ уште гори. Темелната вера на реформаторите во Светото писмо и нивното цврсто уверување во спасението според благодатта преку верата, го подготвиле патот за појавата на адвентното движење, предводено од Вилијам Милер и многу други насекаде низ светот.

Адвентистичката црква на седмиот ден ја подигнал Бог за да продолжи да се изградува врз темелите поставени од реформаторите, со цел да ги обнови библиските вистини кои биле изгубени од вид со векови. Од фундаментално значење за нејзината мисија е објавувањето на пораките на тројцата ангели од текстот Откровение 14,6-12 – Божјето конечно предупредување до светот кој со брзи чекори се ближи кон својот крај.

Таа објава го буди гневот на сатаната, кого апостол Јован го опишува како змев: „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“ (Откровение 12,17). Исто така, ќе ги проучуваме и завршните настани од големата борба, вклучувајќи го и триумфот на Божјата љубов над сите началствата и сили на темнината, што му претходи на создавањето на новото небо и новата земја.

Иако Библијата е основа на поуката за ова тримесечје, ние ќе ја користиме и книгата *Големата борба,* од Елена Г. Вајт, како тематска рамка за проучувањето на оваа огромна тема. Поглавјата врз кои се заснова секоја лекција се наведени на почетокот за да се олесни нивната употреба како дополнително четиво за натамошното проучување и размена на мислења, и за да можеме сите уште поцелосно да ја „осознаеме Христовата љубов што го надминува секое знаење“ (Ефесјаните 3,19).

*Роден во Конектикат во Соединетите Американски Држави, Марк Финли, светски познат евангелист, бил потпретседател на Генералната конференција од 2005 до 2010 година. По пензионирањето станал помошник на претседателот на Генералната конференција. Пасторот Финли и неговата сопруга Ернестина имаат три деца и пет внуци.*

**Лекција 1**
**Од 30 март до 5 април 2024**

# ВОЈНАТА ШТО СТОИ ЗАД СИТЕ ВОЈНИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12,7-9; Езекиел 28,12-15; Исаија 14,12-14; 1. Мојсеева 3,15; Јован 17,24-26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И настана војна на небото: Михаил и неговите ангели војуваа против змевот, а змевот и неговите ангели војуваа против нив; но беа поразени, и за нив веќе не се најде место на небо“ (Откровение 12,7,8).**

Ако Бог е толку добар, зошто овој свет е толку лош? Како може Бог на љубовта да дозволи постоење на толку многу зло? Зошто лоши работи им се случуваат на добри луѓе? Во поуката за оваа седмица ќе го истражиме вековниот судир меѓу доброто и злото. Почнувајќи од бунтот на Луцифер на небото, ќе го истражиме потеклото на злото и Божјото огромно трпение во справувањето со тој проблем.

Нашиот Бог е Бог на неверојатна љубов. Самата негова природа е љубов (1. Јованово 4,7.8). Сите Негови постапки се мотивирани од љубов (Еремија 31,3). Љубовта никогаш не може да се придобие со сила, со принуда или законски прописи. Елена Г. Вајт прекрасно го изразува тоа кога пишува: „Само љубовта може да разбуди љубов“ (*Копнежот на вековите,* стр. 22 оригинал). Да се негира моќта на изборот значи да се уништи способноста да се сака, а да се уништи способноста да се сака значи да се искорени секоја можност да бидеме вистински среќни. Бог со својата љубов ја освојува нашата преданост. Тој управува со големата борба меѓу доброто и злото на таков начин за гревот никогаш повеќе да не се појави во вселената. Божја намера е да покаже пред целата вселена дека Тој отсекогаш постапувал во најдобар интерес на Неговите созданија. Набљудувањето на светот низ призмата на Божјата љубов, во светлината на големата борба меѓу доброто и злото, на секој од нас му влева сигурност дека она што е исправно ќе ја победи неправдата – и тоа засекогаш.

## ВОЈНА НА НЕБОТО

**Прочитајте Откровение 12,7-9. Што ни открива овој текст за слободата што постои на небото и за потеклото на злото? Кога Луцифер се побунил, на кои сè начини Бог можел да изреагира?**

______________________________________________

Тие стихови го опишуваат космичкиот конфликт меѓу доброто и злото. Сатаната и неговите ангели започнале војна против Христа и на крајот биле исфрлени од небото. Изгледа многу необично што војна можела да избие на толку совршено место како што е небото. Зошто се случило тоа? Дали Бог, кој е полн со љубов, создал демонски ангел кој ја започнал таа војна? Дали тој ангел имал некој кобен недостаток што го навела да започне бунт? Библијата јасно го објаснува потеклото на злото. Таа ја трга завесата на страна, кога е во прашање судирот меѓу доброто и злото.

**Споредете ги следните текстови: Езекиел 28,12-15 и Исаија 14,12-14. Што се случувало во умот на тоа ангелско битие по име Луцифер што го навело на бунт?**

______________________________________________

______________________________________________

Бог не го создал ѓаволот. Тој создал суштество со блескава светлина по име Луцифер. Тоа ангелско суштество е создадено како совршено. А составен дел од неговото совршенство била слободата на избор – темелното начело на Божјето владеење, кое се спроведува со помош на љубов, а не со принуда. Гревот потекнува од Луцифер на самото небо. Не постои логично објаснување зошто овој совршен ангел дозволил горделивоста и љубомората да се вкоренат во неговото срце и да прераснат во бунт против Создателот.

Луцифер, создадено битие, го посакал за себе обожавањето што му припаѓа само на Создателот. Тој се обидел да го узурпира Божјиот престол доведувајќи го во прашање Божјиот авторитет. Неговиот бунт довел до отворена војна на небото.

Иако долго време го трпел Луцифера, Бог не можел да му дозволи да го расипе целото небо со својот бунт. „Небесниот совет расправал со Луцифера. Божјиот Син му укажувал на големината, на добротата и праведноста на Творецот и на светата и непроменлива природа на неговиот Закон. Сам Бог воспоставил ред на небото, а Луцифер со отстапувањето од него би го презрел својот Творец и самиот себеси би се урнал во пропаст. Но опомената, дадена единствено од неизмерна љубов и милост, предизвикала уште посилен дух на противење“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 494, 495 ориг.).

**Кои поуки за Божјиот карактер можете да ги извлечете од Неговото постапување спрема злото?**

## ЛУЦИФЕР МАМИ – ХРИСТОС ПОБЕДУВА

Не постои никакво логично објаснување зошто Луцифер, тој совршен ангел, дозволил горделивоста и љубомората да се вкоренат во неговото срце и да прераснат во бунт против Создателот. Горделивоста на сатаната прераснала во отворен бунт. Тој го обвинил Бога дека е неправеден и нечесен. А со своите сомнежи и обвинувања ги заразил и ангелите.

**Прочитајте Откровение 12,4. Што ни открива тој стих за способноста на сатаната да мами? Колку ангели паднале на неговите лаги за Бога?**

---

Кога избувнала војната на небото, ангелите морале да одлучат – дали ќе го следат Исуса или Луцифера? Каква била природата на таа војна на небото? Дали тоа била физичка војна или војна на идеи – или и двете? Не ги знаеме тие подробности, но судирот бил во доволна мера физички што сатаната и неговите ангели конечно биле „исфрлени“ „и за нив веќе не се најде место на небото“ (Откровение 12,8.9). Таа војна очигледно вклучувала и некаква физичка пресметка.

Едно е сигурно во врска со војната на небото. Секој ангел морал да се определи за или против Христа. Кого ќе го следи? Чиј глас ќе го слуша? Лојалните ангели избрале да останат послушни на Христовите заповеди проникнати со љубов, додека една третина од ангелите го послушале гласот на Луцифера, му се спротивставиле на Бога и го изгубиле небото. И ние, во овој критичен момент од земната историја, исто така сме повикани да донесеме одлука за или против Христа. И ние исто така треба да се изјасниме на чија страна сме – на Христовата или на онаа на сатаната.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 2,15-17; 2. Мојсеева 32,26; Исус Навин 24,15; 1. Царевите 18,20.21 и Откровение 22,17. На кои основни принципи во врска со големата борба нè учат овие стихови?**

---

Кога нè создал нас луѓето, Бог длабоко во нашиот ум ја всадил способноста да размислуваме, да расудуваме и избираме. Суштина на нашата човечка природа е нашата способност да донесуваме морални одлуки. Ние не сме роботи. Ние сме создадени според Божјиот лик, различни од животинскиот свет според нашата способност да донесуваме морални одлуки и да живееме во согласност со вечните духовни принципи. Од моментот на бунтот на Луцифер на небото, Бог го повикувал својот народ да одговори на Неговата љубов и да биде послушен на Неговите заповеди, донесувајќи одлука да Му служи.

**Кои поуки можеме да ги извлечеме од таа битка на небото, што се однесуваат на нашите лични битки со злото? Ако сатаната успеал да ги измами праведните, светите небесни битија, што ни кажува тоа за неговите злокобни обиди да нè измами и нас?**

## И ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА Е ВКЛУЧЕНА

Кога ја создавал земјата, Бог ја создал совршена. Библијата вели дека „Бог погледна во сè што направи, и ете, беше многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). Никаде немало ни трага од грев или зло. Но, Бог им ја дал на Адам и Ева истата слобода на избор што му ја дал и на Луцифера. Тој не сакал роботи на земјата, исто како што не сакал ни на небото.

Всушност, Тој се потрудил да им ја разјасни таа слобода. Засадил дрво во градината и го нарекол „дрво на познавање на доброто и злото“. За тоа им зборувал со посебно внимание, бидејќи сакал да биде сигурен дека тие се свесни дека имаат избор.

Меѓутоа, сатаната дошол до тоа дрво кога Ева била таму и ѝ рекол: „Не, нема да умрете! Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло“ (1. Мојсеева 3,4.5). Ако јадете од тоа дрво, ќе влезете во нова сфера на постоење. Ќе доживеете нешто возбудливо. Ќе почувствувате восхитување за какво што досега не сте знаеле. Ева, Господ нешто крие од вас. Затоа земи го ова забрането овошје и изеди го.

Кога Ева ја донела таа одлука, а по неа и Адам, тие отвориле една врата којашто Бог сакал засекогаш да биде затворена. Тоа била врата отворена за гревот, страдањата, маките, болестите и смртта.

**Споредете го текстот 1. Мојсеева 3,1-3 со Римјаните 3,23 и Римјаните 5,12. Што имаат заедничко овие текстови? Опишете ги крајните последици од гревот што го мачат целиот човечки род.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во својата суштина, гревот е бунт против Бога. Тој води кон одвојување од Бога. И бидејќи Бог е извор на животот, одвојувањето од Него води во смрт. Исто така, доведува до загриженост, стравови, страдања и болести. Страдањето на нашиот свет, во крајна линија, е последица на живеење на планета опустошена од гревот. Секако, ова не значи дека секогаш кога страдаме или се разболуваме, тоа се случува затоа што сме направиле нешто погрешно. Тоа само значи дека секој од нас е засегнат од фактот дека живееме на планета погодена од гревот.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 3,15; 3. Мојсеева 5,5.6 и Јован 1,29. Кое ветување Бог им го дал на Адам и Ева во градината откако згрешиле, а им дало надеж кога ги обземале вина и очај? Каква служба започнал Тој во Едем, која нивното внимание со векови однапред го насочила кон решението на проблемот со гревот?**

## ЉУБОВТА ПРОНАОЃА ПАТ

Адам и Ева згрешиле, а Бог им рекол дека мора да го напуштат својот дом во градината. Оттогаш напорната работа и страдањето ќе бидат нивна судбина. И дали ќе мора да страдаат и конечно да умрат без никаква надеж? Дали смртта е крајот на сè?

Токму во тој момент Бог им го дал ветувањето запишано во текстот 1. Мојсеева 3,15. Гледајќи директно во сатаната, змијата, Тој рекол: „Јас ќе поставам непријателство помеѓу тебе и жената, помеѓу твоето семе и Нејзиното Семе: Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе Му ја сотруваш петицата." Можеби во тој момент не разбрале целосно што значи тоа, но им било јасно дека имаат на што да се надеваат. На некој начин, преку „семето на жената" ќе дојде нивното избавување.

Се разбира, „семето на жената" е Исус Христос (Галатјаните 3,16). На крстот, сатаната го каснал за петицата. Но Исусовата победа ни гарантира дека еден ден главата на змијата ќе биде здробена и дека вратата на страдањето и смртта, којашто Адам и Ева ја отвориле, еден ден ќе биде затворена.

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 2,9; Галатјаните 3,13 и 2. Коринќаните 5,21. Што ни кажуваат овие стихови за бескрајните размери на Христовата жртва на крстот?**

__________________________________________________________

Дали некогаш сте се запрашале дали Бог навистина ве сака? Погледнете на крстот. Погледнете го трновиот венец што му го ставиле и клиновите на неговите раце и нозе. Со секоја капка крв што Исус ја пролеал на Голгота, Бог ви кажува: *Ве сакам. Не сакам да бидам на небото без вас. Да, згрешивте. Му се продадовте на непријателот. Вистина е дека вие самите не сте достојни за вечен живот. Но јас го платив откупот за да ве вратам. Ако го погледнете крстот, никогаш повеќе нема да мора да се прашувате дали сте сакани.*

Библијата зборува за Исуса кој дошол на овој свет и доживеал болка, разочарување и страдање, кои се заедничко искуство на целокупниот човечки род. Таа го открива Христа кој се соочил со истите искушенија со коишто се соочуваме ние – Христа кој со својот живот и со својата смрт на крстот триумфирал над началствата и силите на пеколот – и сето тоа за секој од нас поединечно.

Размислете за ова – Исус, Оној кој ја создал вселената (видете Јован 1,3), слегол од небото и не само што дошол на овој паднат свет, туку и пострадал на начин на кој никој од нас никогаш нема да искуси такво нешто (видете Исаија 53,1-5). И тој го направи тоа затоа што нè сака – секој од нас. Колку силна причина за надеж!

**Како Христос одговорил на обвинувањата на сатаната на крстот? Што било постигнато со Неговата смрт во светлината на големата борба меѓу доброто и злото?**

## НАШИОТ ПРВОСВЕШТЕНИК

Она што Исус го направил за нас на крстот, го оспособува и да посредува за нас на небото. Нашиот воскреснат Господ е нашиот голем Првосвештеник, кој обезбедува сè што ни е потребно за да бидеме спасени и да живееме засекогаш во Божјото царство.

**Прочитајте Евреите 4,15.16 и Евреите 7,25. Како овие стихови ни обезбедуваат сигурност во светот на искушенија, страдања, болести и смрт?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Текстот вели дека Тој бил „туку Кој бил искушуван во сè како нас, освен гревот“ (Евреите 4,15). И додава: „Затоа слободно да пристапиме“ – што значи со доверба – „кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, за помош, во време на потреба“ (Евреите 4,16).

Сосема едноставно кажано, Исус нè претставува пред вселената како такви кои се облечени во Неговата праведност, спасени со Неговата смрт и откупени со Неговата крв. Сè што требало ние да бидеме, Тој бил. Во Христа нема никаква осуда за гревовите од нашето минато. Во Христа, нашата вина е избришана, и благодарение на Неговото моќно посредување, стегите на гревот над нашиот живот се скршени. Синџирите што нè врзуваат се одврзани, и ние сме слободни.

**Прочитајте го текстот Јован 17,24-26. По што Христос најмногу копнее додека трае големата борба меѓу доброто и злото?**

______________________________________________________________________

„Откако ја принел големата жртва, Христос се вознел на небото, но не сакал да прими обожавање од ангелите додека не го замолил Отецот: ‘Оче, сакам оние што ми ги даде да бидат со мене таму каде што сум јас’ (Јован 17,24). Тогаш од Божјиот престол дошол одговор со неизмерна љубов и сила: ‘Да му се поклонат сите Божји ангели’ (Евреите 1,6). На Исуса не се нашла никаква дамка. Бидејќи поднел понижувања и жртва, дадено му е име што е над секое име“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 501, 502 оригинал). Најмногу од сè, Исус сака да бидеме со Него на небото. Копнежот на Неговото срце, причината за Неговата смрт и посредување е нашето спасение. Дали имате некоја посебна потреба во вашиот живот? Кажете му го тоа на Исуса. Таму каде што има тага, Тој носи утеха. Таму каде што има страв, Тој носи мир. Таму каде што има вина, Тој носи проштавање. Таму каде што има слабост, Тој носи сила.

**Што мислите, зошто Христос се жртвувал себеси за нас? Што нè прави толку вредни за Него?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Протерувајќи го сатаната од небото, Бог ја покажал својата правда и ја потврдил честа на својот престол. Но, кога човекот згрешил, заведен со измамите на овој отпаднат дух, Бог својата љубов ја покажал со тоа што дозволил неговиот единороден Син да умре за паднатиот човечки род. Во помирувањето се открил Божјиот карактер. Крстот е силен доказ за целата вселена дека патот на престапот на Луцифера во никој случај не може да му се припише на Божјето владеење“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 500, 501 оригинал).

„Крстот на Голгота е доказ дека Законот е непроменлив. Тој исто така на светот му објавува дека плата за гревот е смрт. Последниот извик на Спасителот: ‘Се сврши!’, одекнал како посмртно ѕвоно на сатаната. Тогаш големата борба што траела толку долго била решена и конечно е осигурено истребување на гревот. Божјиот Син поминал низ вратата на гробот ‘за со смртта да го обессили оној кој ја имаше власта над смртта, односно ѓаволот’ (Евреите 2,14).“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 503 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ако Бог знаел дека Луцифер ќе се побуни, зошто воопшто му дал моќ на избор? Или, кога Луцифер се побунил, зошто едноставно не го уништил веднаш? Како би реагирале световите што не паднале ако Бог веднаш го збришал Луцифера? Зошто заинтересираноста на вселената за планот за спасение (1. Петрово 1,12; Откровение 5,13; Откровение 16,7) е толку важна за разбирањето на големата борба?**

**2. На кои причини за Христовата смрт на крстот можете да се сетите? Дали тоа било само за да се открие Божјиот карактер? Дали тоа било за да се плати откупнината за гревот? Ако е така, на кого му е платен тој откуп? Наведете ги вашите размислувања и наведете библиски причини за нив.**

**3. На што мислиме кога го користиме изразот „големата борба“? Разговарајте за различните аспекти на големата борба и како поуката за оваа седмица може да се примени на вашиот личен живот.**

**4. Што ни кажуваат библиските текстови за реалноста на големата борба? (Видете, на пример, Книгата за Јов 1; 2; Ефесјаните 6,12.)**

**5. Во која смисла разбирањето на адвентистите на седмиот ден е единствено меѓу останатите христијански деноминации? Што е тоа во врска со темата за големата борба што ги издвојува адвентистите?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 2**

**Од 6 до 12 април**

# ОСНОВНОТО ПРАШАЊЕ ГЛАСИ: ЉУБОВ ИЛИ СЕБИЧНОСТ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 19,41-44; Матеј 23,37.38; Евреите 11,35-38; Откровение 2,10; Дела 2,44-47; Јован 13,35.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не бој се, зашто Јас Сум со тебе; не обрнувај се исплашено, зашто Јас Сум твој Бог. Јас те крепам и ти помагам, те потпирам со победничка десница“ (Исаија 41,10).**

Замислете дека сте пастир кој ги чува своите кози на падините на Маслинската гора со поглед кон градот Ерусалим. Слушате некои гласови и веднаш го препознавате Исусовиот глас. Зачудени сте од она што Тој го кажува. И на Неговите ученици им е тешко тоа да го разберат. Додека залезот на сонцето го осветлува храмот со златна купола и отсјајува со снежна белина на неговите величествени мермерни ѕидови, Исус без трошка сомнеж изјавува:

„Вистина ви велам: нема да остане тука ни камен на камен, што не ќе биде урнат“ (Матеј 24,2). Учениците се збунети, а и вие исто така. Што воопшто сака да каже Исус со тие зборови? На кој начин тие се поврзани со крајот на светот, за кој се распрашувале Исусовите ученици?

Занесно слушате додека Исус мајсторски ги спојува настаните што ќе доведат до уништување на Ерусалим со оние што ќе се одиграат непосредно пред Неговото враќање. Во разорувањето на Ерусалим откриваме навестување на стратегијата на сатаната да го мами и уништи Божјиот народ на крајот од времето. Исусовите насоки во Матеј 24 јасно ги прикажуваат настаните на последните денови во контекст на падот на Ерусалим.

Ќе ја проучиме двојната стратегија на сатаната како да го измами и уништи Божјиот народ. Она што не успева да го постигне со прогонство, злобниот се надева дека ќе го постигне со компромис. Меѓутоа, Бог никогаш не е затечен и изненаден, па дури и во најтешките времиња Тој успева да го сочува својот народ.

## СПАСИТЕЛ СО СКРШЕНО СРЦЕ

Додека седел на Маслинската гора со поглед кон градот Ерусалим, срцето на Исус било скршено. Евангелието според Јован вели: „Дојде при своите, но неговите не го примија“ (Јован 1,11). Исус сторил сè што може за да го спаси својот народ од претстојното уништување на нивниот омилен град.

Исусовата љубов кон неговиот народ потекнувала од срце со бесконечна љубов. Тој постојано со љубов ги опоменувал да се покаат и да го прифатат Неговиот милостив повик.

**Прочитајте ги следните текстови: Лука 19,41-44; Матеј 23,37.38 и Јован 5,40. Што ви кажуваат овие стихови за Исусовиот став спрема Неговиот народ и за нивниот одговор на Неговиот љубезен повик на благодат и милост? Какво откровение на Божјиот карактер гледате тука?**

____________________________________________________________

Тешко е таквиот настан, како што било уништувањето на Ерусалим, да се разбере во светлината на Божјиот карактер полн со љубов. Историјата открива дека десетици илјади луѓе загинале кога римскиот генерал Тит ја повел својата војска против тој град. Ерусалим бил опустошен. Во тој масакр страдале мажи, жени и деца. Каде бил Бог кога Неговиот народ толку многу страдал? Иако одговорот е јасен, не е лесно целосно да се разбере. Неговото срце било скршено. Очите му биле полни со солзи. Со векови тој ги подавал рацете кон својот народ. Но тие го загубиле правото на божествената заштита поради нивниот бунт против Неговата добрина. Бог не секогаш интервенира за да ги ограничи последиците од одлуките на својот народ. Тој дозволува да се пројават природните последици од бунтот. Бог не предизвикал колеж на невини деца за време на уништувањето на Ерусалим. Таа трагична смрт на невините била дело на сатаната, а не на Бога.

Сатаната ужива во војна бидејќи таа ги буди најлошите страсти на човечкото срце. Неговата намера со векови била да мами и ништи, а за неговите злодела да го обвини Бога.

**Прочитајте го текстот Матеј 24,15-20. Какво упатство му дал Исус на својот народ за да го спаси од претстојното уништување на Ерусалим?**

____________________________________________________________

Добро е да се има предвид дека огромното мнозинство христијани кои живееле во Ерусалим во 70. година од нашата ера биле со еврејско потекло. Бог, кој е полн со љубов, сакал да зачува што е можно повеќе припадници на својот народ. Затоа им дал упатство да побегнат од градот кога ќе се приближи римската војска.

**Размислете за следново тврдење: ние не донесуваме заклучок за Божјиот карактер врз основа на она што се случува околу нас, туку сите настани ги гледаме низ призмата на Неговиот карактер полн со љубов, каков што е откриен во Библијата. Зошто овој совет е толку добар?**

## ХРИСТИЈАНИТЕ СОЧУВАНИ СПОРЕД БОЖЈОТО ПРОВИДЕНИЕ

Божјата милост, благодат, провидение и предзнаење се јасно откриени во настаните што довеле до разорувањето на Ерусалим. Цестиј Гал и римската војска го опколиле градот. Во еден неочекуван потег, кога изгледало дека штотуку ќе следи нивниот напад, тие се повлекле. Еврејската војска ги гонела и извојувала голема победа.

Додека Римјаните бегале а Евреите ги гонеле, христијаните од Ерусалим се засолниле во градот Пела во Переја, на другиот брег на реката Јордан. „За христијаните што чекале се покажал ветениот знак и сега им се дала можност на сите што сакале да ја послушаат опомената на Спасителот. Настаните течеле така што ниту Евреите ниту Римјаните не им го пречеле на христијаните бегството“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 30 оригинал).

**Прочитајте Псалм 46,1 и Исаија 41,10. Што ни кажуваат овие стихови за Божјата грижа преку дејствувањето на Неговото провидение?**

________________________________________________________________

Бог е суверен и со настаните на земјата управува на таков начин што Неговите божествени намери на крајот сепак се остваруваат. Иако Тој понекогаш ги менува своите првични планови во зависност од нашите одлуки, Неговиот конечен план за оваа планета ќе биде остварен. Ќе има и моменти кога Божјиот народ ќе доживува тешкотии, прогонство, затворање, па дури и смрт заради Христа. Но дури и во најпредизвикувачките моменти, среде најжестоките напади на сатаната, Бог ја поддржува и заштитува својата црква.

**Прочитајте Евреите 11,35-38 и Откровение 2,10. Каква реалност ни откриваат овие текстови во врска со нашата битка против силите на злото? Како овие текстови да се помират со идејата за Божјата заштита од претходното прашање? Дали постои контрадикторност меѓу идејата за Божјата заштита и тоа што Тој дозволува некои од нас да се соочат со болни страдања, па дури и со маченичка смрт заради Христовото дело?**

________________________________________________________________

„Напразно сатаната се обидувал со насилство да ја уништи Божјата црква. Големата борба, во која учениците ги дале своите животи, не престанала кога овие верни носители на знамето паднале на својата положба. Со својот пораз тие победувале. Божјите соработници биле убиени, но неговото дело напредувало“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 41 оригинал).

**Што треба да значи за нас тоа што библиските писатели, кои секако знаеле за болка и страдање, сепак продолжувале и понатаму да пишуваат за реалноста на Божјата љубов? Како можеме и самите ние да ја доживееме истата љубов?**

## ВЕРНИ СРЕДЕ ПРОГОНСТВА

Во текот на првите векови на христијанството, Црквата брзо растела и покрај затворањето, мачењето и прогонството. Преданите верници, целосно посветени на Христа, исполнети со Светиот Дух, ја објавувале Неговата реч со сета сила. Животите биле преобразувани и десетици илјади луѓе се преобратувале.

**Прочитајте Дела 2,41; Дела 4,4.31; Дела 5,42 и Дела 8,1-8. Што можеме на научиме од ова за предизвиците со кои се соочувала новозаветната црква, но и за тоа зошто таа растела толку брзо?**

____________________________________________________________

Учениците се соочувале со закани (Дела 4,17), со затвор (Дела 5,17-18), прогонство (Дела 8,1), па и со смрт (Дела 7,59; Дела 12,2), а сепак, во силата на Светиот Дух, храбро го објавувале воскреснатиот Христос, а црквите се множеле низ Јудеја, Галилеја и Самарија (Дела 9,31).

Бастионите на пеколот биле разнишани. Оковите на сатаната се кинеле. Паганското суеверие се рушело пред силата на воскреснатиот Христос. Евангелието триумфирало и покрај крајно неповолните околности. Учениците веќе не се криеле преплашено во горната соба. Нивниот страв исчезнал како избледена сенка.

Наместо тоа, срцата на учениците се исполниле со вера. Еден поглед на нивниот воскреснат Господ целосно ги променил. Исус им дал нова причина за живот. Нашиот Господ не им го упатил само Големиот налог (Марко 16,15), туку и големото ветување: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата“ (Дела 1,8).

Евангелието продрело и до најоддалечените краишта на земјата (Колошаните 1,23), иако последниот од учениците, Јован, умрел на крајот на првиот век. Други го презеле факелот на вистината и го објавувале живиот Христос. Плиниј Помладиот, управител на римската провинција Витинија на северниот брег на денешна Турција, му пишал на царот Трајан околу 110 г. од н. е. Изјавата на Плиниј е значајна затоа што е напишана приближно осумдесет години по распнувањето. Тој ги опишал официјалните судења што ги спроведувал со цел да ги пронајде и погуби христијаните. Затоа, Плиниј наведува: „...Зашто многу луѓе од сите возрасти, класи и двата пола се во опасност да бидат обвинети, и тоа ќе продолжи. Ова суеверие (христијанството) се рашири како зараза не само по градовите, туку и по селата и населбите“ (Henry Bettenson, Documents of the Christian Church; New York: Oxford University Press, 2011, p. 4).

Но, и покрај најжестоките напади на ѓаволот, христијанската црква брзо растела.

**Што можеме да научиме од раната црква, а може да ни помогне нам како црква на последното време?**

## ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА

Раната црква не растела само затоа што нејзините членови го проповедале евангелието, туку и затоа што живееле според евангелието. Верниците служеле по углед на Христа, кој „обиколуваше по цела Галилеја, учејќи во нивните синагоги и проповедајќи го Евангелието за царството, и лекувајќи секаква болест и секаква немоќ меѓу народот“ (Матеј 4,23). Исус се грижел, навистина длабоко се грижел за луѓето, а тоа го одразувала и новозаветната црква. Токму таа несебична љубов и посветеност на задоволување на човечките потреби, здружена со објавувањето на добрата вест на евангелието во силата на Светиот Дух, извршила толку силно влијание врз светот во раните векови на христијанската црква.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 2,44-47; Дела 3,6-9 и Дела 6,1-7. Иако околностите биле различни, од кои начела на изворното христијанство можеме да извлечеме поука во овие текстови?**

____________________________________________________________

Тие новозаветни верници се угледале на Христа, кого, како што вели Петар, „Бог го помаза со Светиот Дух и со сила, кој помина правејќи добрини и оздравувајќи ги сите, кои ѓаволот ги измачуваше, зашто Бог беше со Него“ (Дела 10,38). Христовата црква била Негово тело на земјата, и таа, исто така, во тие рани векови покажувала самопожртвувана љубов и грижа спрема паднатиот напатен човечки род. Тие верници биле жив пример на Христовата сомилост.

Во таа голема борба што беснее во вселената, ѓаволот сака да го нагрди Божјиот лик кај луѓето. Но целта на евангелието е да го обнови Божјиот лик во човештвото. Таа обнова опфаќа физичко, ментално, емоционално и духовно исцелување.

Во стихот Јован 10,10 Исус го открива својот план за секој од нас поединечно: „Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно“. Тој копнее ние да бидеме физички здрави, ментално будни, емоционално стабилни и духовно цели.

Ова е особено важно во светлината на Неговото ветено враќање. Овој свет се соочува со огромна криза. Исусовите лични предвидувања, запишани во главите Матеј 24 и Лука 21, најавуваат катастрофални услови на земјата пред Неговото враќање. Кога Христос нè допира со својата исцелителна благодат, и ние почнуваме да копнееме да ги допреме другите со Христовиот допир, за и тие да бидат исцелени. Исус нè испраќа да излеземе во овој измачен свет како Негови амбасадори, за да допреме до другите со Неговата љубов. Новозаветното христијанство се одликувало со христијанска љубов едни кон други, како и кон својата општествена заедница.

**Разговарајте за следново: Каква улога има црквата, во соработка со Христа, да докаже дека сатанските обвинувања се лажни?**

## НАСЛЕДСТВО НА ЉУБОВТА

**Прочитајте ги текстовите Јован 13,35 и 1. Јованово 4,21. Што ни откриваат овие текстови во светлината на противењето на сатаната на Божјото владеење во рамките на големата борба? Што ни кажуваат тие за суштината на вистинското христијанство?**

___________________________________________________________________

Љубовта била норма на однесување во самите христијански заедници во првите неколку векови. Тертулијан тврдел: „Многумина нè препознаваат главно преку делата на таквата благородна љубов. Видете, велат тие, колку се сакаат меѓусебно“ (Видете: Tertullian’s Apology 39 у преводу S. Thelwall, https://www.logoslibrary.org/tertullian/apology/39.html).

Едно од најголемите откритија на Божјата љубов дошло до израз кога избувнале две разорни пандемии во 160 и 265 година од нашата ера. Тогаш христијаните истапиле напред и им служеле на болните и на оние на умирање. Тие болести убиле десетици илјади луѓе и оставиле цели села и градови со едвај по некој жител. Но несебичната, пожртвувана, грижлива, сесрдна служба на христијаните оставила голем впечаток кај населението. Постепено илјадници, потоа стотици илјади, а потоа и милиони луѓе во Римското царство поверувале во Исуса за време на тие две пандемии. Љубовта, пријателската грижа и организираниот несебичен труд за болните и за оние на умирање предизвикувале восхит кон тие верници и кон Христа кого тие го претставувале.

Книгата на Родни Старк „Подемот на христијанството“ е модерен историски наратив кој ги прикажува тие настани во едно ново и појасно светло. Во неа тој опишува како за време на втората епидемија (260 г. од н. е.), целата христијанска заедница, која во голем дел сè уште била јудеохристијанска, станала вистинска армија на старатели, која ги обезбедувала основните потреби за опстанок на општеството. „Во екот на втората епидемија, околу 260 година од нашата ера, во едно писмо, Дионисиј упатил опширна пофалба до херојските негувателски напори на локалните христијани, од кои многумина ги загубиле животите грижејќи се за другите.

'Повеќето наши браќа христијани покажаа безгранична љубов и преданост, не штедејќи се себеси и мислејќи само на другите. Не обѕрнувајќи се на опасноста, тие ја преземаа грижата за болните, грижејќи се за секоја нивна потреба и служејќи им во Христа. Тие често го напуштаа овој живот заедно со нив, спокојни и среќни, бидејќи многумина од нив и самите беа заразени од таа болест. Тие се изложуваа себеси на болестите на своите ближни и радосно ги преземаа нивните страдања'“ (Rodney Stark, The Rise of Christianity, Princeton, New Jersey: Princeton University Press, 1996; p. 822).

**Која очигледна порака се наоѓа тука за нас? Како можеме да научиме да умреме за себе, за да можеме и самите да го манифестираме истиот тој несебичен дух? Тоа не е лесно, зар не?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Напразно сатаната се обидувал со насилство да ја уништи Божјата црква. Големата борба, во која учениците ги дале своите животи, не престанала кога овие верни носители на знамето паднале на својата положба. Со својот пораз тие победувале. Божјите соработници биле убиени, но неговото дело напредувало. Евангелието се ширело натаму и бројот на неговите следбеници постојано се зголемувал. Тоа проникнувало во краиштата што биле непристапни дури и за римските орли. Еден христијанин, расправајќи со незнабожечките владетели што го разгорувале прогонството, рекол: 'Вие можете да нѐ убивате, да нѐ мачите, да нѐ осудите... Вашата неправедност е доказ дека сме невини... Вашата свирепост не вреди ништо. Таа е само силен повик на нашата вера да ѝ се придружат и други. Колку повеќе нѐ убивате, ние стануваме сѐ помногубројни: крвта на христијаните е семе на христијанството' (Tertullian, Apology, paragraph 50)“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 41, 42 оригинал).

„Таинственото провидение што дозволува раката на грешниците да ги прогонува праведните било причина за голема збунетост за мнозина слаби во верата. Некои дури се готови да ја отфрлат довербата во Бога затоа што Тој дозволува грешните да напредуваат, а најдобрите и најчесните да бидат измачувани и угнетувани од нивната свирепа сила. Како може, се прашуваат некои, Оној што е праведен, милостив и неограничен во силата, да трпи таква неправда и насилство? Тоа прашање не треба да нѐ загрижува нас. Бог ни дал доволно докази за својата љубов, и ако ние не ги разбираме неговите патишта, тоа не треба да биде причина да се сомневаме во неговата доброта“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 47 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто служи прогонството? Која вредност произлегува од него? Што мислите, зошто Бог дозволува Неговиот народ понекогаш да страда?**
2. **Ако пријателот ви го постави следново прашање, како би му одговориле: „Каде е Бог кога јас страдам?“ Ако Тој ме сака, зошто поминувам низ такви тешкотии?“**
3. **Како вашата локална црква може да стане грижлива заедница која ќе изврши влијание на светот? Разговарајте за тоа како лекцијата оваа седмица може да се примени на практичен начин.**

**Лекција 3**
**Од 13 до 19 април 2024**

# СВЕТЛИНАТА СВЕТИ ВО ТЕМНИНАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 8,44; Мудри изреки 23,23; Дела 20,27-32; 2. Солуњаните 2,7-12; Псалм 119,105.116. 130.133.160; Мудри изреки 16,25; 2. Коринќаните 4,3-6**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш Исус им рече: 'Уште малку време Светлината е меѓу вас! Одете додека имате светлина, за да не ве опфати темнината! Кој оди по темнина, не знае каде оди'" (Јован 12,35).**

Во последната библиска книга, Откровението, ѓаволот е прикажан како змев и змија (Откровение 12,9). Тој е змев затоа што сака да го уништи Божјиот народ, а змија затоа што ги користи сите свои лукави лаги за да го измами. Во годините по Христовата смрт, илјадници луѓе биле мачени, фрлани пред лавови и спалувани на клади од страна на царскиот Рим затоа што одбивале да ги обожаваат нивните „божества". Но, и покрај тоа што се соочувале со толку сурови казни, мнозумина останале верни, евангелието продолжило да се шири и црквата да расте.

Како резултат на тоа, сатаната ја променил својата стратегија. Мноштво пагани се крштавале без темелно запознавање со библиската вистина. Бројни заблуди ја преплавиле црквата кога водачите почнале да ги спојуваат библиските вистини со популарните обичаи. Четвртиот и петтиот век биле доба на компромиси, кога црковните прелати ги помешале паганските обичаи со христијанските учења.

Сепак, и во најтешките моменти во животот, Бог постојано бил со својот народ. Тие го нашле Исуса, „Патот, Вистината и Животот" и, со помош на силата на Светиот Дух, стоеле цврсто, дури и кога биле соочени со огромен притисок да се откажат од своите уверувања и совест. Тие останале верни на Божјата волја, откриена во Светото писмо, и непоколебливо ги застапувале вистините од Неговата реч, отворено или прикриено, без оглед на притисоците на кои биле изложени.

## КОМПРОМИС – ВЕШТАТА СТРАТЕГИЈА НА САТАНАТА

**Споредете го стихот Јован 14,6 со стихот Јован 8,44. Каква спротивност меѓу Исусовиот карактер и оној на сатаната се уочува во тие два стиха?**

______________________________________________________________________

Она што го кажува Исус е вистина затоа што Тој е изворот на вистината. Вистината произлегува од срцето на семудриот, сезнаен Бог полн со љубов. Тој е темелот на реалноста и на целокупната вистина.

Спротивно на тоа, сатаната е лажливец и татко на лагите. Тој е готов да користи лаги, измами, дезинформации и изврттување на вистината за да го заведе Божјиот народ на погрешен пат. Тој ја измамил Ева во Едем токму со изврттување на вистината, со предизвикување сомнеж и отворено негирање на она што го кажал Бог. Изјавата на сатаната: „Нема да умрете", во контекст на јадењето на плодот, била очигледна противречност на она што го рекол Бог. Сатаната со векови ја користи истата стратегија. Тој ја поткопува довербата во Божјата реч, противречи на Божјата откриена волја, го изврттува Светото писмо и некогаш погрешно ја цитира Библијата, ако тоа е во негов интерес.

**Прочитајте ги следните текстови: Мудри изреки 23,23, Јован 17,17 и Јован 8,32. Какви сличности гледате во овие библиски исечоци во врска со вистината од Божјата реч? Која е нивната главна порака?**

______________________________________________________________________

„Сатаната добро знаел дека Светото писмо ќе им овозможи на луѓето да ги запознаат неговите измами и да ѝ се противстават на неговата сила. Лично Спасителот на светот им се противставил на сатанските напади со помош на Светото писмо. Секој напад Христос го пречекал со штитот на вечната вистина, велејќи: 'Пишано е!' На секое наговарање на непријателот му ги противставил мудроста и силата на Божјата реч. Единствен начин за сатаната да ја воспостави својата власт над луѓето и да ја зацврсти папската власт е да го држи светот во незнаење во врска со Светото писмо. Библијата го издигнува Бога и на човекот му го одредува неговото вистинско место; затоа неговите свети вистини требало да останат скриени и забранети. Таа тактика ја прифатила Римската црква. Стотици години ширењето на Библијата било забрането. На народот не му било дозволено да ја чита или да ја има во своите домови; несовесните свештеници и епископија толкувале на начин што го поддржувал нивното учење. Така се создадени услови папата да биде општо признат како Божји наместник на земјата, кој има власт над црквата и над државата" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 51 оригинал).

**Разговарајте за начините на кои сатаната се обидува да ја изврти или погрешно протолкува Божјата реч денес.**

# СВИРЕПИ ВОЛЦИ

**Прочитајте Дела 20,27-32. Кои конкретни предупредувања им ги дал апостол Павле на црковните водачи од Ефес во врска со претстојното отпадништво?**

____________________________________________________________

Целта на Павловите совети била да ја подготви црквата за она што требало да дојде. Во тие исечоци тој опишува две главни причини за загриженост.

Првите се „свирепи волци, кои нема да го штедат стадото“ (Дела 20,29). Со други зборови, верниците ќе се соочат со жестоко прогонство, и тоа внатре во црквата. Тоа пророштво се исполнило во I. и II. век. Христијаните кои одбивале да го обожаваат императорот со тоа што би се поклонувале пред боговите на Рим, биле мачени, затворани и палени на клада.

Апостолот спомнува и друга причина за загриженост кога вели: „А и од вас самите ќе произлезат луѓе што ќе зборуваат искривено, за да ги одвлечат учениците заедно со себе“ (Дела 20,30). Ќе навлезат ереси во црквата. Лажни учења ќе ги заменат божествените вистини. Паганските обичаи ќе преовладеат. Во 4. и 5. век компромисот незабележливо се вовлекол во христијанската црква, при што напредувањето на мисијата се користело како вообичаено оправдување. Меѓутоа, страшната последица од ова било отстапувањето од вистините на Божјата реч.

**Прочитајте 2. Солуњаните 2,7-12. Како апостол Павле го опишува претстојното отпадништво? Кои карактеристики требало да ги бараат?**

____________________________________________________________

Коментарот на Павле дека „тајната на беззаконието веќе дејствува“ е многу значаен. Дури и во времето на Павле имало постепено оддалечување од вистините на Божјата реч во поглед на послушноста кон Божјиот закон. Тоа оддалечување ќе заземе значителни размери во подоцнежните векови.

Спротивно на втората заповед, идолите биле воведени во христијанското богослужение. Повеќе илјади години идолите биле во прв план на сите пагански религии. Со цел христијанството да биде подостапно за паганите кои доаѓале во христијанската црква, паганските божества биле преименувани во таканаречени „светци“. Недела, денот на обожавање на богот на сонцето, со текот на времето била прифатена како ден на христијанско богослужение во чест на воскресението. Тој лажен ден, невтемелен на Светото писмо, преовладува дури и денес.

**Каков вид компромиси гледаме како влегуваат во црквата денес? Што е уште поважно, какви компромиси можеби правите и вие самите? Дали понекогаш тоа се случува поради мешање на вистината и заблудата?**

## ЗАШТИТЕНИ СО ПОМОШ РЕЧТА

**Споредете ги текстовите Јован 17,15-17 и Дела 20,32. Каков увид ни даваат Исус и апостол Павле во врска со заштитата од сатанските измами?**

______________________________________________________________

Библијата е непогрешливо откровение на Божјата волја. Таа го претставува планот на небото за спасение на човештвото. Бидејќи „целото Писмо е од Бога вдахновено“, тоа е „полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата“ (2. Тимотеј 3,16). Односно, „целото Писмо“ е од Бога вдахновено, а не само некои делови, ниту некои делови се повдахновени од другите. Целата Библија мора да се прифати како Божја реч. Во спротивно, вратата за измама е широко отворена.

Библијата јасно ја открива Божјата бескрајна љубов во светлината на големата борба. Исто така, таа ги разоткрива сатанските заблуди и ги изнесува на виделина неговите измами. Ѓаволот ја мрази Божјата реч и со векови правел сè што е во негова моќ за да го уништи нејзиното влијание.

Впрочем, што воопшто би знаеле за планот на спасение да не е Библијата? Колку би разбрале, ако воопшто нешто би разбрале, во врска со Исусовото раѓање, животот, учењата и службата? Без Светото писмо, дали би сфатиле нешто за големината на Христовата жртва, за славата на Неговото воскресение, за силата на Неговото посредување и за Неговото величествено враќање?

Сите овие пресудно важни вистини Божјата реч ги открива, поучува и нагласува. Таа, и само таа, мора да биде конечното и врвно мерило за разбирање на целокупната света вистина.

Затоа ние мора да се бориме против секое влијание да се поткопа нејзиниот авторитет или вдахновеност, дури и од страна на оние кои, иако се претставуваат како големи љубители на Библијата, внесуваат сомневање во врска со неа, дури и во најмала мера. Трагично е што, и покрај пробивите на модерната мисла, многу теолози и христијани толку многу се сосредоточени на човечката страна на Светото писмо што Библијата за нив станува реч човечка наместо Божја. Библијата се состои, тврдат тие, од списи на цареви, пастири, рибари, свештеници, поети и други кои ги изнесувале своите сфаќања и замисли за Бога, за природата и за реалноста на животот најдобро што успевале да ги разберат во нивно време и во нивната област.

Но дали е тоа навистина така? Кога ова би било вистина, зошто ние денес во 21 век, воопшто би се осврнувале на тоа што мислеле тие луѓе, а камоли да ги земаме нивните сфаќања како основа за нашата надеж во вечноста?

Во тој случај, секако, не би требало да го правиме тоа.

**Прочитајте ги следните стихови: Псалм 119,105.116.130.133 и 160. Каков увид ни дава псалмистот во врска со значењето на Божјата реч во рамките на планот на спасението?**

## ЧОВЕЧКОТО РЕЗОНИРАЊЕ НЕЗАВИСНО ОД СВЕТОТО ПИСМО

Светиот Дух дејствува преку нашиот ум. Тој нѐ повикува да ги истражуваме тајните на универзумот. И, како што некој соодветно забележал: „Како христијани, ние не го проверуваме нашиот ум пред вратата на црквата.“ Иако може да биде брилијантно, човечкото резонирање сепак не е способно само по себе да ги спознае божествените вистини на Светото писмо. Вистината не е прашање на човечко мислење. Тоа е прашање на божественото откровение.

**Прочитајте ги следните текстови: Мудри изреки 16,25, Судии 21,25 и Исаија 53,6. Што ни откриваат тие за сатанската стратегија на измама?**

___

Една од најуспешните измами на ѓаволот е да нѐ натера да поверуваме дека човечкото резонирање, без помош на Светиот Дух и поуки од Божјата реч, е доволно за разбирање на Божјата волја. Понекогаш ни се чини, па дури и на целата наша култура, дека некој пат е прав, но може да биде целосно погрешен во Божји очи.

Пред неколку години, мојата сопруга и јас решивме да одиме на планинарење низ шумата во близина на хотелот каде што престојувавме. Јас генерално добро се снаоѓам во просторот и, по околу еден час пешачење по различни патеки, бев прилично сигурен дека ќе успеам да го најдам патот назад без многу тешкотии. Меѓутоа, набрзо се најдовме безнадежно изгубени во шумата. Сонцето заоѓаше и почнав да се плашам од најлошото. За среќа, сретнавме некои други планинари кои го знаеја патот. Бевме оддалечени најмалку осум километри од нашата патека, но се најдовме блиску до главниот пат. И бидејќи нивниот автомобил беше паркиран во близина, ни понудија да нѐ одведат до хотелот. За нас беше од клучно значење да се најде некој што го знае патот и кој ќе може да нѐ врати до нашата дестинација.

Бог не нѐ оставил сами на нашето патување од земјата до небото. Светиот Дух нѐ насочува кон светите списи кои нѐ водат дома. Вистината и заблудата, правилното и погрешното, доброто и злото – ова може правилно да се разбере само во светлината на Божјата реч. Она што е во спротивност со Бога и Библијата е заблудата, а заблудата е секогаш опасна. Она што е во согласност со Бога е вистинито и добро. Колку е важно Божјата реч да ја направиме наш конечен арбитер за вистината и моралот!

**Зошто човечкиот ум, без помошта на Светиот Дух, е неспособен да ја открие божествената вистина? Разговарајте за односот меѓу човечкиот разум и божественото откровение. Како разумот, всушност, ни помага да го разбереме божественото откровение? На пример, погледнете ја втората глава на Книгата на пророк Даниел и пророштвото што го покрива периодот на светската историја од времето на Вавилон до далечната иднина. Во која смисла едно такво пророштво силно се повикува на човечкиот разум?**

## БИТКА ЗА УМОТ

**Прочитајте 2. Коринќаните 4,3-6. Што значи изразот „на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови“ (2. Коринќаните 4,4)? Како се заслепени нивните умови (очите)? Како се отвораат очите?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Грчкиот збор за „ум“ во овој стих е ноема. Тој буквално ја означува нашата перцепција или менталните способности. Адвентистичкиот библиски коментар изнесува една просветлувачка изјава во врска со тој стих: „Битката меѓу Христа и сатаната е битка за човечкиот ум“ (Римјаните 7,23.25; 12,2; 2. Коринќаните 3,14; 11,3 ; Филипјаните 2,5; 4,7.8). Главна работа на сатаната е да го заслепува или затемнува умот на луѓето. Тој го прави тоа на тој начин што ги спречува да ја проучуваат Божјата реч, ги ослабува силите на умот со прекумерно исцрпување на телото и душата, целосно окупирајќи го умот со прашања врзани за овој живот и повикувајќи се на гордоста и самовозвишувањето“ (*The SDA Bible Commentary,* кн. 6, стр. 854).

На изгубените им недостасува знаење не затоа што не можеле да го стекнат, туку затоа што не сакале да го сторат тоа. Многумина ги имале сите можности да ја сознаат вистината, но избрале да не веруваат, и сатаната им ги заслепил нивните очи. Царството на сатаната е царство на темнината. Библискиот коментар на адвентистите на седмиот ден забележува: „Евангелието е единственото средство со помош на кое може да се разоткријат демонските планови и измами на сатаната, и со помош на кое луѓето можат да го здогледаат патот што води од темнината кон светлината“ (кн. 6, стр. 854). Суштината на новозаветната порака е животот, смртта и воскресението на Исус. Срцевина на евангелието и центар на Светото писмо е Исус. Целото Писмо сведочи за Него (Јован 5,39).

**Прочитајте ги стиховите: Јован 1,4.5.9 и 14. Како овие стихови го опишуваат Исуса? Забележете го особено стихот Јован 1,14.**

____________________________________________________________

Во текот на првите векови на христијанската црква новозаветните верници биле целосно посветени на Христа, како Оној кој бил светлина во нивната темнина. Тие биле откупени со Неговата благодат, преобразени со Неговата сила и мотивирани од Неговата љубов. Ниту смртта не можела да го раскине нивниот завет на преданост кон Христа. Тие ги препознавале ѓаволските измами благодарение на славната светлина на евангелието. Христос секогаш имал мажи и жени кои, според Неговата благодат, храбро се залагале за вистината. Во тие први векови, светлината на Христовата љубов, благодат и вистина силно блескала во темнината.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Истиот дух на омраза и противење кон вистината во секое време ги инспирирал Божјите непријатели, а од неговите следбеници се барала иста будност и верност. Христовите зборови, упатени на апостолите, важат и за неговите следбеници во последно време: ‘А она што ви го зборувам вам, на сите им го зборувам: бдејте!’ (Марко 13,37)“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 56, 57 оригинал).

Во многу делови од светот, особено таму каде што луѓето имаат слободен пристап до Библијата, сатаната користи други средства за да го ослабне нејзиното влијание. Еден многу успешен начин е преку различни научни потфати, па дури и библиски студии, каде понекогаш се заземаат такви ставови кои, доколку се прифатат, би ја поткопале довербата во Божјата реч. На пример, Книгата на пророк Даниел, која датира од период од 500 и повеќе години пр. н. е., наместо тоа, многу библиски научници ја датираат во средината на вториот век од нашата ера. Според нивните тврдења, таа мора да била напишана во тоа време. Во спротивно, би испаднало дека пророкот точно ја предвидел иднината, што според нив е невозможно. Затоа сметаат дека книгата на Даниел не е напишана тогаш кога тврди дека е напишана, туку стотици години подоцна. За жал, таа лага за Библијата е само една од многуте што модерната наука се обидува да ни ги наметне. И што е уште полошо, многумина ги прифаќаат овие невистини бидејќи тие, на крајот на краиштата, ги застапуваат библиски научници. Не е ни чудо што Павле нѐ предупредува: „Сѐ испитувајте, за доброто држете се“ (1. Солуњаните 5,20).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Погледнете го цитатот од проучувањето предвидено за вторник, а потоа разгледајте го следново прашање: Кои слични методи ги користи сатаната денес за незабележливо да го поткопа авторитетот на Светото писмо?**
2. **Кои се нашите најдобри мерки за заштита против погрешното толкување на Божјата реч?**
3. **Главното настојување на сатаната во големата борба меѓу доброто и злото е да го оцрни Божјиот карактер и да го прикаже како авторитарен тиранин без љубов. На кој начин злобниот се обидува да го направи тоа и каков е Божјиот одговор на неговите лаги?**
4. **Апостол Петар потврдува дека „ниедно пророштво од Писмото не е сопствено кажување на пророкот“ (2. Петрово 1,20). Како можеме да бидеме сигурни дека не го извртуваме значењето на Светото писмо за наши сопствени цели? Зошто ова може да се случи полесно отколку што мислиме, и како можеме да се заштитиме од тоа?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**20 - 26 април 2024**

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ВИСТИНАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 7,23-25; Откровение 12,6.14; Јуда 1,3.4; Откровение 2,10; Дела 5,28-32; Псалм 19,7-11; 1. Јованово 5,11-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И како што Мојсеј ја издигна змијата во пустината, така треба да биде издигнат Човечкиот Син, та секој, кој верува во Него да не загине, но да има вечен живот“ (Јован 3,14.15).**

Современиот турски град Измир е некогашната библиска Смирна, која се споменува во книгата Откровение. Тој древен град, со околу 100.000 жители, цветал кон крајот на првиот и во вториот век. Бил богат град и огнено лојален на Рим.

Сите жители на Смирна биле обврзани еднаш годишно да им палат темјан на римските богови. Меѓутоа, во вториот век Смирна очигледно имала и напредна христијанска заедница и многумина не сакале да се потчинат на тоа. Поликарп, еден од водачите во раната црква, умрел со маченичка смрт на градскиот плоштад во Смирна. Тој бил спален на клада затоа што одбил да го предаде својот Господ со кадење пред римските богови. Кога за последен пат бил замолен да се откаже од Христа, стариот човек одговорил: „Осумдесет и шест години Му служев и никогаш не ми направи ништо лошо. Па, како можам да похулам на мојот цар кој ме спаси?“

Низ вековите, многу мажи и жени повеќе биле спремни да се изложат на маченичка смрт отколку да се откажат од својата вера во Христа. Нивната жртва ја буди нашата храброст. Приказните за нивната посветеност на Христа ја обновуваат нашата лична преданост. Оваа седмица ќе разгледаме некои библиски принципи кои ги мотивирале Валденжаните и подоцнежните реформатори, како Хус и Јероним, да му останат верни на Господа без оглед на сè – дури и под закана со смрт од страна на истата сила што го убила Поликарп – Рим, но сега во неговата папска фаза.

## ПРОГОНЕТИ, А СЕПАК ПОБЕДНИЦИ

**Прочитајте ги текстовите Даниел 7,23-25 и Откровение 12,6,14. За кои пророчки временски периоди се говори во овие текстови?**

________________________________________________________________________

Секогаш кога некој народ му е верен на Бога, тоа го навлекува сатанскиот гнев и често е проследено со прогонство. Пророкот Даниел опишал едно време, кое за него било сè уште во иднина, кога средновековната црква „ќе војува“ против Божјиот народ и ќе го „сотрува“ (Даниел 7,21.25). Пророкот Јован го опишал истиот тој период како време кога Божјата црква ќе биде принудена да бега во пустината, „каде ќе се храни време, две времиња и половина време“ (Откровение 12,14). Текстот од Откровение 12,6 додава: „А жената (црквата) побегна во пустина, каде што имаше приготвено место од Бога за да ја хранат таму илјада двесте и шеесет дена.“ Божјиот народ бил хранет во пустина. Неговата Реч ги зајакнувала и ги одржувала, додека големата борба беснеела во текот на тој долг и мрачен период на папската доминација.

Божјиот народ нашол „место подготвено“ за нив од Бога. Во најголемите животни предизвици Бог секогаш подготвува место за своите верни следбеници. Во моментите на своите најголеми неволји и искушенија, Божјиот народ наоѓал засолниште во Неговата љубов и грижа (видете: Псалм 46).

Изразите „1260 дена“ и „време, две времиња и половина време“ во Откровение 12,6.14 се однесуваат на ист период (3½ времиња или години х 360 дена/година = 1260 дена). Библиските пророштва честопати се пишувани во симболи. Во пророчките делови на Книгата на пророк Даниел и Откровението, еден пророчки ден одговара на една буквална година. Тој принцип „ден за година“ го наоѓаме во стиховите 4. Мојсеева 14,34 и Езекиел 4,6.

Сепак, принципот „ден за година“ не почива само на тие два стиха, туку и на еден поширок библиски темел. Д-р Вилијам Шеј (William Shea), хронолог и изучувач на Стариот завет, наведува 23 низи библиски докази за овој принцип, кои можат да се најдат низ целиот Стар завет.

Толкувачите на Библијата го користеле со векови.

Визиготите, Вандалите и Остроготите биле племиња чии верувања се разликувале од официјалните учења на Рим. Периодот од 1.260 дена започнал кога последното од овие варварски племиња, Остроготите, биле протерани од Рим во 538 година од новата ера. Тој период на духовна темнина продолжил сè до 1798 година, кога наполеоновиот генерал Бертие го отстранил папата од Рим. Безброј христијани умреле со маченичка смрт во текот на тој долг период, само затоа што биле послушни на Божјата реч. Но, дури и во моментот на смртта, тие биле победници. Во Христа биле слободни од вината и владеењето на гревот и победиле „со крвта на Јагнето“. Христовата победа над сатаната на крстот била нивна победа. Иако умреле, нивната смрт е само одмор до Христовото враќање.

**Како исполнетите библиски пророштва ја зајакнуваат вашата вера?**

## СВЕТЛИНАТА ЈА ОТСТРАНУВА ТЕМНИНАТА

**Прочитајте ги стиховите Јуда 1,3.4. Кое предупредување го наоѓаме тука и како тоа се однесувало на подоцнежната христијанска црква?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Посланието на Јуда било напишано непосредно пред 65 од н. е., а било упатено до верните христијани кои биле „возљубени во Бог Отецот и зачувани за Исус Христос“ (Јуда 1,1). Тие лојални верници биле охрабрувани да се борат „за праведната вера, која некогаш им била дадена на светиите. Затоа што влегоа некои безбожни луѓе, кои... ја претвораат благодатта на нашиот Бог во нечистотија“ (Јуда 1,3.4). Тој совет уште повеќе им значел на верниците во средниот век, откако паганските обичаи ја преплавиле црквата и човечките традиции го зазеле местото на Божјата реч. Во текот на многу векови, луѓе како што биле Валденжаните, застанале како херои во борбата за вистините на Светото писмо. Тие верувале дека Христос е нивниот единствен посредник и дека Библијата е единствениот извор на духовен авторитет. „Во сите векови имало Божји сведоци - луѓе кои имаа вера во Христа како единствен Посредник меѓу Бога и човекот, кои ја воздигнаа Библијата како единствено правило на животот и кои го чуваа вистинскиот ден за одмор“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 61 оригинал).

**Прочитајте го стихот Откровение 2,10. Какво ветување им дава Бог на оние кои му остануваат верни дури и под закана со смрт?**

______________________________________________________________________

Тие зборови биле упатени до црквата во Смирна. Еден од боговите заштитници на градот бил Дионис, богот на радоста и плодноста. Кога ќе умреле свештениците на Дионис, за време на погребната поворка им бил ставан венец на главата. Јован го споредува тој земен венец, ставен на главата по смртта, со венецот на животот ставен на главите на оние кои ќе бидат победници над силите на злото. Венецот на животот им се доделува на оние кои ќе претрпат искушенија, тешкотии, страдања, па дури и смрт заради Христа.

Венецот на животот ги вдахнува оние посветени верници да поднесат дури и смрт заради Христа. Венецот на животот секогаш ги мотивира верниците кога ќе се најдат во тешки околности. Тој ги вдахнувал Валденжаните во моментите на болка и прогонство. Тие знаеле дека еден ден ќе го видат Исуса и дека ќе живеат со Него засекогаш. Венецот на животот ни порачува и нам: Денес можеби поминуваме низ искушенија, но нѐ чека венец на животот, ако нашиот погледот е секогаш насочен кон Исуса.

**Што ве охрабрува во тешки времиња? Што ве плаши? На кои ветувања можете да се повикате во тие моменти?**

## ХРАБРОСТ ДА ЗАЗЕМЕШ СТАВ

**Споредете ги текстовите Дела 5,28-32; Ефесјаните 6,10-12 и Откровение 3,11. Кое основно начело го наоѓате во овие текстови?**

___________________________________________________________________

Некои од препознатливите особини на Валденжаните и на секој од реформаторите биле нивната целосна преданост на Бога, послушност кон авторитетот на Светото писмо и приврзаност кон Христовата врховна власт, а не кон папството. Нивниот ум бил целосно проникнат со новозаветните стории за верата и храброста.

Заедно со Петар и апостолите, тие можеле да кажат: „Повеќе треба да Му се покоруваме на Бога отколку на луѓето" (Дела 5,29). Тие се држеле до опомената на Павле: „Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ" (Ефесјаните 6,10). Тие сериозно го сфатиле Исусовиот совет: „Држи што имаш, за никој да не го земе венецот твој" (Откровение 3,11). Наместо да се потчинат на традициите на римската црква, овие цврсти мажи и жени на верата имале храброст да застанат во одбрана на вистините на Божјата реч.

Валденжаните се една од првите групи што дошле до Библија на сопствениот јазик. Трогателната приказна за нивното рачно препишување на Библијата, запишана од страна на Жан Леже, Валденжанец кој и самиот се занимавал со тој занает, содржи вредни информации за нивната работа, вклучително и цртежи. Валденжаните тајно го препишувале Светото писмо во своите планински заедници на северот на Италија и на југот на Франција. Родителите уште од рана возраст ги учеле младите да учат напамет големи делови од Светото писмо. Тимови препишувачи на Библијата работеле заедно на оваа макотрпна задача. Многу од овие млади Валденжани патувале низ Европа како трговци, тивко ширејќи ги вистините на Светото писмо. Некои се запишувале на универзитети и, кога ќе се укажела можност, ги споделувале деловите од Светото писмо со своите колеги студенти. Водени од Светиот Дух, во вистинскиот момент, кога ќе ја почувствувале приемчивоста на некој искрен трагач, подарувале одбрани делови од своите драгоцени библиски текстови. Многу од нив својата верност и посветеност ја платиле со својот живот. Иако не го разбирале јасно секое библиско учење, Валденжаните со векови ги чувале вистините на Божјата реч на тој начин што ги споделувале со другите.

„Патеката на праведните е како болскава светлина, која свети сè повеќе и повеќе, дури не настане ден" (Мудри изреки 4,18). Соломон ја споредува патеката по која Бог ги води своите деца со сонце кое се издигнува сè повисоко. Кога Бог едноставно би го притиснал вселенскиот прекинувач и кога сонцето одеднаш би блеснало во сиот свој сјај, тоа би нè заслепило. Бидејќи темнина со векови го обвивала овој свет, Бог правовремено подигал мажи и жени, верни на Неговата Реч, кои продолжувале да бараат сè поголема светлина.

**Како можеме и ние, одразувајќи ја Христовата светлина, да блескаме во нашата сопствена заедница? Дали го правиме тоа?**

## УТРИНСКАТА ЅВЕЗДА НА РЕФОРМАЦИЈАТА

**Прочитајте Псалм 19,7-11; Псалм 119,140; Псалм 119,162 и Еремија 15,16. Кои слични ставови ги имале Давид и Еремија во врска со Божјата реч, која навистина била камен-темелник на реформацијата?**

__________________________________________________________________

Секој од реформаторите „се восхитувал“ на Божјата реч. Со „радост“ ја извршувале Неговата волја. Тие го „сакале“ Неговиот закон. Една од најзначајните основни вистини на реформацијата била радоста што ја внесувало проучувањето на Светото писмо. Проучувањето на Библијата не била макотрпна задача. Тоа не била легалистичка практика. Не било ни строго барање, туку вистинско уживање.

И додека го проучувале Светото писмо, тие се преобразувале со силата на Светиот Дух. „Карактерот на Виклифа е доказ за воспитната и преродбенската сила на Светото писмо. Светото писмо направило од него таков човек. Настојувањето да се сфатат големите вистини на божественото откровение, на сите способности им дава свежина и сила. Тоа го развива умот, го изострува духот и му дава зрелост на расудувањето. Проучувањето на Светото писмо облагородува се која смисла, секое чувство и секој стремеж повеќе отколку кое и да е друго проучување. Тоа им дава цврстина на одлуките, трпение, храброст и духовна сила; тоа го облагородува карактерот и ја посветува душата. Сериозното и понизно проучување на Светото писмо го поврзува истражувачот со бесконечниот Ум. Таквото проучување на светот би му дало луѓе со посилен и со поактивен ум и со поблагородни начела од кога било што го дало најдоброто образование кое го овозможува човечката филозофија“ (*Големата борба,* стр. 94 оригинал).

**Прочитајте го текстот 2. Тимотеј 2,1-3. Каков совет му дал апостол Павле на Тимотеј во врска со објавувањето на Божјата реч?**

__________________________________________________________________

Вистината на Божјата реч и радоста на спасението во Христа ги исполниле срцата на реформаторите толку многу што морале да ги споделуваат со другите. Џон Виклиф го поминал својот живот во преведување на Божјата реч на англиски јазик само од две причини – живиот Христос го променил преку Речта, а Христовата љубов го мотивирала да го споделува со другите она што го научил.

Пред Виклиф, многу мал дел од Библијата постоел на англиски јазик. Иако тој умрел пред Рим да успее го фати, останувајќи цврст до крај, папството ги ископало неговите посмртни останки, ги спалило а неговата пепел ја фрлило во река. Но, како што водата ја расеала неговата пепел на сите страни, така и Божјата реч, водата на животот, се распространила надалеку и нашироко како резултат на неговата работа. Така Бог го употребил како „утринска ѕвезда на Реформацијата“.

## ОХРАБРЕНИ ОД НАДЕЖТА

**Прочитајте го текстот Евреите 2,14.15. Како верниците во средниот век ја искусиле реалноста на големата борба?**

________________________________________________________________

Што ги бодрело верните Валденжани за време на ужасните прогонства со кои се соочувале? Што им дало храброст на Хус и Јероним, на Тиндал, Латимер и на мачениците од Средниот век да се соочат со пламен и меч? Верата во Божјите ветувања. Тие верувале во Христовото ветување: „Зашто јас живеам, и вие ќе живеете“ (Јован 14,19). Откриле дека Неговата сила е доволна и за најголемите животни искушенија. Тие се радувале што можат да имаат учество во Христовите маки. А нивната верност била моќно сведоштво за овој свет.

Гледале зад она што е, кон она што ќе биде. Тие знаеле дека, благодарение на Христовото воскресение, смртта е поразен непријател. За тие храбри мажи и жени, оковите на смртта биле скршени. Цврсто се држеле за ветувањата на Божјата реч и од борбата излегле како победници.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 5,24; Јован 11,25.26 и 1. Јованово 5,11-13. Каква сигурност ви влеваат овие ветувања вам лично? Како тие ни помагаат во животните искушенија?**

________________________________________________________________

Јан Хус не потклекнал кога се соочил со затвор, неправда, па дури и со самата смрт. Со месеци лежел во затвор. Студените и влажните услови предизвикале кај него треска која речиси ќе му го одземела животот. Сепак, „Божјата благодат го крепела. Божјата милост го крепела и, во текот на тие неколку седмици на страдања што ѝ претходеле на конечната пресуда, неговата душа ја исполнувал небесен мир. 'Ова писмо го пишувам во затвор и во синџири', му пишувал на еден свој пријател, 'очекувајќи ја мојата утрешна смртна пресуда со целосна доверба дека Бог нема да ме остави и дека нема да дозволи да се откажам од неговата Реч или да ги признаам грешките што злобно ми се подметнати од лажните сведоци. Кога ќе се видиме во среќната вечност, ќе дознаете со каква милост ме удостоил Бог во моите страшни искушенија“ (Bonnechose, том 2, стр. 67). Во својата мрачна ќелија, Хус ја предвидел победата на вистинската вера“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 107, 108 оригинал).

Апостол Павле и нам ни упатува совет кој денес станува сè порелевантен: „Да го држиме непоколебливо исповедувањето на нашата надеж, зашто е верен Оној, кој ветил“ (Евреите 10,23). Како што Божјите ветувања го одржувале Неговиот народ во минатите векови, така нè одржуваат и нас денес.

**Што значи тоа да се изгуби сè за Христа? Впрочем, што навистина губите? (Видете: Марко 8,36) Што би можеле да научиме од Валденжаните и реформаторите, а би можело да нè одржи во последниот судир на земјата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Бог го расветлил умот на овие избрани луѓе, така што многу заблуди на Рим им станале јасни. Но тие не ја примиле сета светлина што требало да му се објави на светот. Преку овие свои слуги Бог го изведувал народот од мракот на римските заблуди, но внимателно, чекор по чекор, водејќи сметка за многубројните и сериозни пречки што уште требало да се пребродат. Како пладневниот сјај на сонцето што ги заслепува оние кои долго биле во темнина, така и нив би ги заслепило виделото кога би им било откриено наеднаш во целост. Затоа на овие водачи Бог им ја откривал вистината малку по малку, во онаа мера во која народот можел да ја прими. Во идните векови требало да дојдат други верни работници што ќе го водат народот понатаму на патот на реформата“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 103 оригинал).

„Во друго писмо, упатено на еден свештеник кој станал ученик на евангелието, Хус зборува со длабока понизност за своите слабости, обвинувајќи се себеси дека 'со задоволство носел богати облеки и дека често времето го трошел на безвредни работи'. Потоа го додава овој трогателен совет: 'Славата Божја, спасението на душите и работата нека бидат твоја главна грижа, а не поседот на црковните добра и имотот. Внимавај да не ја украсуваш својата куќа повеќе отколку својата душа; вложи најголем напор за својата духовна зграда. Биди благ и понизен со сиромасите и немој да ги трошиш своите добра на гозби. Ако не го поправиш својот живот и ако не се воздржиш од она што е излишно, се плашам дека ќе бидеш тешко казнет како јас, кој сум го правел тоа, заведен со навиката и збунет со горделивиот дух...“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 105, 106 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Каква е оваа „растечка светлина“? Зошто Бог постепено ја открива вистината? Како можат овие принципи да се применат на Божјата црква денес?**

**2. Каков однос постои помеѓу новооткриените вистини и оние што претходно ги разбрал Божјиот народ? Зошто новата светлина никогаш не смее да противречи на старата?**

**3. Каде и да живеете, вашата култура ќе ги застапува вредностите, идеите и моралните норми кои на некој начин ќе дојдат во судир со она што го учи Библијата. Кога ќе ги препознаете тие области на судир, што мислите, како вие лично, и сите ние како црква, би можеле да се справиме со тие предизвици? Како да останеме добри граѓани, а едновремено да не подлегнеме на оние изопачени вредности што ги застапува нашата култура?**

**4. Како писмото на Јан Хус влијае на вашиот начин на размислување денес? Што вам лично ви остава најсилен впечаток во тоа писмо?**

**Лекција 5**
**Од 27 април до 3 мај 2024**

# ВЕРА И ПОКРАЈ СИТЕ НЕПОВОЛНИ ИЗГЛЕДИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 119.162; Јован 16,13-15; 2. Петрово 1,20.21; Ефесјаните 2,8.9; Римјаните 3,23.24; Римјаните 6,15-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во срцето го запазив Твојот збор, за да не згрешам против Тебе“ (Псалм 119,11).**

Учесниците на протестантската реформација имале нешто што на луѓето од 21 век очајно им недостига, а тоа е смисла на животот. Во својата книга „Празно себство“ The Empty Self, познатиот американски психолог, Филип Кушман (Phillip Cushman), зборува за луѓето кои водат бесцелен живот. Нивните верувања се плитки. Од она што им е важно, малку е од вистинска важност и тие немаат ништо за што би вредело да се умре, а со самото тоа немаат ни ништо за кое би вредело да се живее.

Но мажите, жените и децата кои учествувале во протестантската реформација биле драстично поинакви. Имале трајна цел за која вредело да се живее. Она во што верувале им било важно и не биле подготвени да го доведат во прашање својот интегритет. Нивните основни верувања биле нераскинлив дел од самите нив. Да се откажат од тие верувања, значело да се откажат од сопствениот идентитет. Дури и кога се соочувале со смртта, имале внатрешен мир.

Во лекцијата за оваа седмица, врз основа на примери од периодот на реформацијата, ќе истражиме како учењата на Светото писмо, кои го менуваат животот, обезбедуваат основа за вистинска цел и вистинска смисла во животот. Разбирањето на овие вечни вистини ќе нè подготви за конечната криза во големата борба меѓу доброто и злото. Битката што ја воделе реформаторите сè уште не е завршена, а ние сме повикани да продолжиме таму каде што застанале тие. И ние исто така можеме да го откриеме Бога кој е доволно голем за секој предизвик со кој се соочуваме, Бог кој на нашиот живот му дава смисла и цел што ништо на овој свет не може тоа да ни го даде.

## САМО БОЖЈАТА РЕЧ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 119,103.104; Псалм 119,147 и Псалм 119,162. Каков бил ставот на Давид спрема Божјата реч? Како тоа влијаело на реформаторите, а како влијае на нашиот живот денес?**

---

Библијата била темел на верата на реформаторите и суштина на нивните учења. Тие разбрале дека имаат работа со „нераспадливото живо и вечно Божјо слово“ (1. Петрово 1,23). Длабоко го ценеле секој збор. Додека ги читале неговите страници, верувајќи во неговите ветувања, нивната вера се зајакнувала и нивната храброст се обновувала. „Така е и со сите други ветувања на Божјата реч. Преку нив, Тој (Бог) ни се обраќа нам лично, зборувајќи ни како да го слушаме Неговиот глас. Преку овие ветувања Христос ни ги нуди својата благодат и сила. Тие претставуваат лисја од тоа дрво, кое служи 'за исцелување на народите' (Откровение 22,2). Кога ги прифаќаме со вера и ги применуваме во животот, тие ни го калат карактерот, го вдахнуваат и го одржуваат нашиот живот. Ништо друго нема таква спасоносна исцелителна сила. Ништо друго не може да ни влее таква храброст и вера, која го исполнува човекот со животворна сила“ (Елена Вајт, *Здрав и среќен живот*, стр. 122 оригинал).

Светото писмо ни носи радост кога сме тажни, надеж кога сме обесхрабрени, светлина кога сме во темнина. Тоа ни дава насоки кога сме збунети, сигурност кога се колебаме, сила во нашата слабост и мудрост во нашето незнаење. Кога размислуваме за Божјата реч и со вера се потпираме на нејзините ветувања, Божјата животворна сила го зајакнува целото наше битие, физички, ментално, емоционално и духовно.

Реформаторите го исполнувале својот ум со зборовите на Светото писмо. Тие живееле во согласност со Речта, а многумина од нив умреле поради Речта. Тоа не биле некои опуштени, самозадоволни, невнимателни христијани со површен верски живот. Тие биле свесни дека без силата што извира од Божјата реч, нема да можат да се спротивстават на силите на злото што се настроени против нив.

Топла желба на Џон Виклиф била да ја преведе Библијата на англиски јазик за да може и обичниот човек да ја чита и разбере. А бидејќи тоа било незаконски, му било судено поради верата, бил прогласен за еретик и осуден на смрт. На неговото судење, Виклиф упатил сесрден повик.

„Што мислите, со кого се борите“, ги прашал најпосле, „зар со еден старец кој со едната нога веќе е в гроб? Не! Вие се борите против Вистината – со Вистината која е посилна од сите вас и која ќе ве победи!“ (Wylie, b. 2, ch. 13, цитирано во: Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 90 оригинал). Зборовите на Виклиф, изговорени на смртна постела, се исполниле кога светлината на Божјата вистина ја растерала темнината на средниот век.

**На кои сè начини зборовите на Светото писмо ви пружиле утеха во време на искушение?**

## ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БОЖЈАТА РЕЧ

**Прочитајте: 2. Коринќаните 4,1-6 и 2. Коринќаните 2,14. Што ни кажуваат овие текстови за довербата што ја имал Павле, и покрај предизвиците со кои се соочувал додека ги објавувал вистините на Божјата реч?**

______________________________________________________________________

Апостол Павле се соочувал со огромни тешкотии во својата работа ширејќи го евангелието. Сепак, тој бил убеден дека Божјата реч на крајот ќе триумфира, „зашто“, како што вели, „ние не можеме ништо против вистината, туку само за вистината“ (2. Коринќаните 13,8).

Реформаторите се соочувале со слични искушенија, но останале верни на Божјата реч. Еден од примерите на храброст во соочувањето со навидум непремостливи тешкотии бил Вилијам Тиндал. Најголемата желба на Тиндал била да ѝ даде на Англија точен, читлив превод на Библијата. Решил да ја преведе Библијата од оригиналните јазици и да исправи некои грешки во преводот што Виклиф го направил 200 години порано. На крајот и Тиндал бил уапсен и изведен пред суд. Многу примероци од Библијата на неговиот превод, кои биле отпечатени во Вормс, Германија, биле запленети и јавно запалени. Неговото судење било одржано во Белгија во 1536 година. Тој бил обвинет за ерес и осуден на спалување. Неговите џелати го задавиле додека го врзувале за клада, а потоа го запалиле неговото телото. Пред смртта, како што се кажува, тој извикал силно и со сиот глас: „Господи, отвори му ги очите на кралот на Англија!“ И Бог чудесно одговорил на молитвата на Тиндал.

Во рок од четири години по неговата смрт биле објавени четири преводи на Библијата на англиски јазик. Во 1611 година била отпечатена „Верзијата на кралот Џејмс“, која во голем дел се базирала на делото на Тиндал. Педесет и четворицата научници кои го довршиле тоа дело, во голема мера се потпирале на претходниот англиски превод на Тиндал. Според некои проценки, во Библијата на „Кралот Џејмс“ од 1611 година, 76 отсто од Стариот завет и 83 отсто од Новиот завет биле земени од Тиндаловиот превод. Во 2011 година, „Верзијата на кралот Џејмс“ ја прослави својата 400-годишнина достигнувајќи ја целта од милијарда печатени Библии. Преведена е на 2.454 јазици и влијаела врз десетици милиони луѓе насекаде на оваа планета. Жртвата на Вилијам Тиндал навистина се исплатела.

Колку и да биле околностите тешки и со големи предизвици, Тиндал и неговите истомисленици верувале дека Бог го води делото според Неговата волја. Животот на Тиндал извршил влијание за вечноста.

**Прочитајте ги текстовите Даниел 12,3 и Откровение 14,13. Како овие стихови можат на моќен начин да се применат на Тиндаловиот живот? А потоа размислете за својот живот и за вашето лично влијание врз другите. Какво охрабрување ви даваат овие текстови за можностите што ви се укажуваат да влијаете на животот на другите за вечност?**

## ПРОСВЕТЛЕН ОД ДУХОТ

Еден ден додека учел во универзитетската библиотека, Мартин Лутер доживеал пресвртница во својот живот. Тој открил примерок од Библијата на латински јазик. Пред тоа, тој не ни знаел дека постои таква книга. Одушевено читал глава по глава, стих по стих. Бил восхитен од јасноста и моќта на Божјата реч. Додека ги прегледувал нејзините страници, Светиот Дух го просветлил неговиот ум. Тој го чувствувал водството на Светиот Дух додека му се чинело дека вистините, кои дотогаш биле замаглени од традицијата, едноставно извираат од страниците на Светото писмо. Опишувајќи го своето прво искуство со Библијата, тој напишал: „О, кога Бог би ми дал да имам таква книга за себе!“

**Кои начела за толкување на Библијата можеме да ги преземеме од следните текстови**?

**Јован 14, 25.26** ____________________________________________

**Јован 16,13-15** ____________________________________________

**2. Петрово 1,20.21** ____________________________________________

Она што е толку моќно во тие стихови е уверувањето дека истиот Свети Дух, кој ги вдахнувал библиските писатели, и нас нè води го читаме Светото писмо. Тој е божествен толкувач на божествената вистина. За жал, многумина кои се изјаснуваат како христијани, денес го минимизираат натприродниот елемент во Библијата и го пренагласуваат човечкиот елемент. А сатаната, бидејќи веќе не може да ја крие Библијата од нас, го прави она следното најдобро што може: ја лишува од нејзиниот натприроден карактер, ја претвора во обично книжевно дело или уште полошо, во репресивно религиозно орудие за контрола на масите.

Реформаторите јасно увиделе дека Светиот Дух – а не свештениците, прелатите и папите – е непогрешлив толкувач на Светото писмо. Забележен е еден интересен разговор меѓу Џон Нокс, шкотскиот реформатор и Мери, кралицата на Шкотите. „Мери одговорила: 'Вие Библијата ја толкувате на еден начин', а тие (римокатоличките учители) на друг; кому да му верувам и кој може овде да биде судија?'

'Верувајте му на Бога кој јасно ни зборува во својата Реч' – одговорил реформаторот. 'Надвор од она што е напишано не треба да им верувате ниту на едните ниту на другите. Божјата реч се објаснува самата себеси; ако некаде се појави нешто што не е јасно, Светиот Дух, кој никогаш не си против речи самиот себеси, го објаснува тоа на друго место, така што сомневање постои само за оние кои тврдоглаво сакаат да останат во незнаење“ (David Laing, The Collected Works of John Knox, vol. 2, pp. 281. 284, цитирано во: Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 251 оригинал).

# САМО ХРИСТОС... САМО БЛАГОДАТТА

**Прочитајте ги следните текстови: Ефесјаните 2,8.9; Римјаните 3,23.24; Римјаните 6,23 и Римјаните 5,8-10. Што можеме да научиме од овие стихови во врска со планот на спасението?**

Бог ни го дава спасението како дар. Неговиот Свет Дух нѐ наведува да го прифатиме со вера она што Христос бесплатно ни го обезбедил со својата смрт на крстот на Голгота. Исус, возвишениот Син Божји, го положил Својот совршен живот за да ги искупи нашите гревови.

Божествената правда бара совршена послушност. Христовиот совршен живот го зазел местото на нашиот несовршен живот. Божествениот закон што сме го прекршиле, нѐ осудува на вечна смрт. Библијата е јасна во поглед на ова. Поради нашите грешни одлуки ние сме „изгубиле", не сме го оствариле Божјиот идеал за нашиот живот. Сме згрешиле. Препуштени сами на себе, ние не можеме да ги задоволиме праведните барања на светиот Бог. Како последица на тоа, заслужуваме вечна смрт. Но постои радосна вест. Апостол Павле нѐ уверува: „Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт, а подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ" (Римјаните 6,23). Тоа е незаслужен дар. Кога спасението би се добивало врз основа на дела, би можеле да ги заработиме. Меѓутоа, ако постои некоја вистина што недвосмислено избива од евангелието, тогаш тоа е вистината дека ние не сме во состојба спасението да го заработиме.

Мартин Лутер и другите реформатори откриле дека Христос и само Христос е извор на нивното спасение. Токму тогаш Лутер почнал да ја проповеда пораката за Христовата спасоносна благодат. Луѓето се собирале во толпи за да ги слушаат неговите сесрдни пораки кои го менуваат животот. Неговите зборови биле како голтка студена вода во неплодната пустина на нивниот живот. Народот бил окован од традициите на средновековната црква и им робувал на ритуали стари стотици години, кои не обезбедувале никаков духовен живот. Библиските пораки на Лутер ги допирале срцата и им го менувале животот на луѓето.

Додека го читал Новиот завет, Лутер бил одушевен од Божјата добрина. Тој бил восхитен од Божјата желба да го спаси целото човештво. Според популарното гледиште што ги застапувале тогашните црковни водачи, спасението било делумно човечко, а делумно Божјо дело. Меѓутоа, Лутер открил дека Христовата смрт на крстот е доволна за целото човештво.

„Со Христа се постапувало онака како што заслужуваме ние, за со нас да се постапува онака како што заслужува Тој. Тој бил осуден поради нашите гревови во кои немал удел, за ние да можеме да бидеме оправдани со неговата праведност во која немаме удел. Претрпел смрт што била наша, за ние да примиме живот што бил негов" (*Копнежот на вековите*, стр. 25 ориг.).

Колку моќно и прекрасно напишано резиме на евангелието – дека можеме да бидеме оправдани со праведноста „во која немаме удел". Какво ветување!

**Ако спасението е Божјо дело остварено преку Христа, каква улога имаат нашите добри дела во христијанскиот живот? Како можеме да ја потврдиме важноста на добрите дела во нашето искуство, а сепак да не ги земеме како темел на нашата надеж?**

## ПОСЛУШНОСТА Е ПЛОД НА ВЕРАТА

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 3,27-31; Римјаните 6,15-18 и Римјаните 8,1,2. Што нè учат овие текстови за спасението само врз основа на Христовата праведност?**

___

Нов ветер провеал низ христијанската црква во времето на Лутер. Десетици илјади луѓе биле поучени да го свртат погледот од себе и од својата грешност и, наместо тоа, да гледаат на Исуса. Несомнено е дека овие луѓе, гледајќи се себеси онакви какви што се, гледале само причина за обесхрабрување. Кој верник денес нема исто вакво искуство? Затоа треба, наместо на себе, да гледаме на Исуса.

Божјата благодат нè менува. Џон Весли еден ден присуствувал на состанокот на моравските браќа во Лондон. Тој седел восхитен додека го слушал читањето на воведот на Лутер во Посланието до Римјаните. За прв пат во својот живот, тој почнал да го разбира евангелието. Нешто се придвижило во него и почувствувал дека необично го привлекува овој Христос, кој го дал својот живот за него. Тогаш восхитено изјавил: „Осетив дека можам да се надевам на Христа и само на Христа за моето спасение. И добив уверување дека Тој ги зел моите гревови – дури и моите – и ме спасил од законот на гревот и смртта“ (John Whitehead, The Life of the Revelation John Wesley, M.A.; London: Stephen Couchman, 1793, стр. 331).

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Петрово 2,2; 2. Петрово 3,18, Колошаните 1,10 и Ефесјаните 4,18-24. Кои клучни вистини за христијанскиот живот ни ги откриваат овие текстови?**

___

Реформаторите систематски ја проучувале Речта за да откријат нови вистини. Незадоволни од „статусот кво“, како и од крутото религиозно искуство кое донесувало мал или никаков раст, тие постојано копнееле подобро да го запознаат Христа. Многу христијани во средниот век, кои верувале во Библијата, платиле исклучително висока цена за својата посветеност. Биле мачени, затворани, прогонувани и убивани. Имотите им биле одземани, куќите спалувани, земјата пљачкана, а нивните семејства прогонувани. Кога биле истерувани од сопствените домови, гледале кон градот „чиј градител и творец е Бог“ (Евреите 11,10). Кога биле мачени, ги благословувале своите мачители и додека чмаеле во мрачните влажни зандани, се повикувале на Божјите ветувања за подобро утре. Иако со телото биле во затвор, тие всушност биле слободни – слободни во Христа, слободни во вистините на Неговата реч, слободни во надежта во Неговото скорешно враќање.

**Ако гледате на самите себе, каква надеж воопшто можете да имате во спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ:

„Верните Божји слуги не работеле сами. Додека поглаварствата, властите и лошите духови под небото се здружиле против нив, Господ не го заборавил својот народ. Кога нивните очи би биле отворени, би можеле да видат исто толку јасни знаци на Божјето присуство и помош како што го видел тоа стариот пророк. Кога слугата на Елисеј му ја покажал на својот господар непријателската војска што ги опкружувала и спречувала секаква можност за бегство, пророкот му се обратил на Бога во молитва: 'Господе, отвори му ги очите да види... и тој виде, а тоа, целата гора полна со коњи и огнени коли' (2. Царевите 6,17). Небесните чети стоеле тука да го бранат Божјиот човек. Исто така ангелите бдееле над работниците во делото на реформацијата“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 208 оригинал).

„Кога непријателските сили се здружиле да ја оборат реформираната вера и кога се чинело дека илјадници мечеви се извлечени од корицитe за да ја уништат, Лутер пишувал: 'Сатаната збесни, безбожниот понтифекс направи заговор; ни се закануваат со војна. Советувајте го народот јуначки да се бори пред Божјиот престол со вера и со молитва, така што нашите непријатели, победени со Божјиот Дух, да бидат присилени на мир. Наша главна потреба, наша прва задача е молитвата; народот нека знае дека сега е изложен на острицата на мечот и на гневот на сатаната и затоа мора да се моли!'“ (D’Aubigne, b. 10, ch. 14, цитиран во: Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 209 ориг.).

Оправдувањето со вера, големата вистина што Лутер одново ја открил, претставува темел на евангелието. Ова е вистината на која почива нашата надеж за спасение. Неговата химна „Моќна тврдина“ (Најјака крепост, бр. 154, во македонската песнарка. заб на прев.) на впечатлив начин ја пренесува суштината на евангелието: „Да имавме доверба во сопствените сили, ќе пропаднеа стремежите наши, да не беше вистинскиот Човек на наша страна, Човекот што Бог го избра. Прашувате кој може да е тоа? Христос Исус, тоа е Тој, Господ Саваот е неговото име; Истиот од век во веков, и во битката Тој ќе победи со сигурност“ (*Seventh-day Adventist Hymnal;* Hagerstown, MD: Review and Herald Publishing Association, 1985, No. 506).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како можеме да ја објасниме рамнотежата меѓу благодатта и законот, меѓу верата и добрите дела?**

**2. Што мислите, зошто лесно може да се случи да му дозволиме на нашиот ум да се лизне во легализам? Како вие би го дефинирале легализмот? Зошто е тој толку штетен за нашата христијанска вера?**

**3. Дали постои некаква опасност ако поимот „спасение преку вера“ биде погрешно сфатен? Каде би можело да нè доведе тоа недоразбирање?**

**4. Што подразбираат луѓето кога го користат изразот „евтина благодат“? Дали благодатта е евтина?**

**Лекција 6**
**4 - 10 мај 2024**

# ДВАЈЦА СВЕДОЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 11,3-6; Захарија 4,14; Откровение 12,5.6.14.15; Даниел 7,25; Исаија 54,17; Псалм 119,89; Откровение 11,15-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тревата се суши, цветот овенува, но Словото на нашиот Бог останува довека“ (Исаија 40,8).**

Со векови Божјата реч била подложувана на сомнеж, сецирана и отфрлана. Била врзувана за окови во манастири, кинета на парчиња и спалувана на јавни плоштади. Оние што ѝ верувале биле исмејувани, изложувани на срам, затворани, па дури и брутално убивани. И покрај сето тоа, Божјата реч триумфирала.

Средновековната црква ги прогонувала верните христијани кои верувале во Библијата. Сепак, Божјата реч успеала да ја расветли темнината. Угнетувањето и прогонствата не го спречиле објавувањето на Божјата реч. Кога Вилијам Тиндал, преведувачот на Библијата на англиски јазик, бил изведен пред суд поради својата вера, го прашале кој најмногу му помогнал во ширењето на Божјата реч. Откако малку размислил, тој одговорил: „Бискупот од Дарем.“ Судиите биле шокирани.

Тиндал објаснил дека бискупот еднаш купил голема залиха Библии на неговиот превод на англиски и јавно ги запалил. Она за што во тоа време не бил свесен е дека со таа постапка во голема мера го помогнал делото на вистината. Имено, ги купил Библиите по многу повисока цена од вообичаената. Благодарение на таквото големо купување, Тиндал успеал да отпечати многу повеќе Библии отколку што биле изгорени. Така, иако претворена во прашина, вистината повторно била издигната за да заблеска во сиот свој сјај.

Оваа седмица ќе проучиме еден од најзлокобните напади врз Светото писмо и христијанската вера. За време на Француската револуција, крв течела по улиците на таа земја. На јавниот плоштад во Париз била поставена гилотина и илјадници луѓе биле погубени. Атеизмот станал официјална религија во Франција. Сепак, сведочењето на Божјата реч не можело да се замолчи.

## ДВАЈЦА СВЕДОЦИ

**Прочитајте го текстот Откровение 11,3-6. Наведете пет карактеристики врз основа на кои можат да се препознаат двајцата сведоци, а кои ги откриваме во овој текст.**

______________________________________________________________________

Во 4. глава од книгата на пророкот Захарија, се кажува како пророкот видел две маслинки од двете страни на златниот свеќник – истата слика што ја наоѓаме овде во 11. глава во Откровението. На Захарија му било кажано дека тоа ги претставува „двете маслинови дрвца и двата светилника што стојат пред Господарот на Земјата“ (Захарија 4,14). Маслиновите дрвца го обезбедуваат маслото за свеќникот за тој да продолжи да емитува светлина. Се потсетуваме на она што го напишал псалмистот: „Твоето слово е светилка на мојата нога и светлина на мојата патека“ (Псалм 119,105). Маслото го претставува Светиот Дух (Захарија 4,2.6). Во Јовановото видение во 11. глава на Откровението, прикажано е како Божјата реч се објавува во силата на Светиот Дух за да го просветли светот.

Тие двајца сведоци можат да пророкуваат и да спречат дождот да паѓа онолку долго колку што тие го предвидуваат тоа. Тие можат да ја претворат водата во крв и да ја погодат земјата со разни чуми. Според Божјата реч, Илија изјавил дека нема да врне дожд во Израел, и како одговор на неговата молитва, немало дожд три и пол години (видете Јаков 5,17). Подоцна повторно се молел на Бога и дождот повторно почнал да паѓа, откако лажните пророци на Вал не успеале да ја прекинат сушата (1. Царевите 17,18). Мојсеј, според Божјата реч, им донел секаков вид неволји на Египќаните, вклучително и претворање на водата во крв, бидејќи фараонот одбил да го пушти Божјиот народ на слобода (2. Мојсеева 7).

Оние кои сакаат да му наштетат на Светото писмо ќе бидат проголтани со оган од неговата уста. Бог вели: „Затоа што зборуваа така, Моите зборови во твојата уста, во оган ќе ги претворам а овој народ во дрво, за да го голтне огнот“ (Еремија 5,14). Божјата реч изрекува пресуда над сите што ја отфрлаат. Неговата реч е како оган во устата.

Во Јован 5,39, Исус изјавува дека списите од Стариот завет сведочат за Него. Исто така, Тој вели дека Евангелието ќе се објавува „за сведоштво“ на целиот свет (Матеј 24,14), а Новиот завет, заедно со Стариот, претставува основа на тоа сведоштво. Зборот од истиот корен (martis), што значи „сведок“, употребен во тие два стиха, се појавува во текстот Откровение 11,3.

Кои се тие двајца сведоци? Имајќи ги предвид библиските слики и обележја спомената во 11. глава на Откровението, можеме да заклучиме (иако не во догматски дух) дека тие двајца сведоци се всушност списите на Стариот и Новиот завет, кои на светот му ја пренесуваат Божјата светлина и вистина. **Многу христијани денес имаат тенденција да го потценуваат Стариот завет, да го означат како неважен и непотребен затоа што го имаме Новиот. Што е она што го прави толку погрешен ваквиот став?**

## ПРОРОЧКИ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ

**Споредете ги Откровение 11,3 и Откровение 12,5.6.14.15 со стихот Даниел 7,25. Кои сличности ги забележувате, кога станува збор за овие пророчки периоди?**

---

Двајца сведоци ќе пророкуваат „облечени во вреќи... илјада двесте и шеесет дена“ (Откровение 11,3). Тоа е истиот временски период како и четириесет и два месеца во кои „незнабошците“ (оние кои се противат на Божјата вистина) ќе го газат светиот град (Откровение 11,2). Божјите непријатели ја газеле Божјата вистина 1.260 дена (42 x 30 = 1.260, каде што ден симболизира година во апокалиптичното пророштво), а двајцата Божји сведоци, Стариот и Новиот завет, пророкувале против нив во истиот тој период.

Како што веќе видовме (погледнете ја 4-та лекција), во стихот Даниел 7,25 се вели дека силата на малиот рог, кој ќе се издигне по падот на Римското царство, ќе го прогонува Божјиот народ „за едно време и за две времиња и за половина време“. „Време“ претставува една година (360 дена). Според тоа, три и пол „времиња“ се 1.260 дена.

Во текстот Откровение 12,6.13, се зборува за 1.260 дена прогонство на Божјиот народ. А во стихот Откровение 12,14 се спомнуваат време, две времиња и половина време. А потоа, во стихот Откровение 13,5, се зборува за 42 месеца. Освен тоа, и 42 месеца и 1.260 дена се спомнуваат во текстот Откровение 11,2.3. Сите овие пророштва опишуваат различни аспекти на ист историски временски период.

Кога се занемарува авторитетот на Светото писмо, на негово место се издигнуваат други (човечки) авторитети. Ова често води до прогонства на оние кои ја поддржуваат Божјата реч, што се случило во времето на папската доминација, од 538 до 1798 година, кога средновековната црква паднала во длабока духовна темнина. Човечките заповеди ги замениле Божјите заповеди. Човечките преданија ја засениле едноставноста на евангелието. Римската црква се обединила со световната сила за да ја прошири својата власт над цела Европа.

Во текот на тие 1.260 години, Божјата реч – Неговите двајца сведоци – биле облечени во вреќиште. Нивните вистини биле скриени под огромните наслаги на традициите и ритуалите. Но тие двајца сведоци се уште пророкуваат. Библијата сѐ уште зборува. Дури и среде таа духовна темнина, Божјата реч е зачувана. Имало и такви кои многу ја ценеле и живееле според нејзините правила. Меѓутоа, во споредба со масите во Европа, тие биле малку на број. Валденжаните, Јан Хус, Јероним, Мартин Лутер, Улрих Цвингли, Џон Калвин, Џон и Чарлс Весли и мноштво други реформатори биле верни на Божјата реч до онаа мера до којашто ја разбирале.

**Кои од учењата што многу христијани ги држат денес се засноваат на традицијата, а не на Божјата реч?**

## ДВАЈЦА СВЕДОЦИ СЕ ПОГУБЕНИ

**Прочитајте го текстот Откровение 11,7-9. Имајќи предвид дека станува збор за симболичен јазик, што предвидуваат овие стихови дека ќе се случи со двајцата сведоци, Стариот и Новиот завет?**

До 538 од н. е., паганското Римско царство пропаднало. Римскиот цар Јустинијан му ја предал граѓанската, политичката и верската власт на папата Вигилиј. Со ова го започнал долгиот период на доминација на средновековната црква. Тоа продолжило сè до 1798 година. Францускиот генерал Бертие, по наредба на Наполеон, влегол марширајќи во Рим без никаков отпор на 10 февруари 1798 година. Папата Пиј VI бил заробен и одведен во Франција, каде што и умрел. Тој датум го означува пророчки најавениот крај на световното владеење на римската црква, кое траело 1.260 дена/години, како што е опишано во книгите на Даниел и Откровение (видете ја вчерашната лекција).

Каква моќна манифестација на вистинитоста на библиските пророштва! Даниел, пишувајќи повеќе од 500 години пред нашата ера, со извонредна точност ги предвидел настаните што се случиле 2300 години подоцна! Навистина можеме да веруваме во пророштвата дадени во Библијата.

Во меѓувреме, за време на сите овие настани, вистината на Евангелието опстанала во животот благодарение на сведочењето на Речта. Меѓутоа, уште поголеми предизвици ја загрозиле библиската вистина. Ѕверот што излегол од бездната (сатаната) завојувал против Светото писмо. Тој ги започнал новите напади врз авторитетот на Библијата преку Француската револуција, која започнала во 1789 година.

За време на Француската револуција владата официјално го воспоставила Култот на разумот како атеистичка религија поддржана од државата со намера да го замени христијанството. Фестивалот на разумот се одржал низ целата земја на 10 ноември 1793 година. Цркви низ Франција биле претворени во храмови на разумот, а една жена била устоличена како божица на разумот. Библиите биле спалувани на улиците. Официјално е објавено дека Бог не постои, и дека смртта е само бескраен сон. Сатаната дејствувал преку безбожни луѓе со намера да ги убие двајцата Божји сведоци. Нивните мртви тела биле оставени да лежат „на улицата на големиот град, кој духовно се наречува Содом и Египет, каде и нивниот Господ беше распнат“ (Откровение 11,8).

Египет бил многубожечка култура која го отфрлала вистинскиот Бог (видете 2. Мојсеева 5,2). Содом го симболизира сеопштиот неморал. За време на Француската револуција, двајцата Божји сведоци – Стариот и Новиот завет – лежеле мртви среде пустошењето на атеизмот и неморалот, бидејќи сите нормални стеги биле олабавени за време на револуцијата и крвопролевањето.

Во текстот Откровение 11,9, се вели дека телата на двајцата Божји сведоци ќе лежат незакопани „три и пол дена“, односно пророчки „денови“, кои претставуваат три и пол буквални години. Атеизмот го достигнал својот врв за време на Француската револуција, што траело околу три и пол години. Тој период се протегал од 26 ноември 1793 година, кога религијата била укината со декрет издаден во Париз, до 17 јуни 1797 година, кога француската влада ги повлекла своите рестриктивни верски закони.

## ДВАЈЦАТА СВЕДОЦИ ВОСКРЕСНУВААТ

**Прочитајте Откровение 11,11. Кои предвидувања се изнесуваат во тој текст во врска со Божјата реч?**

______________________________________________________________________

На крајот на Француската револуција, Божјата реч, во преносна смисла, повторно оживеала. Дошло до моќна преродба. Голем страв ги обзел оние кои виделе дека Божјата реч повторно станала Божја жива сила за спасение. Кон крајот на 18 век, Бог подигнал мажи и жени кои биле посветени на тоа да го однесат евангелието до сите краишта на земјата. Пораките на Библијата брзо се прошириле преку напорите на луѓето како Вилијам Кери, кој патувал во Индија и ја превел Библијата на десетици индиски дијалекти. Водени од силата на Библијата, мисионерите патувале низ целиот свет.

Не случајно што по Француската револуција биле преземени вакви глобални мисионерски потфати. Божјата реч е жива. Иако многумина помислиле дека е „мртва“, таа и понатаму пламтела во срцата на верниците и во полна мера воскреснала, како што најавувале пророштвата на Откровението. „Неверниот Волтер, фалејќи се, еднаш рекол: 'Уморен сум постојано да слушам дека христијанската религија ја основале дванаесет луѓе. Јас ќе докажам дека е доволно еден човек да ја урне.'“ Поминал еден и пол век од неговата смрт. Милиони му се придружиле во војната против Библијата, но не ја уништиле. Таму каде што во времето на Волтера имало сто примероци на Светото писмо, денеска има десет илјади, па и сто илјади. Еден реформатор кажал: 'Библијата е наковална на која се истрошиле многу чекани!'“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 288 оригинал).

**Прочитајте ги стиховите Псалм 119,89 и Псалм 111,7.8. Што ни кажуваат тие за Библијата, и за тоа зошто можеме да ѝ веруваме?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Божјата реч може да биде напаѓана или потисната, но никогаш нема да биде искоренета. Дури и многумина од оние што се претставуваат како христијани на различни начини го подриваат авторитетот на Библијата со тоа што доведуваат во прашање одредени нејзини делови или ги нагласуваат нејзините човечки елементи, а во исто време ѝ го одземаат божествениот печат, и така ја поткопуваат Божјата вистина.

Но ние никогаш, на кој било начин, не смееме да дозволиме да бидеме заведени од овие напади врз Божјата реч. Таа е жива и денес, му се обраќа на човечкото срце и им вдахнува нов живот на оние кои сакаат да ја слушаат и да ги следат нејзините учења.

**Кои пророштва посебно се обраќаат до вас лично и зошто?**

## ПОБЕДОНОСНА ВИСТИНА

И покрај нападите на непријателот, Божјото дело на земјата ќе ја достигне својата величествена кулминација. Евангелието ќе биде проповедано „на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6). Големата борба меѓу Христа и сатаната ќе заврши со тоа што Христос целосно ќе ги победи силите на пеколот. Божјето царство ќе триумфира над злото, а гревот засекогаш ќе биде искоренет од вселената. Единаесеттата глава од Откровението започнува со обидот на сатаната, преку Француската револуција, да го уништи христијанството и да ја искорени верата во Бога, а завршува со триумфот на Божјото царство над началствата и силите на злото. Тоа им дава охрабрување на сите кои минуваат низ огнени искушенија борејќи се за Христовото дело и за Неговата вистина.

**Прочитајте Откровение 11,15-18. Според овие стихови, кои настани ќе се одиграат на крајот на времето кога ќе се огласат седумте труби?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Царството на овој свет станало царство на нашиот Господ. Христос е победник. Злото е поразено. Исус победува, сатаната губи. Правдата триумфира. Вистината владее. Добро би било да ги послушаме следните зборови: „Сè што е изградено на човечки авторитет, ќе се урне; но што е втемелено на карпата, на непроменливата Божја реч, ќе остане вечно.“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 288 оригинал).

**Прочитајте го стихот Откровение 11,19. Што видел Јован на небото? Што се отворило пред него кога го вперил погледот кон небото?**

______________________________________________________________________

Пред Јовановиот поглед се отворил Божјиот храм на небото. Кога ѕирнал во Светињата над светињите, го видел ковчегот на заветот. Во старозаветното светилиште, кое било слика – тип, направено по примерот на големиот небесен оригинал, славното Божјо присуство се откривало меѓу двете ангелски фигури над поклопецот на ковчегот на заветот. Внатре во ковчегот се наоѓал Божјиот закон. Иако се спасуваме само со благодат преку верата, послушноста кон Божјиот закон открива дали нашата вера е вистинска. Божјиот закон е основа и мерило на судот (Јаков 2,12). Овој факт ќе стане особено важен и релевантен на крајот на времето (видете Откровение 12,17; Откровение 14,12).

**Што ни кажува впечатливиот контраст помеѓу безбожноста на Француската револуција и величествената кулминација прикажана во текстот Откровение 11?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога Светото писмо било забрането од страна на граѓанските и религиозните власти; кога неговите сведоштва биле изопачувани и кога луѓето и демоните се здружиле да ги одвојат човечките срца од Библијата; кога оние што се осмелиле да ги проповедаат нејзините свети вистини биле гонети, предавани, малтретирани и закопувани во мрачни затворски ќелии, измачувани поради верата или присилувани да бегаат во засолништа по горите, по клисури те и пештерите – тогаш двајцата верни сведоци пророкувале облечени во вреќи. Тие сепак ја вршеле својата служба во текот на целиот временски отсек од 1260 години. Во најмрачниот период имало верни сведоци кои ја љубеле Божјата реч и ревнувале за Божјата слава. Овие верни слуги примиле мудрост, сила и власт да ја објавуваат Божјата вистина во текот на целиот тој временски отсек“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 267, 268 оригинал).

„Кога Франција јавно се откажала од Бога и ја отфрлила Библијата, безбожниците и духовите на темнината се радувале што најпосле ја постигнале толку сакананата цел – да ја видат земјата ослободена од ограничувањата на Божјиот закон... Божјиот Дух, кој ја зауздува свирепата сатанска сила, во голема мера се повлекол, и оној што ужива во страдањата на луѓето можел да работи по своја волја. Оние што избрале патека на бунт, набргу ги жнееле нејзините плодови, додека земјата се наполнила со злосторства премногу страшни за перото да може да ги опише. Од опустените покраини и разурнати градови се слушнал страшен крик – крик на очај. Франција се затетеравила како да ја потресол силен земјотрес. Верата, законот, општествениот поредок, семејството, црквата и државата – сето тоа е урнато со безбожната рака што се подигнала против Божјиот закон“ (*Големата борба,* стр. 286 оригинал).

„Штом црквата ќе престане да живее во виделото, штом ќе занемари да прифати секој зрак на светлината и да исполни секоја должност, религијата неизбежно се сведува на формализам и духот на вистинската побожност исчезнува“ (*Големата борба*, стр. 316 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Како се откриле принципите на големата борба за време на Француската револуција?**
2. **Тврдејќи дека Бог не постои, некој напишал дека „сме слободни да ги оствaруваме сопствените цели и да ги преминуваме сите интелектуални граници не гледајќи на знаците на предупредување“. Зошто изразот „не гледајќи на знаците на предупредување“ открива толку многу за причините зошто многумина го отфрлаат Бога? Како таквите идеи ни помагаат да објасниме нешто од она што се случувало за време на Француската револуција?**
3. **Какво е значењето на Јовановата визија за светилиштето со оглед на неговата поврзаност со завршните настани?**

**Лекција 7**
**11 - 17 мај 2024**

# МОТИВИРАНИ ОД НАДЕЖТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Солуњаните 4,13-18; Матеј 24,27.30.31; 2. Петрово 1,19-21; Даниел 8,14; Даниел 9,20-27; Езра 7,7-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ќе се рече во оној ден: 'Ете, Овој е нашиот Бог, во Него се надеваме, Тој нè спаси; Тој е Господ во Кого се надевавме! Да Му воскликнуваме и да се веселиме на Неговото спасение'“ (Исаија 25,9).**

Второто Христово доаѓање е една од централните теми на Светото писмо. Тоа е златна нишка што се провлекува низ светите страници на Библијата. Еден научник проценил дека во Стариот Завет има 1.845 референци за второто Христово доаѓање. Во 260. глави од Новиот завет, Христовото враќање се споменува повеќе од 300 пати – во еден од секои 25 стихови. Од 27 новозаветни книги, 23 се однесуваат на тој голем настан.

Бидејќи реформацијата во Европа пропаднала и била попречена од поделби и судири, протестантизмот пуштил корења во Новиот свет, вклучително и во Соединетите Држави, каде што многумина настојувале да ја подигнат наметката на вистината, што се однесувало и на вистината за Второто доаѓање.

Меѓу нив бил и еден баптистички земјоделец по име Вилијам Милер. Врз основа на неговото проучување на Библијата, тој поверувал дека Исус ќе дојде скоро, дури и за време на неговиот живот, а потоа почнал јавно да ја проповеда оваа порака. Основал движење кое, и покрај тоа што се соочило со големото разочарување, на многу луѓе им ги разоткрило библиските вистини кои се релевантни и до ден-денес.

Во лекцијата за оваа седмица ќе проучуваме зошто вистината за второто Христово доаѓање со векови ги исполнувала срцата на верниците со радост и како можеме да се подготвиме за тој голем настан.

## ВЕТУВАЊЕТО ЗА НЕГОВОТО ВРАЌАЊЕ

Многу реформатори и поклоници кои ја напуштиле Холандија за да отидат во Новиот свет, копнееле за Исусовото доаѓањето. За нив второто Христово доаѓање бил радосен настан што со нетрпение го очекувале. Џон Виклиф се радувал на Христовото доаѓање како голема надеж на црквата. Калвин зборувал во име на сите реформатори кога зборувал за славното Христово враќање како „најнадежно од сите настани". За верните мажи и жени Божји, второто Христово доаѓање било нешто што човек требало да го прифати со цело срце, а не нешто од што требало да се плаши.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 14,1-3; 1. Солуњаните 4,13-18 и Тит 2,11-14. Зошто овие библиски пасуси со векови им давале на христијаните толку многу надеж?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Лесно може да се разбере зошто верата во второто Христово доаѓање им носела таква надеж и радост на христијаните што верувале во Библијата. Тој настан укажува на конечен крај на болестите, страдањата и смртта. Тој ја воведува идејата за исчезнување на сиромаштијата, неправдите и угнетувањата. Го предвидува крајот на судирите, борбите и војните. Тој најавува иден свет на мир, среќа и трајно заедништво со Христа и откупените од сите векови, кој ќе трае засекогаш.

„Христовото доаѓање во сите векови било блажена надеж за неговите верни ученици. Ветувањето што го дал Спасителот при разделбата на Маслинската гора дека пак ќе дојде, на учениците им ја расветлувало иднината, нивните срца ги исполнувало со радост и надеж што никаква жалост не можела да ги потисне ниту прогонство да ги затемни. Среде страдањата и прогонствата, 'појавувањето на славата на великиот Бог, нашиот Спасител, Исус Христос', била 'блажена надеж'. Кога солуњаните ја оплакувале загубата на своите мили, кои се надевале дека ќе останат живи до Христовото враќање, апостол Павле ги тешел зборувајќи им за воскресението што ќе се случи при Христовото доаѓање. Тогаш ќе воскреснат мртвите во Христа и заедно со живите ќе бидат земени во пресрет на Христа на небото. 'Така', рекол Павле, 'утешувајте се еден со друг со овие зборови' (1. Солуњаните 4,16-18)" (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 302 оригинал).

**Зошто Второто доаѓање е толку важно за нашата вера? Особено кога знаеме дека мртвите спијат (видете ја 10. лекција), зошто ова учење поприма толку голема важност? Зошто без него би биле, како што вели Павле, во целосно безнадежна ситуација (видете 1. Коринќаните 15,15-18)?**

## ОЧЕКУВАЊЕТО НА ТОА ВРЕМЕ

Иако реформаторите верувале во буквално, видливо, чујно и славно Христово враќање, разбирањето на таа библиска вистина постепено се менувало. Популарните проповедници од 19 век учеле дека Христос ќе дојде да го воспостави своето царство на земјата и да донесе 1000 години мир. Ова довело до духовна замреност и прилично рамнодушен однос кон духовните вредности.

Слично на тоа, и Христовите ученици погрешно ја разбрале природата на доаѓањето на Месија. Тие мислеле дека ќе дојде како војсководач-освојувач кој ќе го скрши римскиот јарем, а не како Оној кој ќе ги ослободи од проклетството и од оковите на гревот. Затоа не го разбрале начинот на Неговото доаѓање.

**Прочитајте ги стиховите Дела 1,9-11; Откровение 1,7 и Матеј 24,27.30.31. Што нè учат овие стихови за начинот на кој ќе се врати нашиот Господ?**

___

Кога Христос дошол прв пат, како бебе во витлеемските јасли, малкумина го забележале Неговото доаѓање. Но, кога ќе дојде по втор пат, „секое око“ ќе го види како доаѓа. Секое уво ќе ја слушне трубата која го најавува Неговото враќање. Секое човечко суштество на земјата ќе ја набљудува Неговата слава. Но ние не мора да бидеме измамени. Светото писмо сосем јасно ги прикажува настаните кои се во непосредна врска со Неговото враќање.

„Една од најсвечените и најславни вистини во Библијата е вистината за второто доаѓање на Спасителот кој ќе дојде да го доврши големото дело на откупувањето. Ветувањето за доаѓањето на Оној кој е 'воскресение и живот', кој 'заточените пак ќе ги врати дома', на Божјиот народ, кој мора толку долго да патува низ 'до лината на смртната сенка', му дава славна и блажена надеж. Науката за второто Христово доаѓање е главна наука на Светото писмо. Почнувајќи од денот кога нашите први родители со жално срце го напуштиле Едем, децата на верата го чекале доаѓањето на Ветениот кој ќе ја скрши силата на непријателот и пак ќе ги врати во загубениот рај“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 299 оригинал).

Еден од водачите на раниот адвентизам, Лутер Ворен, на младите им велел: „Единствениот начин да бидете подготвени за Христовото доаѓање е да се подготвувате и да останете подготвени.“ Пораката за скорешното Христово враќање е итен повик до секој од нас да го преиспита своето срце и да го процени својот духовен живот. Тоа е повик за побожно живеење. Нема да има никаква неутралност во блескавата светлина на славата на Христовото враќање.

**Прочитајте 1. Солуњаните 5,2-5 и Евреите 9,28. Какво охрабрување ни даваат овие стихови во врска со начинот на Христовото доаѓање?**

## ВИЛИЈАМ МИЛЕР И БИБЛИЈАТА

Токму како што ги употребил реформаторите повторно да ја откријат вистината за оправдувањето само со вера во Христа, така Бог го употребил и Вилијам Милер за повторно да ја открие вистината за начинот на второто Христово доаѓање. Проучувајќи го Светото писмо, Милер го пронашол Христа кој го сака повеќе отколку што можел и да замисли. Со Библијата, тетратка и молив во рака, тој почнал да чита од 1. Мојсеева и напредувал, не побрзо отколку што успевал да го разбере секој пасус што бил пред него. Споредувајќи стих со стих, тој ѝ дозволил na Библијата да се толкува самата себе.

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 28,9.10; Мудри изреки 8,8.9; Јован 16,13 и 2. Петрово 1,19-21. Кои принципи на толкување на Библијата ги откривате во овие стихови?**

______________________________________________________________________

Додека Вилијам Милер споредувал стих со стих, пред него се отворале тајните на Библијата. Трагал по вистината како што некој бара скриено богатство и бил богато награден. Светиот Дух ја отворал Божјата реч за неговото разбирање. Тој им пристапувал на библиските пророштва со истото длабоко внимание со кое ги проучувал и останатите нејзини текстови.

**Прочитајте ги следните стихови: Даниел 1,17; Даниел 2,45; 1. Петрово 1,10.11 и Откровение 1,1-3. Што нѐ учат овие стихови, кога станува збор за разбирањето на библиските пророштва?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Симболите во пророчките книги на Библијата не се заклучени за да не можат да се разберат. Бог, кој е полн со љубов, ни ја дал својата пророчка реч за да нѐ подготви за големите настани што наскоро ќе се одиграат на овој свет. Вилијам Милер јасно разбрал дека пророштвата се толкуваат самите себе. Пророчките симболи ги разјаснува самата Библија. Ѕверовите претставуваат цареви и царства (Даниел 7,17. 23). Ветерот претставува уништување (Еремија 49,36). Водата ги претставува племињата и народите (Откровение 17,15). Жената ја претставува црквата (Еремија 6,2; Ефесјаните 5, 22-32). Временските пророштва од книгата на пророк Даниел и Откровението се исто така напишани на симболичен јазик, при што еден пророчки ден претставува една буквална година (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6). Кога ги применил овие принципи на толкувањето на Библијата, Вилијам Милер бил восхитен од она што го открил во врска со времето на Христовото враќање.

**Зошто правилното разбирање на пророчкиот симболизам е толку важно за нашата вера?**

# ПЕРИОДОТ ОД 2300 ДЕНОВИ ОД ТЕКСТОТ ДАНИЕЛ 8,14

Вилијам Милер забележал дека настаните што ги објавувале пророците се исполнувале многу прецизно: 400-годишниот престој на потомците на Аврам во Египет, 40-те години талкање на израелскиот народ, 70-годишното израелско ропство и 70-те седмици од Даниел доделени на Израел (1. Мојсеева 15,13; 4. Мојсеева 14,34; Еремија 25,11 и Даниел 9,24).

**Прочитајте ги следните стихови: Марко 1,15; Галатјаните 4,4 и Римјаните 5,6. Што ни кажуваат тие за Божјиот временски распоред, кога станува збор за првото доаѓање?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Додека ги проучувал пророштвата, споредувајќи стих со стих, Милер заклучил дека ако Бог има одреден временски распоред низ целата Библија, тогаш тој мора да има и одредено време кога станува збор за второто Господово доаѓање.

**Прочитајте го стихот Даниел 8,14. Кој настан требало да се одигра на крајот од 2300 денови?**

____________________________________________________________

Вилијам Милер го прифатил популарното гледиште дека „чистењето на светилиштето“ претставува чистење на земјата со оган. Тој внимателно и трудољубиво го проучувал Светото писмо за да го разбере овој настан од толку огромно значење. Ја открил поврзаноста меѓу 8. и 9. глава од Книгата на пророкот Даниел. Во 8. глава на ангелот му било наложено: „Објасни му го тоа видение!“ (Даниел 8,16) До крајот на таа глава, единствениот дел од визијата што останал необјаснет (видете Даниел 8,27) е делот за 2300 денови. Подоцна ангелот се вратил кај Даниел и му рекол: „Сега излегов за да те научам да разбираш“ (Даниел 9,22; видете и Даниел 9,23.25-27). Тоа требало да му помогне да го разбере делот од 2300 денови.

Знаеме дека тоа е така, бидејќи првите следни зборови на ангелот, откако му порачал на Даниел: „ Внимавај добро на словото, разбери го видението“ (Даниел 9,23), биле: „Седумдесет седмици им се одредени на твојот народ и на Твојот Свет град“ (Даниел 9,24). Зборот преведен со „одредени“ буквално значи „отсечени“. Седумдесет седмици, 490 години се отсечени. Но, од што? Од визијата за 2300 денови, очигледно – што бил единствениот дел од 8. глава што Даниел не го разбрал, и кој сега ангелот дошол да му го објасни.

А бидејќи појдовната точка за 70. седмици била „од мигот кога ќе излезе словото: 'Нека се вратат и нека го изградат пак Ерусалим'“ (Даниел 9,25), на Милер му станало јасно дека, ако го најде тој датум, ќе може да го одреди почетокот за пресметувањето на 70. седмици и пророштвото за 2300 денови.

## НАЈДОЛГИОТ ПРОРОЧКИ ВРЕМЕНСКИ СИНЦИР

**Прочитајте го текстот Езра 7,7-13. Кога бил издаден тој декрет да им се дозволи на израелските доселеници во Персија да одат и да го обноват својот град и храм?**

__________________________________________________________________

Тој декрет го издал Артаксеркс, персискиот цар, во 457 пр. н. е. Тоа бил трет од декретите со кој им се дозволува на Евреите да се вратат за да го обноват Ерусалим и повторно да ги воспостават храмските служби. Тој трет декрет бил најцелосен и го означил почетокот на пророштвото за 2300 денови/година.

**Прочитајте го текстот Даниел 9,25-26. Кога требало да започне целиот тој пророчки период? Кои големи настани ги предвиделе овие стихови?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Во тоа извонредно пророштво, Даниел предвидел дека „Од мигот кога ќе излезе словото: 'Нека се вратат и нека го изградат пак Ерусалим'" до доаѓањето на Месија, ќе поминат 69 пророчки седмици, или 483 пророчки денови, односно 483 буквално години. Откако тој декрет бил донесен во есента 457 пр. н.е., 483 години се протегаат до есента 27 од н. е. Зборот „Помазаник" значи „Месија". Во 27. година од н.е., Христос се крстил и го примил помазанието со Духот (Дела 10,38). По неговото крштевање, Исус отишол „во Галилеја проповедајќи го Божјото Евангелие. И зборуваше: 'Времето се исполни'" (Марко 1,14.15).

Во пролетта 31. година од нашата ера, во средината на последната пророчка седмица, три и пол години по неговото крштевање, Исус бил распнат. Системот на принесување жртви, кој се однесувал на Божјото Јагне, завршил со Христовата жртва на Голгота. Типот се сретнал со антитипот и конечно престанале да важат сите жртви и приноси на церемонијалниот систем.

**Прочитајте го стихот Даниел 9,27. Како се завршило пророштвото за седумдесет седмици?**

__________________________________________________________________

Седумдесетте седмици, односно 490 години, посебно доделени на Евреите, завршиле во 34 од н.е. кога Синедрионот ја отфрлил евангелската порака (Дела 6,8-7,60).

Кога ќе ги одземеме тие 490 од 2300 години, ни остануваат 1.810 години до завршување на пророштвото. Тоа нè доведува до 1844 година. Вилијам Милер и раните адвентисти верувале дека светилиштето во стихот Даниел 8,14 ја претставува земјата и претпоставувале дека Христос ќе дојде да ја очисти земјата со оган во 1844 година. (Видете ја табелата од делот за петок.)

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Разгледајте ја следната табела во врска со пророштвата за 70-те седмици и 2300 денови. Тие пророштва започнуваат во 457 година пр. н.е. и ги најавуваат настаните поврзани со „Кнезот Помазаник“, врз кој се темели пророштвото за 70 седмици. Поаѓајќи од тој цврст темел, пророштвото за 2300 денови завршува во 1844 година.

Пророштвото за 2300 денови од стихот Даниел 8,14




„Како и првите ученици, Вилијам Милер и неговите другари не го сфатија потполно значењето на веста што ја објавуваа. Заблудите што долго беа вкоренети во црквата ги спречуваа исправно да толкуваат една важна точка од пророштвото. Затоа, иако ја проповедаа веста што им ја довери Бог, сепак, доживеаја разочарување поради тоа што погрешно ја сфатија неговата смисла“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 351, 352 ориг.).

„Бог сепак ја оствари својата добра намера, постигнувајќи на овој начин да биде дадена опомена за судот. Настапи големиот ден и народот, по Божје провидение, беше искушан во врска со определеното време за да му открие што се наоѓа во неговото срце. Веста беше одредена да се испита и да се исчисти црквата. Учениците требаше да дознаат дали нивното срце се стреми кон светот или кон Христа и небото. Признаа дека го љубат Господа, а сега требаше и да ја докажат својата љубов. Дали беа готови да се откажат од своите световни надежи и честољубиви планови и со радост да го поздрават доаѓањето на својот Господ? Веста требаше да им овозможи да ја запознаат својата вистинска духовна состојба. Таа е пратена со милост да ги разбуди и да ги поттикне да го бараат Господа со покајание и понизност“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 353 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кои поуки можеме да ги извлечеме од искуството на Вилијам Милер? Дали Бог понекогаш се спротивставува на нашите погрешни сфаќања?**

**2. Зошто разбирањето на текстот Даниел 9,24-27 е толку важно за утврдување на внатрешната целокупност на Библијата и на Христовото божество?**

**3. Каква улога игра разбирањето на пророштвото во планот на спасението? Зошто пророштвата се толку важни во Божјиот план?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 8**
**18 - 24 мај 2024**

# СВЕТЛИНА ОД СВЕТИЛИШТЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 25, 8.9.40; Евреите 8,1-6; 3. Мојсеева 16,21.29-34; 3. Мојсеева 23,26-32; Евреите 9,23-28; Даниел 7,9.10; Матеј 25,1-13; Откровение 11,19.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во ова што е кажано главно е: имаме таков Првосвештеник, кој седна оддесно на престолот на Величеството во небесата како служител на Светилиштето и на вистинскиот Шатор, што го подигна Господ, а не човек“ (Евреите 8,1.2).**

Набргу по разочарувањето на 22 октомври 1844 година, некои од Милеритите, откако се молеле и проучувале, ја увиделе својата грешка. Пророштвото за 2300 денови не се однесувало на второто Христово доаѓање, како што до тогаш мислеле, туку на Христовото дело во небесното светилиште, толку силно доловено во Посланието до Евреите.

Чистењето на светилиштето на небото било исполнување на она на што укажувало чистењето на земното светилиште, како што учи 3. Мојсеева. За подобро да ја разберете оваа важна вистина, погледнете ги паралелите меѓу 7. и 8. глава во книгата на пророк Даниел:

| ДАНИЕЛ 7 | ДАНИЕЛ 8 |
|---|---|
| Вавилон | ------ |
| Медо-Персија | Медо-Персија |
| Царството на Александар Македонски | Царството на Александар Македонски |
| Рим | Рим |
| *Суд на небото* | *Чистење на светилиштето* |

Овие паралели помагаат да се открие вистинската природа на чистењето на светилиштето, а тоа е всушност големиот предадвентен истражен суд. Во лекцијата за оваа седмица ќе ја проучиме животно важната библиска вистина за Христовата служба во небесното светилиште.

## НЕБЕСНОТО СВЕТИЛИШТЕ

**Прочитајте ги текстовите 2. Мојсеева 25,8.9.40 и Евреите 8,1-6. Кои две светилишта се наведени во овие стихови?**

______________________________________________________________________

Внимателно проучувајќи го Светото писмо во месеците по 1844 година, првите верници адвентисти согледале дека во Библијата се споменуваат две светилишта – едното е она што го изградил Мојсеј, а другото е големиот оригинал на небото. Во Библијата изразот „светилиште" се однесува прво на скинијата (шаторот) што ја изградил Мојсеј, како образец или „тип" на небесната реалност, и второ, на „правата скинија" на небото, на којашто укажувало земното светилиште. Службата заснована на симболи (тип) го изгубила своето значење кога Христос умрел. Значи, „правата скинија" на небото е светилиштето на новиот завет. А бидејќи пророштвото од Даниел 8,14 се исполнува во оваа ера, светилиштето на кое се однесува мора да биде светилиштето на новиот завет.

„На крајот од пророчките 2300 дни, односно во 1844 година, веќе многу векови на земјата немало никакво Светилиште. Според тоа, пророштвото 'Уште две илјади и триста вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе се очисти', без сомнение се однесува на Светилиштето на небото" (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 417 оригинал).

Светилиштето во пустината било макета или образец на небесното светилиште. Службите во земното светилиште го навестувале Божјиот план на спасение. Секоја принесена жртва ја претставувала Исусовата жртва на крстот на Голгота (видете Јован 1,29). Благодарение на Христовата жртва, ние сме ослободени од осудата за гревот. Сме добиле проштавање. Нашата вина исчезнува кога ќе ги признаеме своите гревови и ќе ја прифатиме Исусовата жртва во наша полза (1. Јованово 1,9). Но Исус не е само Јагне кое умрело за нас, туку и свештеник кој живее заради нас.

Стихот Евреите 7,25 објаснува: „Затоа и може наполно да ги спасува оние, кои преку Него доаѓаат при Бога, зашто секогаш живее, за да посредува за нив." Тој ја отстранува вината за гревот и нѐ спасува од силата на гревот (Римјаните 8,1-4; 2. Коринќаните 5,21). Исусовата служба во небесното светилиште се одвива во наша полза. Како резултат на Неговото посредување, стисокот на гревот над нашиот живот е обессилен. Ние веќе не сме робови на нашата грешна природа. Во Христа сме слободни – слободни од осудата и од власта на гревот. Сѐ додека со вера се држиме за Христа, ја имаме сигурноста на спасението.

**Што значи за вас тоа што знаете дека Исус сега е на небото и дека служи во ваша полза, односно дека Тој таму посредува за вас? Зошто ви треба некој да посредува во ваша полза? Зошто оваа вистина претставува добра вест?**

## ВО СВЕТИЊАТА НАД СВЕТИЊИТЕ

**Прочитајте: 3. Мојсеева 16,21.29-34; 3. Мојсеева 23,26-32 и Евреите 9,23-28. Зошто Денот на помирувањето бил толку важен во древниот Израел?**

______________________________________________________________________

Свештениците ја извршувале службата секој ден во текот на годината, но на Денот на помирувањето, кој на еврејски се нарекува Јом Кипур, очите на целиот Израел биле вперени кон светилиштето. Текстовите 3. Мојсеева 16 и 23 даваат изречни упатства во врска со Денот на помирувањето. Сите вообичаени активности престанувале. Сите постеле. Кога првосвештеникот влегувал во Светињата над светињите – во Божјото присуство заради нив, народот го преиспитувал своето срце. Го барале Бога со понизност и со искрено признавање на гревот.

Секој што не би ја „смирил (во други преводи *мачел*; заб. на прев.) својата душа“ на Денот на помирувањето, би бил „отсечен“ и повеќе не би му припаѓал на избраниот народ (3. Мојсеева 23,27.29). На денот на помирувањето, првосвештеникот ја внесувал крвта од јарецот за Господа во светилиштето и, откако ја попрскувал над престолот на милоста, ги мачкал со крвта роговите на златниот олтар и олтарот од бронза, чистејќи го целосно целото светилиште. Кога би го „довршил помирувањето“, првосвештеникот ги положувал рацете врз живиот јарец и ги исповедал гревовите на Израел. Тогаш јарецот би бил одведен во пустината, за да биде засекогаш одвоен од нивниот логор (3. Мојсеева 16,20-22).

Крвта се пренесувала во светилиштето за време на секојдневните служби, а со тоа е претставено бележењето на гревот (Еремија 17,1) и Божјото преземање на одговорноста за негово конечно отстранување. А потоа, на Денот на помирување, гревот бил изнесуван од светилиштето и ставан над главата на жртвеното јагне, Азазел, кој го претставувал сатаната, со што се откривало дека тој ја сноси крајната одговорност за проблемот со гревот.

Јарецот го носеле далеку во пустината, така што, при крајот на Денот на помирувањето, Бог имал чисто светилиште и чист народ. Во небесното светилиште, Христос посредува за нас. Отпрвин ја извршувал службата во Светињата, а сега, од 1844 година, по завршувањето на 2300 денови, во Светињата над светињите.

Ние на тој суд ќе поминеме добро благодарение на Исуса, нашата Замена, бидејќи, како што рекла и Елена Вајт, ние сме „оправдани со Неговата праведност, во која ние немаме удел“ (*Копнежот на вековите,* стр. 25 ориг.). Поради таа праведност – што ни се припишува (засметува) нам – ги измачуваме нашите души, што подразбира оттргнување од гревот. Тоа значи дека не се однесуваме небрежно кон злото, не ги оправдуваме и не се држиме за нашите омилени гревови, туку растеме во благодатта и живееме свет живот.

**Кое е значењето на Денот на помирувањето во нашиот живот денес? Зошто тој би требало да влијае на тоа како живееме?**

## СУДОТ ЗАСЕДАВА

**Споредете ги стиховите Даниел 7,9,10 со стиховите Откровение 14,6.7. Каква сличност постои меѓу овие текстови?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

Судот е истакната тема во целата Библија. „Зашто сите скриени дела, било добри или зли, Бог ќе ги изведе на суд“ (Проповедник 12,14). Исус ги упатувал своите слушатели на идното време на судот, кога „за секој празен збор, што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден“ (Матеј 12,36). Апостол Павле додава дека Бог „ќе го извади на видело скриеното во темнина и ќе ги открие намерите на срцата“ (1. Коринќаните 4,5). Ангелскиот гласник му порачал на Јован дека „дојде часот на неговиот (Божјиот) суд“ (Откровение 14,7).

**Прочитајте го текстот Откровение 22,10-12. Што ќе се случи со судбината на целото човештво кога ќе се врати Исус? Која јасна објава му била дадена на Јован?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

Бидејќи Христос доаѓа за да ги подели Своите конечни награди, мора да има суд пред тоа, за да се покаже кој каква награда ќе прими при Неговото доаѓање. По Христовото враќање нема да има втора шанса. Секое човечко суштество ќе има сосема доволно информации за да ја донесе својата конечна, неотповиклива одлука за или против Христа.

**Прочитајте го текстот Матеј 25,1-13. Зошто Исус им се обраќа на овие две групи верници на толку различен начин?**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Кога ќе биде завршена истражната постапка, кога ќе бидат испитани и решени случаите на оние кои низ сите веко ви признавале дека се Христови следбеници, тогаш, во никој случај не порано, ќе биде завршено истражното дело и вратата на милоста ќе се затвори. Така оваа кратка реченица: 'И подготвените влегоа со него на свадбата и вратата се затвори', нè води преку последната служба на Спасителот до времето кога ќе биде довршено големото дело на спасението на човештвото“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 428 оригинал).

Ние не треба да се плашиме од судот. Благодарение на Христа, имаме проштавање, слободни сме од секоја вина, имаме сила да живееме побожен живот и ќе ни припадне конечната победа.

## ДОБРА ВЕСТ ЗА СВЕТИЊАТА НАД СВЕТИЊИТЕ

**Прочитајте Евреите 4,14-16 и Евреите 10,19-22. Каква сигурност ни даваат овие стихови и каков божествен повик упатуваат до секој од нас?**

___

Пораката на Павле овде, во Посланието до Евреите, е „да се држиме цврсто“, „да пристапуваме слободно“, „да не ги напуштаме своите собранија“, нашата вера да ја сосредотчиме на Исуса, нашиот голем Првосвештеник. Во Исуса имаме сè што ни е потребно. Со вера можеме да влеземе во небесното светилиште по „нов и жив пат“ што Исус го отворил за нас.

Гледајќи го тремот, надворешниот двор на светилиштето, гледаме крв врз роговите на бронзениот олтар. Во Светињата гледаме крв врз златните рогови на кадилниот олтар. Гледаме крв со која е попрскана завесата пред престолот на благодатта.

Исусовата крв го подготвува патот на секој чекор. Ова ни дава надеж, бидејќи можеме повторно да се соединиме со Бога само ако Исус ни прости и ги избрише нашите гревови. Божјата милост е безгранична, но таква е и Неговата правда. А правдата не може да ја прифати Христовата жртва како откуп за нашите престапи, освен ако Исус не даде гаранции – прво, дека ќе ни ги прости гревовите, и второ, дека ќе ги избрише.

**Прочитајте Откровение 11,19. Во контекст на големата борба, зошто таа визија е значајна? Како таа ја покажува нераскинливата поврзаност меѓу законот и евангелието?**

___

Тука, во блескавата светлина и блескавата слава на Божјото присуство, во престолната сала на вселената, во самото подножје на Божјиот престол, го откриваме Божјиот закон во Ковчегот на заветот. Тука, во Светињата над светињите, се откриваат Божјата правда и Неговата милост. Ниту една земна сила не може да го промени Божјиот закон, меѓу другото и затоа што тој се чува во Ковчегот на заветот на небото. Во Евреите 8,10 се вели: „Зашто ова е Заветот со кој ќе го заветувам Израелевиот дом по оние денови, вели Господ: ќе ги вложам Своите закони во нивниот ум, и ќе ги напишам во нивните срца. Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ“. Влегувајќи со вера во небесното светилиште, наоѓаме простување за нашите гревови од минатото и сила да живееме живот исполнет со послушност преку Христа, кој умрел за нас и кој го врежува својот закон во нашето срце. Исус нè спасува „наполно“ (Евреите 7,25). Исус нè спасува во потполност – од казната на гревот и од силата на гревот.

**Зошто Исусовото посредување е толку неверојатно добра вест? Соочени со законот како мерило на праведноста, каква надеж би имале без евангелието?**

## ИСУС – НАШ АДВОКАТ НА СУДОТ

**Прочитајте го текстот Евреите 10,9-14. Која разлика меѓу службата на свештеникот во земното светилиште и Исусовата служба во небесното светилиште ни ја открива овој текст?**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

Христос умрел на крстот, еднаш засекогаш, како совршена жртва за гревот. Неговата свештеничка служба во небесното светилиште нè посветува. А сега, откако влегол во Светињата над светињите, Тој нè застапува како наш Адвокат на судот (видете 1. Јованово 2,1). „Така и Христос, откако еднаш се принесе Самиот Себе како жртва, за да ги однесе гревовите на мнозина, вторпат ќе им се јави не веќе како жртва за грев на оние што Го очекуваат, туку за нивно спасение“ (Евреите 9,28). Преку Неговата жртва и Неговото посредување проблемот со гревот е решен. А сега Тој повторно доаѓа, по оние „кои се радуваат на Неговото појавување“ (2. Тимотеј 4,8).

**Прочитај Евреите 6,19.20. Зошто Тој нè повикува да Го следиме, и што откриваме кога Го следиме?**

__________________________________________________________________________

„Христовото посредување за човекот во небесното Светилиште е исто толку важно во планот на спасението колку и неговата смрт на крстот. Со својата смрт Христос го почнал ова дело, додека по воскресението се вознел да го доврши на небото. Ние мораме со вера да влеземе зад завесата каде што 'Исус влезе за нас како претходник' (Евреите 6,20). Таму величествено блескоти светлината на крстот од Голгота. Таму појасно можеме да ја сфатиме тајната на спасението. Спасението на луѓето е извојувано со неизмерната небесна жртва; принесената жртва ги задоволува сите барања на прекршениот Божји закон. Исус го отворил патот кон престолот на својот Отец. Преку него можат да ги изнесат пред Бога скриените желби сите што доаѓаат кај него со вера“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 489 оригинал).

Планот на спасението е сеопфатен план за разрешување на големата борба и избавување на оваа планета од канџите на сатаната. Исусовиот живот ја покажал Божјата љубов кон светот во неволја и кон вселената која тоа го набљудува. Неговата смрт ја разоткрила сета одвратност на гревот и обезбедила спасение за целото човештво. А Неговото посредување во небесното светилиште им ги обезбедува придобивките од помирувањето на секој што ќе посегне со вера за да ги прими.

**Како е поврзана Христовата смрт на крстот е поврзана со Неговото посредување во небесното светилиште, и зошто судот е толку неопходен за планот на спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Забележете како се опишани делото што Исус го извршува за нас на судот и нашата улога во тоа: „Исус не ги оправдува нивните гревови, но укажува на нивното покајание и на нивната вера и бара проштавање за нив подигајќи ги своите ранети раце пред Отецот и пред светите ангели, велејќи: 'Ги познавам по име, сум ги напишал на дланките на моите раце.' 'Жртва за Бога е духот покајнички; покаено и понизно срце, Боже, не презираш'" (Псалм 51,17). А на тужителот на својот народ му одговара: 'Му рече Господ на сатаната: Господ да те укори, Господ да ти забрани, кој го избра Ерусалим'" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 484 оригинал).

„Фактот дека избраниот Божји народ стои пред Господа во извалкани облеки, треба да поттикне понизност и длабоко преиспитување на срцата кај сите кои го исповедаат Неговото име. Оние кои навистина ги чистат своите души со покорност на вистината имаат најскромно мислење за себе. Колку повнимателно го набљудуваат Христовиот беспрекорен карактер, толку е посилна нивната желба да станат слични на Него и толку помалку ќе гледаат чистота и светост во себе. Но иако треба да бидеме свесни за нашата грешна состојба, мораме да се потпреме на Исуса како наша праведност, наше посветување и откупување. Ние не можеме да одговориме на обвинувањата што сатаната ги подига против нас. Само Христос може да упати делотворна молитва во наше име. Тој може да го замолкне клеветникот повикувајќи се не на нашите заслуги, туку на Неговите лични заслуги" (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата,* кн . 5, стр . 471. 472).

„Ние сега живееме во времето на големиот Ден на помирување. Во симболичката служба на Стариот завет, додека по главарот свештенички вршел обред на помирување за Израелците, сите морале да 'ги мачат своите души' со исповедање на гревовите и покајнички да излезат пред Господа за да не бидат истребени од народот. На ист начин сите што сакаат нивните имиња да останат во книгата на животот треба сега, во овие уште неколку преостанати дни од времето на милоста што им е дадено, да се понизат пред Бога жалејќи поради гревот со искрено покајание" (*Големата борба,* стр. 489. 490 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Какви чувства се будат во вас при помислата дека Исус ги подига своите ранети раце пред Отецот во наше име? Зошто тоа претставува наша единствена надеж на судот?**

**2. Ние живееме во Денот на помирувањето. Помирувањето е Божјо дело за спасение на изгубените грешници. Тогаш зошто секој ден посветен на Божјото дело за спасение на грешниците треба да биде добра вест?**

**3. Обрнете внимание на она што Елена Г. Вајт напишала: „Само Христос може да упати делотворна молитва во наше име. Тој може да го замолчи обвинувачот со аргументи засновани не на нашите заслуги, туку на неговите заслуги" (*Advent Review and Sabbath Herald*, January 2, 1908). Што ќе направите за да ја присвоите оваа надеж за себе?**

**Лекција 9**
**25 - 31 мај 2024**

# ТЕМЕЛОТ НА БОЖЈОТО ВЛАДЕЕЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,6-12; Проповедник 12,13.14; Мудри изреки 28,9; Даниел 7,25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“ (Откровение 12,17).**

Врз основа на интензивно проучување на Библијата, адвентистите дошле до спознание за значењето на законот што се наоѓа во Светињата над светињите на небесното светилиште. Проникнувајќи во самата срж на Божјиот закон, тие го откриле значењето на саботата, четвртата заповед. Токму оваа заповед, повеќе од која било друга, јасно го препознава Бога како наш Создател, а тоа е темел на секое вистинско богослужение и тема којашто ќе биде особено важна во завршните денови од земната историја (видете Откровение 14,6-12).

Целта на сатаната уште од самиот почеток била да ја попречи вистинската служба на Бога со поткопување на Божјиот закон. Тој знае дека секој што ќе „згреши само во едно, виновен ќе биде за сѐ“ (Јаков 2,10), и затоа ги поттикнува луѓето да го кршат Божјиот закон. Сатаната ја мрази саботата затоа што таа ги потсетува луѓето на Создателот и на тоа како треба да го слават. Но, тоа е и дел од Божјиот закон, кој се наоѓа во Светињата над светињите на небесното светилиште. А бидејќи законот е она што го дефинира гревот, сѐ додека луѓето сакаат да му бидат верни на Бога, Неговиот закон мора и понатаму да важи, вклучувајќи ја и заповедта за сабота.

Целта на лекцијата за оваа седмица е да ја покаже поврзаноста меѓу светилиштето, Божјиот закон, саботата и претстојната криза во врска со жигот на ѕверот. Исто така, ќе ја истражиме и важноста на саботата за генерацијата на последното време.

## СВЕТИЛИШТЕТО И ЗАКОНОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 11,19; 2. Мојсеева 25,16; 2. Мојсеева 31,18 и Откровение 12,17. Според овие текстови, што се наоѓало во ковчегот на заветот во Светињата над светињите?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Денот на помирувањето бил денот на судот. На целиот Израел му било заповедано да земе учество во тој настан, преку покајание, преиспитување на душата и воздржување од секаква работа (видете 3. Мојсеева 23,29-31). Само на тој ден првосвештеникот влегувал во Светињата над светињите за да изврши помирување за гревот. Тука, во најскриениот дел од светилиштето, стоел ковчегот на заветот. Во ковчегот се наоѓал Божјиот закон, Десетте заповеди, напишан на камени плочи. Златниот поклопец на ковчегот бил наречен престол на милоста (или помирилиште), и таму се попрскувало со крв за да се исчисти светилиштето од гревот. Божјото присуство се покажувало во славата – Шекина – над престолот на милоста. Секоја принесена жртва ја откривала Божјата милост спрема грешните луѓе, но Денот на помирувањето покажува дека гревот ќе се памети сѐ до судниот ден (Евреите 10,3) и дека тој навистина може да се отстрани само врз основа на верата во Христовата крва која чисти од гревот (1. Петрово 1,18.19). Тука, во Божјото присуство, милоста и правдата преубаво се соединуваат.

Гледајќи во небесното светилиште, апостол Јован видел како „ се отвори Божјиот храм во небото и се покажа ковчегот на Неговиот завет“ (Откровение 11,19). Во книгата Големата борба се додава следниов коментар: „Во светињата над светињите на небесниот храм се чува Божјиот закон – Законот што го изговорил сам Бог среде громови на Синај и го напишал со свој прст на камени плочи. Божјиот закон во небесното Светилиште е возвишен оригинал, чијшто верен препис биле заповедите напишани на камени плочи и забележани во петте Мојсееви книги. Оние што ја сфатија оваа важна вистина, исто така можеа да ја сфатат светлината и непроменливоста на Божјиот закон“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 434 оригинал).

Проучувајќи го библиското учење за светилиштето, првите верници адвентисти ја увиделе важноста на Божјиот закон и саботата што се наоѓа во самото негово средиште. Тие заклучиле дека Божјиот закон, бидејќи бил прикажан во ковчегот на заветот во небесното светилиште, сигурно не можел да биде укинат на крстот.

**Размислувајте за саботата, која со брзина од над илјада шест километри на час ни доаѓа секоја седмица, без исклучок. Што ни кажува ова за важноста на доктрината за создавањето? За кое друго учење постои толку моќен потсетник, кој се повторува секогаш одново и одново?**

## НЕПРОМЕНЛИВОСТА НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

**Прочитајте ги стиховите: Матеј 5,17.18; Псалм 111,7.8; Проповедник 12,13.14; 1. Јованово 5,3 и Мудри изреки 28,9. Што можеме да научиме од овие библиски текстови за христијанскиот однос спрема законот?**

___

Адвентистите на седмиот ден ги следат стапките на реформаторите кои ја нагласувале светоста на Божјиот закон. Забележете ја следнава моќна изјава на Џон Весли: „Обредниот или церемонијалниот закон што Мојсеј им го предал на синовите Израелови и кој ги содржел сите наредби и прописи во врска со старите жртви и служби во храмот, нашиот Господ навистина дошол да го уништи, разреши, и целосно да го укине... Но, моралниот закон, содржан во Десетте заповеди, на кои инсистирале пророците, Тој не го отстранил. Намера на Неговото доаѓање не била да се отповика кој било дел од тој закон. Тоа е закон кој никогаш не може да се прекрши, кој стои како 'верен сведок во облаците'... Секој дел од тој закон мора да остане на сила, за целото човештво и за сите времиња, како нешто што не зависи од местото и времето, ниту од какви било други околности подложни на промена, туку од природата на Бога и природата на човекот и нивниот непроменлив заемен однос“ (*Upon Our Lord's Sermon on the Mount, Discourse V,* John Wesley's Sermons: An Anthology; Nashville, TN: Abington Press, 1991, pp. 208, 209).

**Споредете го текстот 2. Мојсеева 34,5-7 со следниве текстови: Римјаните 7,11.12; Псалм 19,7-11; Псалм 89,14 и Псалм 119,142.172. Што ни кажуваат овие стихови за односот меѓу Божјиот закон и Божјиот карактер?**

___

___

Бидејќи Божјиот закон е всушност препис на Неговиот карактер, подножје на Неговиот престол и основа на моралот за човештвото, сатаната го мрази. „Секој можеше да увиди дека, ако земното Светилиште било слика или копија на небесното, тогаш и Законот што се чувал во ковчегот на заветот на земјата бил точен препис на Законот што се наоѓа во ковчегот на небото. Па кога ја прифатија вистината за небесното Светилиште, со тоа ги признаа и барањата на Божјиот закон, а и обврската кон саботата како четврта заповед. Тоа беше причина за огорчен и решителен отпор против хармоничното толкување на Светото писмо што ја откриваше Христовата служба во небесното Светилиште“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 435 ориг.).

**Која причина често ја наведуваат луѓето кога тврдат дека ние повеќе не сме обврзани да ги држиме Десетте заповеди? Што мислите, што всушност се крие зад тоа?**

## САБОТАТА И ЗАКОНОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,6.7; Откровение 4,11; 1. Мојсеева 2,1-3 и 2. Мојсеева 20,8-11. Каков однос постои меѓу создавањето, саботата и Божјиот закон?**

________________________________________________________________

Создавањето многу зборува за нашата вредност во Божјите очи. Ние не сме сами во вселената – како некоја дамка космичка прашина – ниту сме производ на генетска случајност. Со други зборови, официјалното научно сценарио за потеклото на животот, кое е прифатено од страна на масовните медиуми и популарната култура, претставува поглед на нашето потекло кој во секоја смисла е неспојлив со библискиот извештај.

Ние сме тука затоа што Исус нѐ создал. А Тој е достоен за нашето обожавање не само затоа што нѐ создал, туку и затоа што нѐ откупил. Создавањето и спасението се наоѓаат во самата суштина на секое вистинско богослужение. Според тоа, саботата е од клучна важност за разбирањето на планот на спасението. Саботата зборува за грижата на Создателот и за љубовта на Спасителот.

По завршување на седмицата на создавањето, Бог се одморил во убавината и величественоста на светот што го создал. Тој се одморил и за да ни даде пример. Саботата е седмично застанување за да го славиме Оној што нѐ создал. Кога го славиме Бога во сабота, ние ги отвораме нашето срце за да го примиме посебниот благослов што Тој ни го дава во тој ден и во ниту еден друг ден од седмицата.

Саботата укажува на Создателот кој нѐ сакал премногу за да нѐ напушти кога сме се оддалечиле од целта што ја имал за нас. Саботата е вечен симбол на нашето почивање во Него. Таа е посебен знак на преданост кон Создателот (Езекиел 20,12.20). Таа е симбол на одмор а не на дела, на благодат а не легализам, сигурност а не осуда, потпирање на Бога за спасение, а не на нас самите. Вистинскиот саботен одмор е благодатно почивање во рацете на Оној кој нѐ создал, кој нѐ откупил и кој повторно ќе дојде заради нас.

Пораката на Откровение 14. глава, Божјата порака во последното време за овој свет, ги повикува луѓето секоја сабота да одмораат во Неговата љубов и грижа. Таа нѐ повикува да се сеќаваме на Оној што нѐ создал и да му оддаваме слава. Празнувањето на саботата претставува и алка меѓу совршенството на Едем и славата на новото небо и новата земја што треба да дојде. Таа нѐ потсетува дека еден ден ќе биде обновена раскошната убавина на Едем.

**Повеќето адвентисти на седмиот ден се соочиле со обвинението дека се легалисти, обвинение кое обично се поврзува со нашето држење на саботата. Разговарајте за саботата како симбол на откупувањето и оправдувањето со вера. Што ги наведува луѓето, поради послушноста на Божјата заповед да се одмораме, да помислат дека ние всушност се обидуваме да го заработиме нашето одење на небото?**

## ЖИГОТ НА SВЕРОТ

**Прочитајте Откровение 12,12.17 и Откровение 13,7. Што ни откриваат овие текстови за сатанскиот гнев? Зошто ѓаволот е толку гневен на Божјиот народ на последното време?**

___

Откровение 12 ни дава преглед на вселенскиот судир меѓу Христос и сатаната низ вековите. Тој ќе го достигне својот врв при последниот напад на сатаната врз Божјиот народ. Откровение 13 ни претставува двајца сојузници на ѓаволот: sверот од морето и sверот од земјата. Тие две сили ќе му се придружат во војната против Божјиот народ.

**Прочитајте Откровение 13,4.8.12.15 и Откровение 14,7.9-11. (Видете и Откровение 15,4; Откровение 16,2; Откровение 19,20; Откровение 20,4; Откровение 22,9.) Која клучна тема се појавува во сите овие стихови?**

___

Забележете го тој контраст. Луѓето го обожаваат или Создателот или нешто друго. Создателот е достоен за обожавање (Откровение 5,9). Борбата меѓу Христа и сатаната на небото започнала токму поради обожавањето: „Ќе се искачам во облачните висини, ќе бидам еднаков со Сѐвишниот“ (Исаија 14,14). Сатаната го сакал за себе обожавањето кое му припаѓа само на Создателот. Според текстот Откровение 13, тој успева во тоа благодарение на дејството на sверот од земјата (Откровение 13,4).

Споредбата со текстот Даниел 7 покажува дека овој sвер од земјата е исто што и малиот рог, кој сака да ги „измени времињата и Законот“ и кој ја извршува власта 1.260 пророчки „денови“, односно 1.260 години (Даниел 7,25; споредете со стихот Откровение 13,5; видете ја лекција 6). А единствениот дел од Божјиот закон, Десетте заповеди, кој се занимава со времето е четвртата заповед. Таа црква се обидела да го помести денот за богослужение од сабота, седмиот ден, на недела, првиот ден од седмицата.

Тоа што една земна сила настојува да го замени денот на богослужение, седмиот ден – саботата, која сам Бог ја дал како знак на својата власт (2. Мојсеева 31,13; Езекиел 20,12.20), претставува обид за узурпирање на божествената власт на најосновно можно ниво. Според тоа, на тој детаљ е фокусот на конечниот судир меѓу вистинското и лажното богослужение.

Од оваа причина Откровението ги препознава луѓето кои му се верни на Бога како „оние кои ги пазат Божјите заповеди“ (Откровение 12,17; Откровение 14,12). Ова го подразбира седмиот ден, сабота, а не недела. Оние кои го отфрлаат последниот повик на тројцата ангели да му се поклонуваат на Бога во Неговиот свет ден (Исаија 58,13) и кои, наместо тоа, му се поклонуваат на sверот во неговиот лажен свет ден, недела, ќе го примат жигот на sверот (видете ја 11. лекција).

## ПОРАКИТЕ НА ТРИТЕ АНГЕЛИ

Во стихот Откровение 14,7, првиот ангел со силен глас повикува: „И зборуваше со силен глас: ‚Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори!'“ Тоа е небесен повик упатен до сите нас, во светлината на претстојниот суд, да ја посветиме нашата крајна посветеност и сесрдна служба на Создателот на светот.

Вториот ангел објавува: „Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство“ (Откровение 14,8). Вавилон претставува отпаднички верски систем кој ја отфрлил пораката на првиот ангел во полза на лажниот систем на богослужение. Затоа текстот Откровение 14,9-11 нè предупредува да не му се поклонуваме „на ѕверот и на неговиот лик“. Таму се претставени две спротивставени определувања – обожавање на Создателот или обожавање на ѕверот. Секој поединец на планетата Земја ќе ја донесе својата конечна, неотповиклива одлука кому му припаѓа неговата неподелена преданост – на Исуса или на сатаната.

**Прочитајте Откровение 14,12. Кои се двете карактеристики по кои се препознаваат оние што одбиваат да му се поклонат на ѕверот? Зошто и двете се од пресудно значење?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог ќе има свој народ во последното време, кој ќе му остане верен дури и кога ќе се соочи со најголемо противење и најжестоко прогонство во историјата на светот. Благодарение на дарот на Христовата праведност, тие ќе водат со благодат исполнет живот на послушност. Поклонувањето на Создателот е во директна спротивност со поклонувањето на ѕверот, а тоа се пројавува преку држењето на Божјите заповеди. Тој конечен судир околу преданоста на Христа или преданоста на ѕверот се сосредоточува на богослужението, а во самото срце на големиот судир меѓу доброто и злото е прашањето за саботата.

Тие посветени следбеници на Спасителот не само што ќе имаат вера „во Исуса“, туку и „Исусовата вера“. Исусовата вера е толку длабока, толку полна со доверба, толку посветена што ниту сите демони од пеколот ни сите искушенија на земјата не можат да ја разнишаат. Тоа е вера која се надева дури и тогаш кога не може да види, верува дури и кога не може да објасни и се надева дури и кога не може да разбере. Таа „Исусовата вера“ и самата е дар што го примаме со вера. Тоа ќе нè проведе низ кризата што е пред нас. Кога ќе избие конечната криза и кога ќе се соочиме со економски бојкот, со прогонство, затворање, па дури и со смрт, Исусовата вера ќе нè проведе во последните часови на планетата земја, пред Исус да се врати.

**Како Бог ја подготвува вашата вера денес за она што доаѓа во иднина?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Немајќи погодни библиски докази, мнозина кои забора вија дека истите приговори се изнесени и против Христа и неговите ученици, со неуморна истрајност го поставуваа прашањето: 'Зошто нашите големи луѓе не го разбираат ова прашање за саботата? Малку има такви што веруваат како вие. Не можете вие да имате право, а сите учени луѓе на светот да бидат во заблуда.' За да се негираат таквите докази, беше потребно само да се наведе учењето на Светото писмо и да се укаже на тоа како постапувал Господ во сите времиња со својот народ..“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 455 ориг.).

„Но христијаните во минатите векови ја празнувале неделата мислејќи дека ја празнуваат библиската сабота. И денеска уште има вистински христијани во различни христијански цркви, па и во римокатоличката, кои искрено веруваат дека неделата е од Бога одредената сабота. Бог ја прима нивната искрена намера и нивната чесност. Но, кога празнувањето на неделата ќе биде наметнато со закон и кога светот потпол но ќе биде упатен и просветлен во врска со должностите кон вистинската сабота, тогаш сите што ќе ја прекршат Божја та заповед за да ја послушаат наредбата на Рим, со тоа ќе му дадат поголема почит на папството отколку на Бога. Тие го почитуваат Рим и власта што наредува да се почи тува установата што ја вовел Рим. Тие му се клањаат на ѕверот и на неговата икона. Кога луѓето ќе ја отфрлат уста новата за која Бог рекол дека е знак на неговата моќ, а наместо неа ја почитуваат онаа што ја избрал Рим да биде знак на неговата врховна власт, тие на тој начин примаат знак на верност кон Рим - 'жиг на ѕверот'. Сè додека ова прашање не биде отворено изнесено пред луѓето и сè додека од нив не биде побарано да бираат меѓу Божјите и човечките заповеди, оние што ќе продолжат да ги кршат заповедите, ќе примат 'жиг на ѕверот'“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 449 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Светот се менува толку брзо и толку драматично. Зошто мораме секогаш да бидеме будни и навистина претпазливи за настаните од последните денови да не нè затекнат неподготвени?**

**2. Како може разбирањето на судот и Божјиот закон да се усогласат со фактот дека се спасуваме исклучиво преку благодатта?**

**3. На кој начин можете да им сведочите на оние кои не ја разбираат важноста на вистинската сабота и искрено ја празнуваат неделата, првиот ден од седмицата?**

**4. Кои опасности се кријат во поврзувањето на црковните и државните власти? Како треба ние како христијани да се однесуваме спрема властите?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 10**
**1 - 7 јуни 2024**

# РАЗОТКРИВАЊЕ НА СПИРИТИЗМОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 10,28; Проповедник 9,5; Исаија 8,19.20; Јован 11,11-14.21-25; 1. Солуњаните 4,16.17; Откровение 16,13, 14; Матеј 24,23-27; 2 Солуњаните 2,9-12**.

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Самиот Господ на заповед, при глас на архангел и при Божја труба, ќе слезе од небото и мртвите во Христа ќе воскреснат прво. Потоа ние живите, ние кои останавме, ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, во воздух, во пресрет на Господа; и така засекогаш ќе бидеме со Господа“ (1. Солуњаните 4,16.17).**

Со децении наназад почнале да се појавуваат приказни за искуства блиски до смртта (ИБС) во кои, луѓе што умреле а потоа оживеале, давале неверојатни извештаи за она што го виделе или слушнале додека биле „мртви“. Илјадници такви приказни се документирани и проучени. Низ целиот свет, вклучувајќи го и христијанскиот, милиони веруваат дека овие извештаи се доказ дека мртвите не се навистина мртви. Тоа основно спиритистичко верување е едно од најраспространетите и најуспешните сатански измами.

Спиритизмот, всушност, бил зачнат уште во Едем, кога змијата ги излажала Адам и Ева, велејќи им: „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,4). Низ историјата спиритизмот попримал различни облици, но секогаш со основната премиса дека животот продолжува по смртта. Таа идеја лежи и во коренот на едно од најголемите лажни религиозни движења во 19 век, засновано на тврдењето на сестрите Фокс, за кое подоцна признале дека е неточно, дека можат да добијат одговори на нивните прашања од духовите на мртвите.

Во завршниот судир на земјата сатаната ќе измами милиони со помош на спиритистички феномени. Книгата Откровение покажува дека тоа е еден од начините на кои тој ќе се обиде да го стави светот под своја контрола.

Целта на оваа лекција е да укаже дека нашата единствена заштита против измамите на сатаната во последното време е личната заедница со Христа и цврстата втемеленост во учењата на Библијата. Ова ги вклучува и нејзините учења за смртта, без оглед на тоа што ни кажуваат нашите очи, уши и срце.

## СМРТОНОСНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД СПИРИТИЗМОТ

Приказната дека смртта е всушност само влез во нова фаза од животот, се заснова на концептот на природната бесмртност на душата. Таа паганска идеја рано се вовлекла во црквата, која повторно се оддалечила од библиските основи во обид да ја направи својата вера разбирлива за поширокиот римски свет: „Теоријата за бесмртност на душата е една од оние лажни науки што Рим ја презел од незнабоштвото и ја внел во христијанската вера“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 549 оригинал).

**„И не плашете се од оние што го убиваат телото, а душата не можат да ја убијат; туку плашете се повеќе од Оној Кој може и душата и телото да ги погуби во пеколот!“ (Матеј 10,28) Што ни кажува и самиот тој стих за наводната бесмртност на душата?**

___

___

Господ му забранил на својот народ да се вплеткува во окултизам од кој било вид. Не смееле да толерираат меѓу себе некој што „би баел, кој би повикувал духови и души на предците или кој би се обраќал на покојниците“ (5. Мојсеева 18,11). Таквите луѓе требало да бидат каменувани до смрт (3. Мојсеева 20,27). Таа казна се чини крајно сурова, но била осмислена со намера да го заштити Израел од обожавање на лажни богови.

Вештерството е демонска активност. Тоа ги води луѓето во лажно богослужение и го фалсификува вистинскиот однос со Бога, но никогаш не може да ги задоволи најдлабоките потреби на срцето. Спиритизмот е во срцта на сатанскиот план да го пороби светот. Но Исус, со својата благодат и сила, ги ослободува робовите од синџирите на злото што ги држат заробени.

**Прочитајте Проповедник 9,5; Јов 7,7-9 и Исаија 8,19,20. Што учиме од овие библиски стихови за смртта и комуникацијата со мртвите?**

___

___

Верувањето дека мртвите одат директно на небото во моментот на смртта, иако, како и празнувањето на неделата, е целосно небиблиско, тоа е толку долго присутно и толку длабоко вкоренето што на луѓето им е многу тешко да се откажат од него. Луѓето користат неколку стихови, извадени од контекст, за да го оправдаат своето верување. Меѓутоа, овие лажни учења ги оставаат без никаква заштита против измамите во кои сатаната може да ги вовлече, особено во завршната криза.

**Какво е вашето искуство кога станува збор за обидите да им ја објасните состојбата на мртвите на другите христијани? Што се покажало како успешно во вашиот случај, ако воопшто сте имале некој успех?**

## СМРТТА ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 6,5; Псалм 115,17; 1. Царевите 2,10; 1. Царевите 11,43 и 1. Царевите 14,20. Што нè учат овие стихови за состојбата на мртвите?**

________________________________________________

Стариот завет не учи за бесмртност на душата. Ниту, пак, учи дека, веднаш по смртта, верните се вивнуваат во блаженството на небото за сета вечност, додека неверните се симнуваат во пеколот, каде што ќе горат за сета вечност. Стариот завет учи дека смртта е всушност сон. Првата книга за царевите го користи изразот „почина кај татковците свои“ за да ја опише смртта на патријарсите. Псалмите го нарекуваат „заспивање во смрт“ (Псалм 13,3; споредете со: Псалм 90,5). Говорејќи за смртта, Јов спомнува сон без станување (Јов 14,12). А псалмистот додава: „ А јас ќе го гледам Твоето лице во правда, и еднаш кога ќе се разбудам, ќе се наситам од Твојот изглед“ (Псалм 17,15).

Кога асирската војска била поразена и уништена, за смртта на нејзините војници се вели дека се во „смртен сон“ (Псалм 76,6, KJV; или „скаменија“ во преводот на Константинов и МПЦ, заб. на прев.). Идејата за мртвите како бестелесни духови кои лебдат наоколу за да комуницираат со живите воопшто не е библиски концепт туку чист паганизам.

Кога вистината за смртта не е правилно сфатена, тоа нè остава отворени за измамите на сатаната. „Мнозина ќе се соочат со ѓаволските духови што ќе им се појават како нивни мили роднини и пријатели објавувајќи им најопасни заблуди. Овие посетители ќе влијаат врз нашите најнежни чувства и ќе прават чуда за да ги поткрепат сво ите тврдења. Мораме да бидеме подготвени да им се противставиме со библиската вистина дека мртвите не знаат ништо и дека тие што се јавуваат така се ѓаволски духови“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 560 оригинал).

**Прочитајте ги стиховите Даниел 12,2 и Јов 19,25-26. Кои елементи во врска со состојбата на мртвите се додадени во овие стихови?**

________________________________________________

Смртта е почивање во сон сè до воскресението. Нема никакви бестелесни духови кои лебдат наоколу за да комуницираат со живите. Иако паганите верувале во светот на духовите, Израелците ја сфаќале смртта како спиење до утрото на воскресението.

Иако жалиме по мртвите, за оние кои умреле во Христа треба да се размислува на следниов начин: тие ги затвораат своите очи во мигот на смртта, а потоа, колку време и да помине до Исусовото враќање, следното нешто за што ќе станат свесни е Второто доаѓање. Нивната прва мисла при воскресението ќе биде: О! Исус на крајот навистина брзо се врати!

## СМРТТА ВО НОВИОТ ЗАВЕТ

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 11,11-14.21-25; 2. Тимотеј 1,10; 1. Коринќаните 15,51-54 и 1. Солуњаните 4,15-17. Како новозаветните писатели ја опишуваат смртта во споредба со старозаветните писатели?**

_______________________________________________________________________

И Стариот и Новиот завет го користат сонот како симбол на смртта. Најмалку педесет и три пати во Библијата зборот „сон“ се поистоветува со смртта. Библиските писатели се согласуваат дека не постои такво нешто како свесно постоење на бесмртна душа која го напушта телото веднаш по смртта.

Но Новиот завет додава уште една димензија, која веќе била навестена во Стариот завет – славното воскресение при Христовото враќање.

Евангелијата нагласуваат дека вечниот живот постои само во Христа. Ни сите демони од пеколот можат да ги лишат верниците од нивната сигурност во вечниот живот. Христос ја победил смртта на крстот. Гробот веќе не може да ги задржи своите жртви. Христовото воскресение е гаранција дека сите верници еден ден ќе бидат воскреснати од гробот во моментот на Неговото враќање.

Погледнете ги следните зборови на Павле: „Зашто, ако мртвите не воскреснуваат, и Христос не воскреснал; ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови; тогаш и оние, што умреле за Христос, пропаднале“ (1. Коринќаните 15,16-18). Каква смисла би имале тие стихови ако мртвите, веднаш по смртта, одат во блаженството на небото? Што мисли Павле под тоа „пропаднале“, ако тие, всушност, се веќе на небото?

Напротив, целата поента на Павле е дека Христовото воскресение е основата на нашето воскресение и дека, без воскресението, „напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови“. Во тој случај, мртвите би останале под земја и засекогаш би пропаднале.

Тие стихови совршено се согласуваат со другите библиски текстови за надежта што ја имаме во воскресението при Исусовото враќање, кога ќе примиме „наследство што не пропаѓа, чисто, кое не свенува, запазено на небесата за вас“ (1. Петрово 1,4). Меѓутоа, кога мртвите веќе би биле на небото, зошто Петар би зборувал за наследство „запазено на небесата“ за нас? Јасно е дека новозаветните верници желно го очекувале Христовото доаѓање и воскресението на мртвите и таа надеж ги поттикнувала да останат верни во животните искушенија.

**Зошто воскресението е толку моќна надеж за христијанската вера? А што ако имаме крст, но не и воскресение? Каква надеж би имале тогаш? Тогаш зошто воскресението е толку важен дел од нашата вера?**

## СПИРИТИЗМОТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ – ПРВ ДЕЛ

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 24,5.11.24; 2. Солуњаните 2,7-9; Откровение 13,13.14 и Откровение 16,13.14. Со какви сè измами ќе се соочуваат луѓето во последните денови?**

____________________________________________________________

Ѓаволот ќе користи „знаци и лажни чудеса“ и спектакуларни појави за да ги измами масите непосредно пред Исусовото доаѓање. Коментирајќи ја измамничката моќ на демонските духови, Анхел Родригез ја изнесува следнава изјава: „Нивната моќ на убедување не се огледува во содржината на нивната порака, туку во силата на натприродните појави што ги нарекуваме 'знаци' или 'чуда'“. Тие изведуваат (poieō) одредени знаци, со што се повикуваат на афективната страна на човечките суштества, а не на нивните волни и рационални способности. Фактот дека овие знаци ги прават демони, покажува дека обединувачката сила на пораката на трите нечисти духови (змијата, ѕверот и лажниот пророк) е всушност спиритистичка по природа – Бог не е нејзиниот извор или иницијатор. Како што вселенскиот судир ќе се приближува кон својот крај, демонската сила ќе стапи на сцената на човечката историја како никогаш порано. Спиритизмот, кој во самата основа го има небибliskoto учење за бесмртност на душата, наскоро ќе го зароби целиот свет“ („*The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels' Messages,”* unpublished manuscript, p. 6).

**Зошто е опасно да се потпираме на емоциите? Каква улога имаат тие, во добра или лоша смисла, во нашето верско искуство? Како може сатаната да ги заобиколи нашите мисловни процеси и да се повика на нашите чувства?**

____________________________________________________________

„Сатаната долго се приготвувал за својот последен напор да го измами светот... Малку по малку го приготвил патот за својата најголема измама во развитокот на спиритизмот. Уште не ги остварил во целост своите намери, но ќе ги оствари во последниот остаток на времето... Со исключок на оние што ќе ги сочува Божјата сила со вера во неговата Реч, во оваа измама ќе биде вовлечен цел свет. Народот, успиен во кобна сигурност, ќе се разбуди дури тогаш кога врз него ќе почне да се излева Божјиот гнев“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 561, 562 оригинал). Нашата единствена сигурност е во Исуса и во Неговата Реч.

Не е тешко да се замисли како милиони, па дури и милијарди луѓе, кои не ја разбираат состојбата на мртвите, можат да бидат вовлечени во заблудите поврзани со идејата дека мртвите продолжуваат да живеат по смртта.

**Од кои вообичаени заблуди се заштитени, дури и сега, оние кои разбираат дека мртвите спијат?**

## СПИРИТИЗМОТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ – ВТОР ДЕЛ

Нашата надеж за спасение е вкоренета во Христа. Неговите во крв натопени раце нè повикуваат да ја прифатиме жртвата што ни се нуди бесплатно, иако е платена по бескрајна цена. Христос наскоро ќе се врати за оние што се Негови. Во Тит 2,13, второто Христово доаѓање се нарекува „благословена надеж“.

А целта на сатаната е да ја уништи таа надеж. Ќе прави чуда и знаци, ќе прави сè и сешто, само за да го одвлече вниманието на луѓето од библиската вистина и од спасението во Христа.

„Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Во последната битка, сатаната ќе направи сè што е во негова моќ за да ги спречи луѓето или да ги држат „Божјите заповеди“ или да ја имаат „Исусовата вера“ – или и двете. Затоа треба будно да внимаваме во поглед на секое учење, дури и ако е придружено со знаци и чуда, кои би можеле да нè одвратат од која било од тие две карактеристики на остатокот.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 24,23-27; 2. Коринќаните 11,13-14 и 2. Солуњаните 2,9-12. Што ни кажуваат овие текстови за моќта на сатанските измами и за начинот на кој тој работи?**

______________________________________________________________________

Во последните моменти од времето, сатаната ќе ја изврши својата последна измама: „Наскоро на небото ќе се покажат страшни појави со натприроден карактер како доказ на моќта на демоните кои прават чуда. Духовите ѓаволски ќе одат кај земните цареви низ цел свет да ги измамат и да ги поттикнат да се здружат со сатаната во неговата последна битка против небесното владеење. Така со помош на овие орудија владетелите и нивните привржаници ќе бидат измамени. Ќе се подигнат луѓе кои ќе тврдат дека се христоси и ќе бараат чест и обожавање што му припаѓаат на Откупителот на светот. Тие ќе извршат чудесни исцелувања и ќе тврдат дека од небото добиле откровенија што им противречат на сведоштвата на Светото писмо.

Во завршниот чин на големата измама, лично сатаната ќе се прикаже како Христос. Црквата долго тврдела дека го чека доаѓањето на Спасителот да ги исполни нејзините надежи. Сега големиот измамник ќе создаде впечаток дека Христос веќе дошол. Во разни краишта на светот сатаната ќе се појави меѓу луѓето како величествено суштество со блескотен сјај, кое ќе биде слично на описот на Божјиот Син во Откровението на апостол Јован (Откровение 1,13-15)“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 624 оригинал).

**Зошто разбирањето на вистината за начинот на Христовото враќање, како и за состојбата на мртвите, е толку важно за нашата заштита од измамите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Неодамна објавената книга на Ли Стробел, Случај во прилог на небото (The Case for Heaven), се заснова на идејата дека кога човек умира останува во некој вид на свесно постоење, при што „искуствата блиску до смртта“ (ИБС) се користат како еден од „доказите“. Да дадеме пример: „Една друга девојка, која имаше ИБС за време на операција на срцето, вели дека го сретнала својот брат 'од другата страна' – а тоа ја изненадило бидејќи немала брат. Кога подоцна закрепнала и му раскажала на својот татко, тогаш за прв пат ѝ открил дека таа навистина имала брат, но дека тој умрел пред таа да се роди“ (*Lee Strobel, The Case for Heaven; Grand Rapids,* MI: Zondervan Books, 2021, p. 69). Меѓутоа, Штробел се бори да ја усогласи оваа идеја за моментално преминување во задгробен живот со јасното библиско учење дека христијаните ќе ја примат својата конечна награда дури кога Христос ќе се врати.

Предупредени сме: „Мнозина ќе се соочат со ѓаволските духови што ќе им се појават како нивни мили роднини и пријатели објавувајќи им најопасни заблуди. Овие посетители ќе влијаат врз нашите најнежни чувства и ќе прават чуда за да ги поткрепат своите тврдења. Мораме да бидеме подготвени да им се противставиме со библиската вистина дека мртвите не знаат ништо и дека тие што се јавуваат така се ѓаволски духови.

Токму пред нас е 'часот на искушението што ќе дојде врз целиот свет за да ги испита оние кои живеат на земјата' (Откровение 3,10). Сите, чијашто вера не е цврсто втемелена на Божјата реч, ќе бидат измамени и совладани. Сатаната користи и сѐ повеќе ќе користи 'секаква измама и неправда' за да ги стави синовите човечки под своја власт. Но тој својата цел може да ја постигне само тогаш ако човекот доброволно се согласи да ги прифати неговите искушенија. Оние кои сериозно се трудат да ја запознаат вистината и се борат преку послушноста да ја исчистат својата душа и прават сѐ што е во нивна моќ да се подготват за борбата, ќе најдат сигурна заштита во Бога, кој е извор на вистината. 'Бидејќи ти ја запази речта на моето трпение, и јас ќе те запазам тебе' (Откровение 3,10), е ветување на Спасителот. Тој побргу ќе ги прати сите небесни ангели да го заштитат неговиот народ, отколку што ќе му дозволи на сатаната да совлада и една душа која се надева на него.“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 560 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кои суптилни духовни влијанија би можел да ги искористи сатаната за да дејствува врз умот? Која е улогата на масовните медиуми во ова?**

**2. Како би можеле да зборувате за својата вера со некој кој штотуку изгубил некој близок и верува дека таа сега е на рајот? Што е соодветно да се каже, а што не е соодветно?**

**Лекција 11**
**8 - 14 јуни 2024**

# СУДИРОТ ШТО ПРЕТСТОИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,7.9.12; Откровение 4,11; Откровение 13,1.2; Откровение 12,3-5,17; Откровение 13,11-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“ (Јован 17,17).**

Постои еден релативно нов медицински уред наречен *биочип* или *вери чип*, со големина на зрно ориз, кој може да се вгради во телото на пациентот. Биочипот содржи информации за историјата на болести на пациентот, кои потоа можат да се добијат со поминување на надворешен скенер над делот каде што е вметнат биочипот или веричипот. Некои христијани го гледаат ова како дел од заговор за наметнување на жигот на ѕверот. За други, жигот на ѕверот има врска со бар-кодовите на конзервите со храна. Или тоа е некоја мистериозна бројка на банкнотите на доларот за која наводно се вели дека изнесува 666. За некои тоа е поврзано со масонскиот ред, илуминатите, црните хеликоптери на ОН и Обединетите нации.

Целта на лекцијата за оваа седмица е да укаже на претстојниот судир околу богослужението. Сатаната ќе го побива Божјиот авторитет обидувајќи се да го поткопа Божјиот закон. Конкретно, саботата ќе стане центар на глобален судир во чиешто средиште ќе биде прашањето за богослужение. Сатаната ја мрази саботата затоа што го мрази Создателот. Тој ќе употреби принуда, притисок и сила за да ја скрши нашата преданост на Христа. Ќе дојде до соочувања околу верувањата во врска со вистинскиот и лажниот ден на богослужение. Последниот Божји повик е повик за верност кон Христа и покрај прогонството, економскиот бојкот, затворањето и декретот за смртна казна. Лекцијата за оваа седмица ја нагласува способноста на Исус да нè проведе низ последниот судир на земјата.

## ПОСЛЕДНИОТ СУДИР ОД ОТКРОВЕНИЕТО

Поракатa на Откровението подразбира многу повеќе од загадочни симболи, чудни ѕверови и необични слики. Таа зборува за вечните вистини што Бог полн со љубов ѝ ги доверил на генерацијата на последното време. Судирот меѓу Христа и сатаната започнал на небото во врска со богослужението, а ќе го достигне својот конечен врв исто така во врска со богослужението.

**Споредете Откровението 14,7.9 со стихот Откровение 4,11. Која сеопфатна тема се провлекува низ Откровението кога станува збор за овој вселенски судир меѓу доброто и злото?**

______________________________________________________________

Низ целата книга Откровение, богослужението и создавањето се нераскинливо поврзани. Откровение 14,7 нѐ повикува да му се поклониме на Господарот на сѐ што е создадено. Спротивно на теоријата за еволуција, која го зафати светот во последните два века, саботата е вечен потсетник за нашиот идентитет. Таа одново и одново потврдува дека ние сме создадени суштества и дека нашиот Творец е достоен за нашата преданост и обожавање. Тоа е една од причините што ѓаволот толку многу ја мрази саботата.

**Прочитајте Откровение 12,17 и Откровение 14,12. Во што го наоѓа својот врвен израз обожавањето на Создателот?**

______________________________________________________________

Обожавањето на Создателот преку држење на Божјите заповеди е во директна спротивност со обожавањето на ѕверот. Бог ќе има свој народ на последното време, кој ќе му биде верен и покрај најголемото противење и најжестокото прогонство во историјата.

„Додека празнувањето на неделата, во согласност со земните закони, но наспроти четвртата Божја заповед, ќе биде заклетва на верност кон онаа сила што му се противи на Бога, празнувањето на библискиот ден за одмор, во согласност со Божјиот закон, ќе биде доказ за верноста кон Творецот“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 605 оригинал).

Во стихот Откровение 14,12 се тврди дека тие посветени следбеници на Спасителот ќе ја имаат „Исусовата вера“. Исусовата вера е толку длабока што верува дури и во она што не го гледа. Таа истрајува дури и кога не може да разбере. Тоа е Исусов дар што го примаме со вера и кој ќе нѐ проведе низ претстојниот судир.

**Седмиот ден, сабота, до тој степен е основен симбол на Бога како Создател што допира наназад до самиот Едем. Оттука, настојувањето таа да се узурпира, како што направил Рим (видете Даниел 7,25), би значело настојување да се узурпира Божјиот авторитет на најосновното можно ниво. Како оваа вистина ни помага да согледаме зошто празнувањето на саботата ќе биде толку спорно прашање во последните денови?**

## ПРЕТСТОЈНАТА КРИЗА

Пророштвото за жигот на ѕверот во текстот Откровение 13 ни кажува за најжестоката и најлошата фаза од сатанската војна против Бога. Откако Исус умрел на крстот, непријателот знае дека е поразен, но решен е со себе да поведе што повеќе луѓе. Неговата прва стратегија во овој потфат е измамата. Кога измамата не успева, тој прибегнува кон сила. На крајот, тој ќе застане зад декретот дека секој што ќе одбие да му се поклони на ѕверот или да го прими неговиот жиг, да биде убиен.

Верското прогонство, се разбира, не е ништо ново. Тоа постои откако Каин го убил Авел затоа што ја послушал Божјата заповед. Исус рекол дека тоа ќе се случува дури и меѓу верните.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 16,2; Матеј 10,22; 2. Тимотеј 3,12 и 1. Петрово 4,12. Што доживеала новозаветната црква, и како тоа може да се примени на Христовата црква на последното време?**

____________________________________________________________

Во текот на целокупната христијанската историја прогонството било нешто вообичаено. Тоа се случувало и во паганскиот Рим, но дошло до израз особено преку жестокото прогонство на христијаните кои верувале во Библијата од страна на средновековната црква. Жигот на ѕверот ќе биде само последната алка во тој пеколен синџир. Како и за време на прогонствата во минатото, тој бил осмислен да ги принуди сите да се покорат на одреден збир на верувања и официјално одобрен систем на богослужение.

Пророштвата покажуваат дека тоа прогонство ќе започне со економски санкции – никој нема да може ниту да купува ниту продава ако го нема жигот. И секој што ќе одбие да го прими тај жиг, ќе биде осуден на смрт (Откровение 13,15.17 ).

Оние кои се претставуваат како христијани, ѓаволот веќе сега ги подготвува, кога ќе дојде последната проверка, да го примат жигот на ѕверот, со тоа што ги поттикнува да прават компромиси во животот. И кога ќе се чини како целиот свет со восхит да го следи ѕверот (Откровение 13,3), сцената одеднаш ќе се промени, а пророчката камера ќе се фокусира на Божјиот народ. Откровение 14,12 ни ја дава таа слика. „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус.“ Божјиот народ води живот на побожна послушност. По Божјата благодат тие стојат цврсто и кога сѐ околу нив е разнишано. Додека светот го следи ѕверот, „тие одат по Јагнето, каде и да оди“ (Откровение 14,4). Со Христовата сила тие ги победуваат силите на темнината што се поставуваат против нив.

Како што видовме во 9. лекција, главниот судир меѓу доброто и злото се одвива околу богослужението. Ѕверот најпрво се служи со измама, а кога тоа нема да успее, прибегнува кон сила и принуда.

**Колку бргу сте подготвени денес, ако воопшто сте подготвени, да им дозволите на економските причини да го загрозат вашето празнување на саботата?**

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЅВЕРОТ – ПРВ ДЕЛ

**Прочитајте Откровение 13,1.2. Од каде доаѓа овој ѕвер и кој му дава власт?**

________________________________________________________________

Книгата Откровение го препознава змевот или змијата, првенствено како сатана. Во текстот Откровение 12,3-5, се вели дека змевот се обидел „да ѝ го проголта Детето кога ќе роди“, „машко Дете, син“, кое подоцна „беше однесено при Бога и при Неговиот престол.“. Токму ѓаволот бил тој кој, дејствувајќи преку паганскиот Рим, се обидел да го убие Христа (види Матеј 2,16-18). Главниот непријател на Бога и човекот дејствува преку политички и верски институции за да ги постигне своите цели.

За тој ѕвер, преку кој дејствува непријателот, било речено: „И змевот му ја даде својата сила, и својот престол, и голема власт“ (Откровение 13,2). Ова пророштво точно се исполнило стотици години подоцна, кога римскиот цар Константин ја преместил својата престолнина од Рим во Константинопол, главниот град на денешна Турција. Ова создало вакуум на моќта на некогашниот престол на цезарите, во нивното седиште, царскиот град Рим. Така, паганскиот Рим на ѕверот му го дал своето седиште, односно главниот град.

Исак Бахус напишал: „Со преместување на седиштето на царството во Цариград,... Константин му отстапил место на римскиот бискуп, овозможувајќи му да се издигне над сите луѓе на земјата, па дури и над небесниот Бог“ (*The Infinite Importance of the Obedience of Faith, and of Separation from the World,* p. 16; цитирано во: Le Roy Edwin Froom, The Prophetic Faith of Our Fathers, vol. 3, p. 213). Според Томас Хобс, „папството не е ништо друго освен духот на умреното Римско царство, кој седи крунисан на неговиот гроб“ (*Leviathan;* New York: Oxford University Press, *199*6, стр. 386). А со внимателна анализа се открива дека ѕверот од морето, од текстот Откровение 13, е отпадничка верска сила која излегува од Рим и станува светски систем на богослужение (Откровение 13,3.4). Тој ѕвер не е личност. Тоа е верска организација која ги заменила вистините на Божјата реч со човечки одредби.

**Прочитајте Откровение 13,1.6. Кој збор се користи тука, а кој е од клучно значење за препознавање на тој ѕвер?**

________________________________________________________________

Светото писмо го дефинира богохулењето во текстовите Јован 10,33 и Лука 5,21 користејќи два примера: (1) тоа е кога човек се преправа или тврди дека е Бог, и (2) кога некој човек тврди дека има моќ да простува гревови. Во Исусовиот случај, тие обвинувања биле неоправдани, бидејќи Тој е навистина Бог има право и да простува гревови. Римското папство има две карактеристични учења кои Библијата ги означува како богохулни – тврди дека неговите свештеници имаат моќ да простуваат гревови и дека папата ги поседува прерогативите на Бога на земјата.

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЅВЕРОТ – ВТОР ДЕЛ

Наместо да го обожава ѕверот, Божјиот народ својата најголема радост и задоволство ја наоѓа во обожавањето на својот Господ. Нивната послушност извира од срце полно со љубов. Тие му се посветени Нему, бидејќи знаат колку Тој им е посветен ним.

**Прочитајте Откровение 13,5. Запишете ја таа црта на препознавање на дадената линија**.

______________________________________________________________________

Да се потсетиме на она што го кажавме во 4. лекција – дека Бог ни го дава клучот за разбирање на пророчкото време, при што еден пророчки ден одговара на една буквална година (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6). Временскиот период од 42 месеци споменат во Откровение 13,5, ако се смета според еврејскиот месец од 30 дена, е 1.260 пророчки денови или буквални години.

Папството навистина имало огромно влијание од 538 до 1798 година. А тогаш, кога Наполеоновиот генерал Бертие го заробил папата во 1798 година, завршил пророчкиот период на папска превласт и се исполнило пророштвото од Откровението: „Кој води во ропство, и самиот ќе биде одведен во ропство“ (Откровение 13,10). Ударот што на тој начин му бил зададен на папството бил крајно сериозен, но не и фатален. Според Откровение 13,12, смртоносната рана ќе биде исцелена. Влијанието на папството повторно ќе се почувствува низ целиот свет.

Светските лидери денес го пречекуваат понтифексот како амбасадор на Римската црква и редовно го посетуваат во Ватикан. Во свет на невидена нестабилност, се поставува сцената за римскиот понтифекс да стане општо признат морален водач, кој ќе биде во состојба да ги обедини сите народи. За време на говорот што го одржал на 6 јуни 2012 година, пред повеќе од петнаесет илјади луѓе собрани на плоштадот Свети Петар во Рим, папата Бенедикт XVI изјави: „Недела е ден кој му припаѓа на Господа и на мажите и жените, ден во која секој мора да има слобода, слобода да ја поминат со семејството и со Бога. Бранејќи ја неделата, ја браниме човековата слобода“ (https://www.vatican.va/content/benedict-xvi/en/audiences/2012/documents/hf_ben-xvi_aud_20120 606.html). Книгата Големата борба јасно открива до што ќе доведе тоа движење еден ден: „Оние што ја почитуваат библиската сабота ќе бидат обвинети како непријатели на законот и редот, како луѓе што ги уриваат моралните огради на општеството, како причина за анархијата и расипаноста, како суштества што навлекуваат на земјата Божји судови. Нивното совесно држење на Божјиот закон ќе се прогласи како упорност, тврдоглавост и презирање на власта. Тие ќе бидат обвинети дека не ги почитуваат властите. Проповедниците што ја негираат задолжителноста на божествениот Закон ќе проповедаат од проповедална за должноста да се слушаат граѓанските власти како од Бога одредени. Оние што ги држат Божјите заповеди, во законодавните тела и во судските сали ќе бидат лажно претставени и осудени“ (Е. Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 592 ориг.).

**Колку и да е сега тешко да се увиди дека се случува такво нешто, размислете колку брзо може да се промени нашиот свет. Што ни кажуваат овие промени за тоа колку брзо настаните на последното време би можеле да навалат над нас?**

## ЅВЕРОТ ОД ЗЕМЈАТА

**Прочитајте Откровение 13,11-18. Како овој втор ѕвер се разликува од првиот ѕвер од Откровение 13 глава?**

______________________________________________________________________

Првиот ѕвер излегол од морето. Вториот ѕвер „излегува од земјата“ (Откровение 13,11). Морето го сочинуваат „луѓето и народите, племињата и јазиците“ (Откровение 17,15). Според тоа, „земјата“ овде претставува ретко населено подрачје во светот. Тој втор ѕвер се појавил пред крајот на пророчкиот период за време на кој првиот ѕвер ја спроведувал својата власт (Откровение 13,5). Со други зборови, тој добива позначајна улога некаде околу 1798 година.

Соединетите Американски Држави точно се вклопуваат во тој опис. Тие ја прогласиле својата независност во 1776 година, го усвоиле својот устав во 1789 година, а како светска сила биле признати на крајот на 19 век.

Јован потоа продолжува: „Тој имаше два рога како кај јагне и зборуваше како змевот“ (Откровение 13,11). Роговите во библиските пророштва ја симболизираат моќта. За разлика од првиот ѕвер, овој ѕвер нема круни на роговите, што сугерира дека не станува збор за монархија. Двата рога ги претставуваат двата основни владејачки принципи кои се извор на моќта и успехот на Соединетите Држави – политичка и верска слобода.

**Прочитајте Откровение 13,11.12. Каква промена гледате кај тој ѕвер и како зборува тој?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Тој мирољубив народ, како јагне, на крајот проговорил како змев. Тој „ја извршува сета власт на првиот ѕвер во негово присуство“ (Откровение 13,12), со напуштање на принципите на верската слобода и со тоа ќе што „ја присилува целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот ѕвер“ (Откровение 13,12). Соединетите Американски Држави ќе преводат во барањето од сите народи на земјата да му се поклонат на првиот ѕвер, со тоа што ќе ја препознаат духовната и световната власт на папството. Според ова пророштво, Соединетите Држави ќе направат икона на ѕверот – сојуз на црквата и државата – и ќе бараат од сите луѓе да ѝ се поклонат.

Фасцинантно е што тогаш кога првпат биле препознаени како ѕвер од земјата, Соединетите Држави не биле ни близу до воениот и економски гигант каков што се денес.

**Размислете за политичката нестабилност во Америка денес. Како може ова еден ден да доведе до исполнување на ова пророштво?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Обожавањето на ѕверот и на неговата икона алудира на текстот Даниел 3, според кој вавилонскиот цар им заповедал на Седрах, Мисах и Авденаго да се поклонат пред златниот лик или ќе бидат фрлени во огнена печка. Во древниот Вавилон, како и во современиеот Вавилон, богослужението било спорно прашање. Вистинското богослужение извира од ум поучен од Божјата реч, од душа преобразена од Неговата љубов и срце исполнето со Неговиот Дух. Тогаш нема да се сообразуваме „со овој свет“, туку ќе живееме според Божјата волја, откриена во Неговата Реч. Во тоа е нашата единствена сигурност!

„Бог никогаш не ја присилува волјата или совеста на луѓето, а сатаната, напротив, секогаш се служи со најгрубо насилство да ги доведе под своја власт оние што не може да ги заведе на друг начин. Тој се обидува со страв и со насилство да завладее со совеста на луѓето и да изнуди нивна послушност. За да ја постигне оваа цел, тој работи и преку духовните, а и преку световните власти, поттикнувајќи ги да наметнат човечки закони кои се во спротивност со Божјиот закон“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 591 ориг.).

„За да можат да ги издржат искушенијата што ќе дојдат, мора да ја разберат Божјата волја онака како што е откриена во неговата Реч. Тие можат Бога да го почитуваат само тогаш ако правилно го сфатат неговиот карактер, неговото владеење и неговите намери и ако живеат сообразно со нив. Последната голема битка ќе можат да ја издржат само оние кои своите души ги засилиле со вистините на Библијата“ (Е. Вајт, *Големата борба,* стр. 593 ориг.).

„Но Бог на земјата ќе има свој народ кој ќе внимава на Библијата, и само на Библијата, како мерило на сите науки и темел на секоја реформа. Ниту мислењата на учените луѓе, ниту тврдењата на науката, ниту верските догми или одлуки на црковните собори, толку многубројни и спротивни како и црквите што ги застапуваат, ниту гласот на мнозинството – ниту едно од ова, ниту сите заедно – не можат да се сметаат како доказ за или против која и да е точка на верата. Пред да примиме која било наука или пропис, треба да се увериме дека е во согласност со она јасното: 'Така кажува Господ!'“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 595 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како можеме да живееме во исчекување на Христовото доаѓање и да зборуваме за таа надеж, а да не станеме такви што креваат паника?**

**2. Задржете се во мислите на прашањето на богослужението. Што ни кажува нашиот секојдневен живот, нашата секојдневна рутина за тоа кого или што обожаваме?**

**3. Како можеме да си помогнеме себеси, но и на другите, да гледаме на иднината со доверба а не со страв?**

**4. Какво практично влијание има разбирањето на настаните за последните денови врз нашиот живот денес?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 12**
**15 до 21 јуни 2024**

# ЗАВРШНИТЕ НАСТАНИ НА ЗЕМЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 8,32; Езекиел 20,12.20; Откровение 7,1.2; Откровение 14,1; Јоил 2,21-24; Осија 6,3; Јаков 5,7.8; Откровение 18,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Купувај вистина и не ја продавај, придобивај мудрост, поука и разум“ (Мудри изреки 23,23).**

Да претпоставиме дека имате ќерка тинејџерка која се вози дома од колеџ за летниот распуст. Додека чекате да пристигне, загрижено ги следите временските извештаи. Станувате сè позагрижени, бидејќи времето брзо се влошува. На хоризонтот се наѕираат мрачни облаци што носат невреме. Ветровите почнуваат жестоко да дуваат. Небото се отвора и почнува пороен дожд. Дрвја паѓаат. Главниот пат до вашата куќа наскоро станува непрооден. Потоа слушате од некој сосед дека може да се оди по споредн пат. Автомобилите можат да се движат само околу некои паднати дрвја. Иако комуникацијата е тешка, успевате да ѝ испратите текстуална порака на вашата ќерка, во која внимателно наведувате како може безбедно да се врати дома.

Повеќе од сè друго Исус сака успешно да нè проведе низ животните бури и безбедно да нè врати дома. Елена Г. Вајт пишува: „Бурата доаѓа, безмилосна во својот бес. Дали сме подготвени да ја дочекаме?“ (Сведоштва за црквата, кн. 8, стр. 315). Целта на Христовиот живот, смрт, воскресение и служба во небесното светилиште е да ни обезбеди да се вратиме дома. Пророчките пораки од книгите на пророк Даниел и Откровението претставуваат божествени упатства, наменети особено за луѓето на последното време, кои треба да ни помогнат да ги пребродиме животните бури, за еден ден да ја почувствуваме топлата прегратка на Спасителот полн со љубов.

Целта на лекцијата за оваа седмица е да ни открие што има да каже пророчката Реч за завршните настани и повторно да укаже на Христовата сила, која е доволна да нè проведе низ последниот судир на земјата и да нè врати дома.

## ПРЕДАНОСТ НА БОГА И НА НЕГОВАТА РЕЧ

**Прочитајте ги стиховите Мудри изреки 23,23; Јован 8,32 и Јован 17,17. Која заедничка нишка се провлекува низ сите нив**?

___

Со векови големата борба претставувала судир меѓу вистината и лагата. Сатаната е лажец и татко на лагата (Јован 8,44). Исус е извор на целокупната вистина. Тој вели: „Јас сум Патот, Вистината и Животот“ (Јован 14,6). Вистината што нѐ ослободува од сатанските измами се наоѓа во Божјата реч. Библијата ја разоткрива сатанската стратегија и нѐ запознава со Божјите планови. Светото писмо го осветлува патот пред нашите нозе (Псалм 119,105). Псалмистот изјавува: „Објавувањето на Твоите зборови просветува и скромните ги вразумува“ (Псалм 119,130). Потоа додава: „Вистината е основа на Твоите слова“ (Псалм 119,160).

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 1,16-21. Кои уверувања ни ги дава апостолот во врска со пророштвата? Која илустрација ја користи за да ја покаже важноста на Божјата пророчка реч?**

___

Ние не се поведуваме по „лукаво измислени бајки“. Пророштвата од Божјата реч го осветлуваат патот пред нас. Тие ни помагаат да ја разликуваме вистината од заблудата. Без Библијата, би биле подложни на каприците на човечкото размислување и лесно би можеле да бидеме измамени. „Божјиот народ е упатен на Светото писмо како заштита против влијанието на лажните учители и заводничките сили на духовите на темнината. Сатаната применува секакво лукавство луѓето да ги спречи да се здобијат со знаење од Библијата, зашто нејзиното јасно учење ги открива неговите измами... Наскоро пред нас ќе се покаже последната голема измама. Антихрист пред нашите очи ќе прави чуда. Она што ќе го имитира тој ќе биде толку слично со вистинското, што не ќе може да се разликува едното од другото, освен со помош на Светото писмо... Последната голема битка ќе можат да ја издржат само оние кои своите души ги засилиле со вистините на Библијата. Секој поединец ќе стои пред прашањето: дали повеќе ќе го слуша Бога или човек? Решавачкиот час сега е пред врата.

Дали нашите нозе се втемелени на карпата на непроменливата Божја реч? Дали сме подготвени цврсто да застанеме во одбрана на Божјите заповеди и на верата Исусова?“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 593, 594 оригинал).

**Размислете за прашањата што ги поставува Елена Вајт во наведениот цитат. Што ќе нѐ оспособи да опстанеме во текот на конечната криза? Што нѐ одвраќа од проучувањето на Божјата реч? Зошто може да се случи да ја компромитираме вистината заради лично задоволство?**

## ЗАПЕЧАТЕНИ ЗА НЕБОТО

Во текот на претстојната криза, Божјиот верен народ нема да им подлегне на световните притисоци (Откровение 14,12). Тие ќе бидат запечатени со Светиот Дух (Ефесјаните 4,30), и никој нема да може да ги поколеба. Во древните времиња печатите ја потврдувале автентичноста на официјалните документи. Тие биле препознатлив, индивидуализиран знак. А бидејќи последниот судир се сосредоточува на богослужението и на Божјиот авторитет откриен во Неговиот закон, би можело да очекува Божјиот печат да биде вграден во Неговиот закон (споредете со стихот Исаија 8,16).

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 20,8-11. Кои елементи на печатот се содржани во заповедта за саботата?**

___

___

Овде ги имаме трите елементи на автентичен печат: (1) Името на Оној на кого му припаѓа печатот, „на Господ, твојот Бог“. (2) Неговата титула, како Оној кој „создаде“ сè, значи, Создателот. (3) Неговата територија, „небото и земјата, морето и сè што е во нив“. Во Библијата печатот понекогаш се нарекува знак (Римјаните 4,11). Тие два збора се меѓусебно заменливи. А бидејќи Божјиот знак или печат се наоѓа во срцевината на Божјиот закон, саботата е во средиштето на последниот судир во врска со богослужението (Езекиел 20,12.20; Откровение 12,17).

**Споредете ги стиховите Откровението 7,1-2 и Откровението 14,1 со стиховите Откровение 13,16-17. Каде се примаат Божјиот печат и жигот на ѕверот? Што мислите, зошто постои таа разлика?**

___

Божјиот печат се става на челото. Челото е симбол на умот и претставува, во сликовита смисла, свесна одлука.

Жигот на ѕверот се прима или на челото или на раката, што покажува дека луѓето се интелектуално убедени и дека по сопствен избор ги прифаќаат лагите на сатаната или, во друг случај, го прифаќаат лажното богослужение за да избегнат да бидат убиени.

Ѓаволот ги мрази оние што му се послушни на Бога. Големата борба ќе ја достигне својата кулминација кога змевот (сатаната) ќе завојува против припадниците на верниот остаток, кои ги држат „Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Сепак, тие ќе останат цврсти во својата преданост на Христа.

**Зошто верноста кон Господа од ден на ден е клуч за нашата подготвеност за конечната криза?**

## КОМУ МУ СЕ ПОКЛОНУВАМЕ?

Во последните денови ќе се одвива драматична борба околу богослужението. Дали му се поклонуваме на Создателот или на ѕверот и на неговата икона? Овде нема средина. Првиот ангел од текстот Откровение 14 ги повикува мажите и жените: „Поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори" (Откровение 14,7). Како дополнителна поткрепа на овој небесен повик, третиот ангел ги открива страшните последици од обожавањето на ѕверот: „Тој ќе пие од виното на јароста Божја, вино неразводнето, излеано во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Јагнето" (Откровение 14,10). Спротивно на тоа, оние кои му се поклонуваат на Создателот се опишани како луѓе „кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса" (Откровение 14,12).

Создавањето е основата на вистинското богослужение (Откровение 4, 11). Бидејќи Бог „создаде сè преку Исус Христос" (Ефесјаните 3,9), сатаната го мрази Создателот и се обидува, преку земните сили, да ја замени саботата, споменот на создавањето (Даниел 7,25). Претстојниот судир околу Божјиот закон се фокусира на авторитетот. Кога сатаната би успеал да го искорени богослужението во сабота, би можел да тврди дека неговиот авторитет е над Божјиот авторитет. За да го постигне тоа, тој ќе се обиде да го убеди или да го принуди целиот свет да прифати лажна сабота.

Колку и да е тешко сега да се увиди дека тоа навистина се случува, како што веќе забележавме, светот драматично се менува. Кризата КОВИД-19 ни покажа дека нашиот свет може да стане сосема поинакво место преку ноќ. Иако не ги знаеме сите детали кои ќе доведат до примање на жигот на ѕверот, не е толку тешко да се замисли како ќе се одвива тоа. Овој свет е многу нестабилно место и со сета неверојатна технологија што постои денес, она во врска со што Библијата нè предупредува, всушност, може да се оствари дури и побрзо отколку што мислиме.

**Прочитајте го текстот Откровение 13,13-17. Кои конкретни казни ги чекаат оние кои нема да сакаат да го примат жигот на ѕверот?**

Оние кои ќе му останат верни на Христа, наместо да го следат ѕверот и неговата икона, ќе се соочат со економски казни и со смртна закана. Човештвото и понатаму е она што отсекогаш било – корумпирано, гладно за власт и насилно. И иако не знаеме точно како ќе се одвиваат завршните настани, не е тешко да се замисли прогонството на крајот на времето. Иако се напишани во сосема поинаков контекст, следните зборови од Евангелието според Јован ни кажуваат сè. Мислејќи на Исус, Јован пишува дека Нему „немаше потреба никој да Му сведочи за човекот, бидејќи Самиот знаеше што има во човекот" (Јован 2,25).

**Размислете за расипаноста на човештвото и за злото што луѓето се способни да го направат. Зошто тоа ни покажува колку брзо и лесно може да дојде до завршните настани? Исто така, и уште поважно, што треба да нè научи таа тажна вистина за потребата да го чуваме своето срце?**

## РАН И ПОЗЕН ДОЖД

**Прочитајте ги текстовите Јоил 2,21-24 и Дела 2,1-4.41-47. Кое пророштво се исполнило во првиот век? Какво влијание имало тоа?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Излевањето на Светиот Дух на Денот Педесетница силно ја придвижило христијанската црква. Три илјади луѓе се преобратиле кон Бога во еден ден. Книгата Дела апостолски бележи чудо по чудо на Божјата благодат која преобразува: „А мнозина од оние што го слушаа словото, поверуваа; бројот на тие луѓе беше околу пет илјади“ (Дела 4,4). Само 120 верници се собрале на молитва, но таа молитва довела до драматични промени. Наскоро на црквата ѝ се придружиле илјадници нови верници. Дури „и големо мноштво свештеници и се покори на верата“ (Дела 6,7). А бидејќи биле жестоко прогонувани во Ерусалим, учениците „беа распрснати“ и „одеа, проповедувајќи го Словото“ (Дела 8,4). Така, цркви биле основани низ цела Јудеја, Самарија и Галилеја (видете Дела 9,31). По своето преобратување, апостол Павле го проповедал Христа низ целиот медитерански свет. Во Солун, некои Евреи кои се противеле на евангелието ја дале следната зачудувачка изјава: „Оние, кои го превртеа наопаку целиот свет, дојдоа и тука“ (Дела 17,6). Со силата на Светиот Дух, учениците го досегнале целиот познат свет за релативно кратко време. Пророштвото на Јоил за раниот дожд се исполнило на Педесетница, но позниот дожд ќе се излее со уште поголема сила за да ја обезбеди конечната жетва на земјата.

**Прочитајте: Захарија 4,6; Захарија 10,1; Осија 6,3 и Јаков 5,7,8. Според овие стихови, како ќе биде завршено Божјето дело на Земјата?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Изразите „ран и позледен дожд“ се преземени од циклусот на жетва во Израел. На есен паднал ран дожд за да из'рти семето. Последниот дожд паѓал во пролет за да ја созрее жетвата... Ова го опишува делото на Светиот Дух во навестувањето на Евангелието. „Како 'раниот дожд' што бил даден при излевањето на Светиот Дух во почетокот на ширењето на евангелската вест, и предизвикал ‘ртење на драгоценото семе, така 'позниот дожд' ќе се излее при нејзиниот крај за жетвата да узрее... Големото дело на евангелието нема да се заврши со помалечка манифестација на Божјата сила од онаа што го придружувала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат во позниот дожд и при неговото завршување“ (*Големата борба,* стр. 611, 612 ориг.).

## СИЛНИОТ ВИК

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 18,1-4; Авакум 2,14 и Матеј 24,14. Што ни кажуваат тие за тоа како ќе биде довршено Божјето дело на Земјата?**

---

Ангелот што го најавува падот на Вавилон има „голема област“ (Откровение 18,1). Како ангелот од Откровение 14 глава, и овој ангел ги претставува човечките гласници. Тој ја открива Божјата слава и тоа толку целосно што целата земја е осветлена. Грчкиот збор за авторитет или моќ во Новиот завет е егзозија. Тој збор често се користи за да се опише Христовиот триумф над началствата и силите на темнината. А Исус го користи во Евангелието според Матеј во врска со испраќањето на своите ученици. Во текстот Матеј 10,1, Исус им дава на своите ученици власт над началствата и над силите на темнината. Според тоа, Тој ги испраќа со божествена сила да победуваат во борбата меѓу доброто и злото. А во текстот Матеј 28, бидејќи Нему му е дадена „секаква власт на небото и на земјата“, Тој ги испраќа уште еднаш со зборовите: „Одете и научете ги сите народи“ (Матеј 28,18.19).

Исполнета со силата на Светиот Дух, поддржана од авторитетот на живиот Христос, кој во својот живот и смрт триумфирал над началствата и силите на темнината, новозаветната црква ја осветлила земјата со Божјата слава. За само неколку години учениците му го објавиле евангелието на целиот тогаш познат свет (Колошаните 1,23).

На крајот на времето Светиот Дух ќе се излее со невидена сила и евангелието брзо ќе се прошири до сите краишта на земјата. Илјадници ќе се обратуваат во еден ден, и Божјата благодат и вистина ќе влијаат на целата планета. Така луѓето ќе бидат предупредени, а евангелието, заедно со надежта што ја нуди, ќе биде распространето низ целиот свет.

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помалечка манифестација на Божјата сила од онаа што го придружувала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат во позниот дожд и при неговото завршување... Божјите слуги, со озарено лице од свето помазание, ќе брзаат од место во место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата Земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13,13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 611, 612 (оригинал).

**Што го кочи силното излевање на Светиот Дух, позниот дожд и гласниот вик? Колку и да е малечка нашата улога како поединци, сепак, што можеме да преземеме за да бидеме отворени и приемливи за излевањето на Светиот Дух?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Уште во 1851 година, во вториот ѕвер од Откровение 13,11-17, пионерите адвентисти ги препознале Соединетите Американски Држави. Но сигурно било тешко во тоа време да се согледа дека Соединетите Држави ќе успеат да го натераат целиот свет да му се поклони на првиот ѕвер (Откровение 13,12). Дури и во 1880-тите, целата морнарица на Соединетите Држави се состоела од само 48 стари бродови.

Меѓутоа, од крајот на Студената војна, ниту една сила не може да се мери со Соединетите Држави во воена смисла. И иако Американците уживале во прекрасни слободи, не е тешко да се согледа дека, како што времињата ќе станувaат потешки, тие слободи ќе бидат газени, па дури и целосно укинати. Многумина веруваат дека веќе гледаме како ова се случува.

„Сите што ќе одбијат да постапат така, ќе бидат казнети, а најпосле ќе биде објавено дека заслужуваат смрт. Од друга страна, Божјиот закон, кој налага одмор во денот што го определил Творецот за одмор, бара послушност и се заканува со гнев против сите престапници на тој Закон“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 604 оригинал).

„Штом ќе се приближи луњата, мнозина кои верувале во третата ангелска вест, но не биле посветени со послушност кон вистината, ќе го напуштат своето гледиште и ќе преминат во редовите на противниците. Соединувајќи се со светот и земајќи учество во неговиот дух, тие работите ги посматраат речиси во иста светлина како нив, а кога ќе настапи искушението, ќе бидат готови да ја изберат полесната, повеќе популарна страна. Надарени, и со привлечно однесување луѓе, кои некогаш ѝ се радувале на вистината, своите сили ќе ги употребат душите да ги измамат и да ги заведат и ќе станат најголеми непријатели на своите некогашни браќа. Кога тие што ја држат саботата ќе бидат доведени пред судови да одговараат поради својата вера, овие отпадници ќе бидат најдобро оружје на сатаната да ги клеветат и да ги обвинуваат и со лажни извештаи и сомничења ќе предизвикаат гнев кај владетелите против нив“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 608 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто разбирањето на настаните во последните денови ќе биде толку важно во претстојната криза? На кој начин Светото писмо станува наша заштита од измамите?**
2. **Демократските општества насекаде во светот биле бастиони на верската слобода со векови. Во која смисла тоа би можело брзо да се промени?**
3. **Погледнете ја втората изјава на Елена Г. Вајт спомената во претходниот текст. Какви одлуки носите денес, а би можеле да доведат до тоа утре да бидете меѓу оние таканаречени адвентисти?**
4. **Како се менува поракaта на вториот ангел во времето на гласниот вик, и каква лична подготовка можеме да направиме за да го примиме позниот дожд, кој ќе ни овозможи да го довршиме Божјото дело на Земјата?**

**Лекција 13**
**22 до 28 јуни 2024**

# ТРИУМФОТ НА БОЖЈАТА ЉУБОВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 22, 11.12; Еремија 30,5-7; Псалм 91,1-11; Еремија 25,33; Откровение 21,2; Откровение 20,11-15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И чув висок глас од небото како зборува: 'Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив – нивниот Бог. И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина'“ (Откровение 21,3,4).**

Можеме да се соочиме со иднината со срце исполнето со надеж. Иако ни претстојат тешки времиња, низ какви било страдања да треба да поминеме, какви сѐ неволји да треба да издржиме и какви таги да треба да доживееме, ако ја имаме надежта дека доаѓаат подобри денови, ќе можеме уште денес да живееме со смисла, цел и радост. Френклин Д. Рузвелт бил претседател на САД од 1933 до 1945 година, во еден од најтешките периоди од историјата на таа земјата. Бил погоден од детска парализа и не можел да оди без помагала. Во една прилика тој напишал: „Секогаш сме се држеле до надежта, верата, убедувањето дека, некаде зад хоризонтот, има подобар живот, подобар свет.“ Алберт Ајнштајн, еден од најбрилијантните луѓе во светот, напишал: „Учи од вчера, живеј за денес, надевај се на подобро утре.“ Алфред Лорд Тенисон, популарен англиски поет од времето кога владеела кралицата Викторија, еднаш напишал: „Надежта се насмевнува пред прагот на претстојната година, шепотејќи: 'Оваа ќе биде посреќна'“.

Во последната лекција за ова тримесечје ќе размислуваме за Христовата постојана љубов во највозбудливиот период во историјата на вселената и Неговиот целосен триумф во големата битка меѓу доброто и злото. Последната книга од Библијата, Откровението, ни дава надеж за денес, утре и засекогаш.

## НАДЕЖ ВО ВРЕМЕ НА НЕВОЛЈА

**Прочитајте ги текстовите: Откровение 22,11.12; Даниел 12,1.2 и Еремија 30,5-7. Кои настани ќе се одиграат непосредно пред Второто доаѓање?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

По завршувањето на времето на проверка за човештвото, ќе следи време „тешко, какво што немало откако постојат луѓето“. Откровение 16 ги опишува седумте последни зла што ќе се излеат врз овој грешен свет. Но, како и во случајот со неволјите што го снашле Египет, Божјиот народ ќе биде заштитен од нив. Обрнете внимание на ветувањето во Книгата на пророкот Даниел: „Но ќе се спасат во тоа време од твојот народ сите, кои ќе се најдат дека се запишани во Книгата“ (Даниел 12,1). Ова мора да се однесува на „книгата на животот“ (видете Филипјаните 4,3; Откровение 13,8; Откровение 20,12.15; Откровение 22,19). Значи, ако му останеме верни на Исуса, нашите имиња нема да бидат избришани од книгата на животот (Откровение 3,5).

**Прочитајте ги текстовите: 1. Јованово 3,1-3; Јован 8,29 и Јован 14,30. Која е единствената соодветна подготовка за претстојното време на неволја?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во времето на неволја, Божјиот народ ќе има толку длабок личен однос со Исуса, што ништо нема да може да го промени. Нивна најголема желба ќе биде да Му угодат во сè, и на тој начин, преку дејствувањето на Светиот Дух, да станат чисти како што е Тој чист. Немало ништо во Христовото срце што би реагирало на измамите на сатаната, а и ние можеме да го подражаваме тој аспект на Неговиот карактер.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 27,5; Псалм 91,1-11 и Откровение 3,10-12. Кои ветувања, што ни влеваат спокој, ни ги дава Бог за времето на неволји?**

______________________________________________________________

Има некои кои погрешно го разбрале учењето дека во времето на неволји ќе живееме без посредник. Исус ќе го прекине Своето посредување во небесното светилиште во моментот кога секој ќе ја донесе конечната одлука за или против Него. Но тоа не значи дека во текот на тој период ќе бидеме сами и дека ќе мора да се потпираме само на сопствените сили. Исус ветил дека секогаш ќе биде со нас (Матеј 28,20). Верата верува дури и кога не гледа, и се надева дури и кога светот околу нас се распаѓа. Во текот на времето на неволји, нашата вера ќе се засили и нашиот копнеж за вечноста ќе расте, така што наша единствена желба ќе биде да живееме со Исуса засекогаш.

## НАДЕЖ ВО СКОРЕШНОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 14,1-3 и Тит 2,11-14. Во светлината на идните предизвици и претстојните неволји, зошто овие стихови се толку охрабрувачки?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исусовите зборови „да не се плаши срцето ваше“ се Негово ветување дека никогаш нема да нè остави и дека повторно ќе дојде да нè одведе дома. Овој свет не е наш дом. Доаѓаат подобри денови за нас. Во еден од секои 25 стихови, Новиот завет зборува за враќањето на нашиот Господ. Кога изгледите ќе станат мрачни и кога угнетувачките закони на црковно-државните сили ќе му се заканураат на нашиот живот, ветувањето за Христовото доаѓање ќе го исполнува нашето срце со надеж. Тоа е „блажената надеж“ што го вдахнувала Божјиот верен народ во секоја генерација.

**Прочитајте ги текстовите: Откровение 6,15-17 и Исаија 25,8,9. Споредете ги ставовите на спасените и изгубените што ни се предочени во тие стихови. Со што може да се објасни разликата меѓу овие два начина на размислување?**

____________________________________________________________

Злите ги увидуваат ужасните последици од гревот, додека праведните ги прифаќаат чудесните ризници на благодатта. Бунтот против Бога води до страв, вина, осуда и на крајот до вечна загуба. А нашиот одговор на Неговата спасоносна благодат води до проштавање, мир и вечна радост при Неговото славно враќање.

**Прочитајте Откровение 15,3.4 и Откровение 19,7. Како ќе одговорат откупените на славното спасение што им е бесплатно обезбедено преку Христа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Христовиот крст ќе биде главен предмет на проучување и песна на откупените низ сета вечност. Во прославениот Христос го гледаат распнатиот Христос... Сознанието дека Оној што ги создал сите светови и кој е Судија на сите созданија, ја напуштил својата слава и се понизил од љубов кон човекот, секогаш ќе буди чудење и восхит во вселената“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 651 оригинал).

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 12,17; Откровение 17,13-14 и Откровение 19,11-16. Обратете внимание ја прогресијата што постои во тие стихови. Што ни кажува оваа прогресија за последната војна на земјата и за Христовата конечна победа?**

## МИЛЕНИУМОТ НА ЗЕМЈАТА

Откровение 19 завршува со драматичен приказ за Исусовото враќање и уништувањето на злите. Но приказната сè уште не е завршена. Откровение 20 нè воведува во периодот од 1.000 години, познат како „милениум“.

**Прочитајте Откровение 20,1-3. Каква ќе биде судбината на сатаната кога Исус ќе се врати?**

_______________________________________________________________________________

Сликата во текстот Откровение 20,1-3 е симболична. Сатаната нема да биде буквално врзан со синџири и фрлен во бездна. Тој, во текот на 1000 години, ќе биде затворен на оваа пуста планета, која ќе остане без жители и ќе биде врзан со околностите што ги создал самиот. Во стихот 2. Петрово 2,4 читаме дека сатаната и неговите ангели ќе бидат фрлени „во мрачните бездни“. Сатаната ќе биде врзан за земјата со синџирот на околности, каде што нема да има никој што ќе може да го искушава. Во текот на 1000 години, тој ќе го гледа само пустошот, уништувањето и несреќата што ги предизвикал неговиот бунт.

Грчкиот збор преведен како „бездни“ е истиот збор од кој потекнува зборот амбис – провалија, јама. Истиот збор се користи во Септуагинтата, грчкиот превод на Стариот завет, за да се опише земјата во времето на создавањето: „Земјата беше пуста и празна; темнината се простираше над бездната“ (1. Мојсеева 1,2). Тука исто така се користи грчкиот збор abissos, „бездна“. Таа опишува пуста земја. „Бездната“ не е некоја подземна пештера ниту некоја пространа бездна таму некаде во вселената. Делото на сатаната – гревот и уништувањето – заедно со страшниот хаос што ќе му претходи на Второто доаѓање, ќе ја вратат земјата во состојба на мрачна, безоблична маса во која се наоѓала на почетокот на создавањето.

**Прочитајте ги следните текстови: Еремија 4,23-26; Еремија 25,33 и Исаија 24,1.3.5. Како библиските пророци ја опишуваат таа сцена?**

_______________________________________________________________________________

Пророците тука го нагласуваат катастрофалното уништување што ќе настапи во времето на второто Христово доаѓање и фактот дека во текот на тој илјадагодишен период нема да има никој жив на земјата. Сатаната и неговите зли ангели ќе бидат оставени да размислуваат за пустошот што го предизвикал неговиот бунт. Целата вселена одново ќе увиди дека плата за гревот е смрт. Бог го решава проблемот со гревот за тој никогаш повеќе да не се појави (Наум 1,9). Постојат три главни начини на кои Бог го прави тоа. Прво, Тој ја покажува својата безгранична љубов и вложува непоштедни напори за да го спаси целото човештво. Второ, Тој ја открива својата правда, правичност и чесност. Трето, Тој дозволува вселената да види кој е крајниот резултат на гревот и бунтот.

# СУДОТ ВО ТЕКОТ НА МИЛЕНИУМОТ

**Прочитајте Откровение 20,4-6. Што ќе прават праведните во текот на 1000 години, и зошто е тоа важно?**

____________________________________________________________________

Во текот на милениумот праведниците ќе имаат можност од прва рака да се запознаат со Божјата правда и љубов, кои се огледуваат во тоа како Тој се справува со проблемот на гревот. Кој од нас нема прашања што би сакал да му ги постави на Бога во врска со многу работи? Тогаш, во текот на милениумот на небото, откупените ќе можат да ги поставуваат тие прашања. Ако некоја нивна драга личност или нивен близок пријател не е на небото, спасените ќе имаат можност поцелосно да ги разберат Божјите одлуки. Но пред сè, откупените ќе ги согледаат, на нов начин и појасно од кога било досега, Божјите сесрдни обиди да го спаси секој поединец што некогаш живеел. Уште еднаш ќе сфатат дека сите што се изгубени го пропуштиле небото поради нивното лично отфрлање на Христа. Дури тогаш Бог ќе го изрече конечниот суд на изгубените – втората смрт, која е вечно уништување.

**Прочитајте Откровение 20,7-9. Како ќе завршат тие 1000 години? Каква ќе биде судбината на сатаната и на неговите следбеници?**

____________________________________________________________________

Цели 1000 години сатаната нема да има кого да искушува и мами. Тој и неговите ангели ќе останат сами да размислуваат за смртоносните последици од гревот. Но на крајот на милениумот злите ќе воскреснат за да се соочат со судот и да ја примат својата конечна плата (Откровение 20,5).

Тогаш сатаната повторно ќе има огромна војска следбеници. Иако трпел пораз по пораз во големата битка, тој ќе биде охрабрен кога ќе го види големото мноштво изгубени. Тој сè уште не е готов да го прекине својот бунт и затоа повторно ќе излезе да ги мами тие „народи“. Ќе ги поттикне да го вложат последниот голем напор за да го соборат Бога и да воспостават свое царство. Изразот „Гог и Магог“ го симболизира сатаната и изгубените од сите векови. Сатаната и неговите следбеници ќе ги опкружат „светите и возљубениот град“ (Откровение 20,9).

На крајот на милениумот, не само што оживеале сите зли, туку и Светиот град, Новиот Ерусалим, се спушта на земјата од небото (Откровение 21,2)! Светите веќе живееле и царувале со Христа во Новиот Ерусалим цел милениум. И тогаш, на крајот од 1000 години, тој град се спушта на земјата заедно со Бога, Исуса, ангелите и сите откупени. Сите присуствуваат на последната битка во рамките на големата борба. Тогаш гревот е искоренет еднаш засекогаш!

**Што ни кажува за Божјиот карактер изборот на моментот за конечниот суд?**

## ДВЕ ВЕЧНОСТИ

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Коринќаните 5,10; Римјаните 14,10. 11 и Откровение 20,11-15. Што ни кажуваат за тоа зошто злите се повторно оживеани?**

---

За да се реши проблемот со гревот на таков начин што злото никогаш повеќе нема да се појави, секој мора да биде уверен дека Бог бил праведен и чесен на сите свои патишта. На крајот секое колено ќе се поклони и ќе признае – дури и сатаната и неговите зли ангели – дека Бог бил праведен во текот на големата борба и дека никогаш немало оправдување за бунт против Него. Забележете го следниов увид од Елена Г. Вајт: „Штом ќе се отворат книгите со извештаите и Исусовото око ќе ги погледне грешниците, тие ќе станат свесни за секој свој грев што го направиле во својот живот. Тие сега јасно гледаат каде ги одвело скршнувањето од патеката на чистотата и светоста, и колку далеку ги одвела горделивоста и бунтот во престапувањето на Божјиот закон. Заводничките искушенија, пред кои попуштиле и паднале во грев, злоупотребените благослови, презирањето на Божјите весници, отфрлените опомени и брановите на милосрдие одбиени од страна на тврдоглавите и непокајани срца – сето тоа сега се појавува пред нивните очи како да е напишано со огнени букви... Сите грешници на светот стојат пред Божјиот суд обвинети за највисоко предавство против небесното владеење. Нема никого да ги брани; тие немаат оправдание и над нив е изречена пресуда – вечна смрт“ (*Големата борба*, стр. 666, 668 оригинал).

**Прочитајте ги следните стихови: Откровение 20,9; Псалм 37,20 и Малахија 4,1,2. Каков увид ни даваат тие, кога станува збор за конечното уништување на гревот и грешниците и наградата за праведниците?**

---

Добрата вест е дека сатаната и неговите зли ангели ќе бидат уништени во огненото езеро. Гревот и грешниците ќе бидат изгорени. Според Откровение 20,9, тие ќе бидат проголтани, уништени, а не вечно мачени. Следниот стих го користи изразот „во веки веков“ (во превод на Константинов а „во векови“ во превод на МПЦ; заб. на прев). Во зависност од контекстот, зборот „веков“ или „засекогаш“ значи нешто што трае „бескрајно“, но само додека целта не биде целосно постигната. (Видете 2. Мојсеева 21,6; 1. Самоилова 1,22.28; Јуда 1,7 и 2. Петрово 2,4-6) За изгубените самото уништување е вечно, но не и чинот на уништување. Бог не е вечен мачител.

**На крајот сите нас нѐ чека една од двете вечности. Изгубените, за жал, ја примаат „платата“ што ја заработиле – вечна смрт. Тогаш, зошто нашата единствена надеж дека нема да го добиеме она што го заслужуваме, а тоа е смрт, е потпирањето на Исусовата праведност?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни брекчиња зад кои Божјите гори ги издигнуваат своите величествени врвови. На тие тивки полјани, покрај тие живи потоци, Божјиот народ, кој бил толку долго патник и поклоник, ќе најде своја татковина...

Таму бесмртните умови со неуморна одушевеност ќе ги проучуваат чудесата на творечката моќи тајните на љубовта која спасува. Таму ќе го нема свирепиот и лукав непријател да заведе некого да го заборави Бога. Секоја дарба ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Учењето нема да го заморува умот ниту да ја исцрпува животната сила. Таму можат да се извршат најголемите потфати, да се остварат највозвишените стремежи, да се исполнат највисоките желби, и сè уште ќе постојат нови цели што ќе можат да се постигнат, нови чуда кои ќе бидат предмет на восхитување, нови вистини да се сфатат, нови предмети да ги поттикнуваат силите на разумот, на душата и телото да се развиваат“ (*Големата борба,* стр. 675, 677 ориг.).

„Со неискажлива милина земните деца ќе се запознаат со радоста и мудроста на безгрешните суштества. Тие ќе земат учество во богатството на науката и знаењето што го стекнале овие суштества во текот на вековите проучувајќи ги Божјите дела. Слободно ќе ја посматраат славата на создавањето – сонцата, ѕвездите и нивните системи, како сите по одреден ред кружат околу Божјиот престол. На сите дела, од најмалечкото до најголемото, е напишано името на Творецот и кај сите се гледа богатството на неговата сила“ (*Големата борба,* стр. 677, 678 оригинал).

„Големата борба е завршена. Грев и грешници нема веќе. Целата вселена е чиста. Насекаде во безмерниот универзум владеат апсолутна хармонија и радост. Од Оној кој создал сè тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечните простори. Од најмалечкиот атом, до најголемиот свет, сè што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов“ (*Големата борба,* стр. 678 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што мислите, зошто Бог дозволил гревот да трае толку долго? Во исто време, ниту едно човечко суштество на овој свет не трпи страдање подолго од сопственото постоење. Односно, ничие страдање не трае подолго од неговиот животен век. А колку е краток човечкиот живот во споредба со илјадите години грев? Како таа перспектива може да ни помогне да се справиме со тешкото прашање за злото?**
2. **Како се вклопува во планот на спасението илјадагодишниот период познат како милениум? Размислете што ни кажува за Божјиот карактер тоа дека конечниот суд, конечната казна, ќе биде извршена над изгубените, дури откако сите спасени ќе добијат можност целосно да ја согледаат Божјата правда, правичност и љубов.**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АПРИЛ

# ПОБЕДА ВО ХРИСТА

### ТЕМЕЛ НА ПОБЕДАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **2. Петрово 1,5.6.** | *Возвишени звуци на победа* |
| *2. Вторник* | **Матеј 5,5.** | *Понизноста носи победа* |
| *3. Среда* | **1. Јованово 5,4.** | *Само Бог може да ни осигура победа* |
| *4. Четврток* | **1. Коринќаните 15,57.** | *Темел на победата* |
| *5. Петок* | **1. Коринќаните 10,13.** | *Искушението може да заврши со победа* |
| *6. Сабота* | **Јован 5,19.** | *На сигурни патеки* |

### НЕ СТЕ САМИ

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Матеј 4,10.** | *Сатаната не може да ве присили да згрешите* |
| *8. Понеделник* | **Псалм 28,7.** | *Бог мора да ја има вашата согласност* |
| *9. Вторник* | **1. Јованово 2,15.** | *Преминување на границата* |
| *10. Среда* | **Матеј 18,4.** | *Не се потпирајте само на себе* |
| *11. Четврток* | **Матеј 13,16.** | *Останете сосредоточени на Исуса* |
| *12. Петок* | **Јован 17,9.** | *Не сте сами* |
| *13. Сабота* | **Ефесјаните 6,10.** | *Тврдина за Бога* |

### НОВ ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Јован 14,15.** | *Послушност на срцето* |
| *15. Понеделник* | **Исаија 21,8.** | *Бидете верни на принципот* |
| *16. Вторник* | **Матеј 10,33.** | *Како се откажуваме од Исуса?* |
| *17. Среда* | **Филипјаните 4,19.** | *Како се гледаме себеси?* |
| *18. Четврток* | **Псалм 62,6.** | *Дали сме свесни за нашата потреба?* |
| *19. Петок* | **Јован 3,7.** | *Нов живот* |
| *20. Сабота* | **1. Јованово 5,4.** | *Од победа во победа* |

### КРУНИ И БЕЛИ ОБЛЕКИ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Римјаните 5,10.** | *Гревот повеќе не е привлечен* |
| *22. Понеделник* | **1. Коринќаните 9,24.** | *Трка за круната* |
| *23. Вторник* | **Јован 14,27.** | *Постојан мир* |
| *24. Среда* | **2. Коринќаните 1,3.4.** | *Делете го она што сте го примиле* |
| *25. Четврток* | **1. Коринќаните 15,22.** | *Победа благодарение на Христовите заслуги* |
| *26. Петок* | **1. Петрово 4,12.** | *Победници и во неволја* |
| *27. Сабота* | **Откровение 3,5.** | *Круни и бели облеки* |

### БОЖЕСТВЕН ИСЦЕЛИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Евреите 12,12.** | *Подигни го погледот, не гледај долу* |
| *29. Понеделник* | **Лука 22,32.** | *Зборувајте за Божјите благослови* |
| *30. Вторник* | **Откровение 3,21.** | *Конечно: положба над ангелите* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ

# КЛУЧОТ НА НЕБЕСНАТА РИЗНИЦА

## КЛУЧ ВО РАКАТА НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **1. Петрово 3,12.** | *За што разговараш со Бога?* |
| *2. Четврток* | **Матеј 21,22.** | *Клуч во раката на верата* |
| *3. Петок* | **1. Солуњаните 5,18.** | *Постои божествена наука во молитвата* |
| *4. Сабота* | **Марко 11,24.** | *Уште еден услов* |

## НЕ МОЖЕТЕ ДА ГО ЗАМОРИТЕ БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Псалм 55,17.** | *Верата и тајната молитва* |
| *6. Понеделник* | **Псалм 5,3.** | *Вашата најважна работа* |
| *7. Вторник* | **Дела 1,14.** | *Присуствувајте на молитвените состаноци* |
| *8. Среда* | **1. Мојсеева 32,26.** | *Молете се како Јаков* |
| *9. Четврток* | **Псалм 143,1.** | *Не можете да го заморите Бога* |
| *10. Петок* | **Колошаните 3,2.** | *Молитвата поттикнува духовен раст* |
| *11. Сабота* | **Римјаните 15,4.** | *Проучувајте со искрена молитва* |

## ПРЕКРАСНИ МОЛИТВИ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Јован 4,46.** | *Што треба да научиме за молитвата* |
| *13. Понеделник* | **Псалм 44,3.** | *Молитвата ја придвижува раката на Семоќниот* |
| *14. Вторник* | **Псалм 65,2.** | *Ниту една молитва не е изгубена* |
| *15. Среда* | **Откровение 5,8.** | *Прекрасни молитви* |
| *16. Четврток* | **Јаков 5,16.** | *Христовиот рецепт за безживотни молитви* |
| *17. Петок* | **1. Петрово 4,6.** | *Живејте онака како што се молите* |
| *18. Сабота* | **2. Петрово 1,4.** | *Ветувањата и молитвата* |

## НЕКА БИДЕ БОЖЈАТА ВОЛЈА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Матеј 6,6.** | *Моќта на тајната молитва* |
| *20. Понеделник* | **Филипјаните 2,12.13.** | *Молете се за изградување на карактерот* |
| *21. Вторник* | **Римјаните 8,26.** | *За што да се молиме?* |
| *22. Среда* | **1. Мојсеева 18,19.** | *Важноста на семејното богослужение* |
| *23. Четврток* | **Јаков 5,14.** | *Молитва за болните* |
| *24. Петок* | **Матеј 26,42.** | *Да биде Божјата волја* |
| *25. Сабота* | **Лука 20,46.47.** | *Не одржувајте здодевни молитвени состаноци* |

## ДРАГОЦЕНИ МОМЕНТИ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Даниел 9,3.** | *Примерот на Даниел во молитва* |
| *27. Понеделник* | **Псалм 25,1.2.** | *Драгоцени моменти* |
| *28. Вторник* | **Лука 6,12.** | *Ноќи поминати во молитва* |
| *29. Среда* | **2. Тимотеј 2,15.** | *Молете се со Библијата в рака* |
| *30. Четврток* | **Матеј 16,24.** | *Молитвата и моралната храброст* |
| *31. Петок* | **Дела 4,31.** | *Молитвата и оживеаната црква* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ

# ЗАКОНОТ И САБОТАТА: ПРОВЕРКА НА ВЕРНОСТА

## БОЖЈИОТ ЗАКОН

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Псалм 119,1.** | *Божјиот закон* |

## БОЖЈИОТ ШТИТ

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Езекиел 20,20.** | *Сабота како проверка* |
| *3. Понеделник* | **2. Мојсеева 19,5.** | *Послушноста, услов за среќа* |
| *4. Вторник* | **Мудри изреки 29,18.** | *Божјиот штит* |
| *5. Среда* | **1. Мојсеева 2,17.** | *Изложени на проверка* |
| *6. Четврток* | **Римјаните 7,12.** | *Законот е свет* |
| *7. Петок* | **Римјаните 13,10.** | *Законот на љубовта* |
| *8. Сабота* | **Матеј 5,17.** | *Божјиот закон е вечен* |

## ПОСЛУШНОСТА Е ПЛОД НА ЉУБОВТА

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Псалм 119,97.** | *Изворот на сите закони* |
| *10. Понеделник* | **Псалм 19,7.** | *Издигнување на Законот* |
| *11. Вторник* | **1. Јованово 5,3.** | *Што значи да се држат Божјите заповеди?* |
| *12. Среда* | **Јован 14,21.** | *Послушноста е плод на љубовта* |
| *13. Четврок* | **2. Мојсеева 25,21.** | *Десетте заповеди, со сабота во центарот* |
| *14. Петок* | **Исаија 8,16.** | *Саботата, печат на Божјиот закон* |
| *15. Сабота* | **Колошаните 1,16.** | *Христос ја создал саботата* |

## ГОСПОДОВИОТ ДЕН

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Откровение 14,7.** | *Поклонете му се на Создателот* |
| *17. Понеделник* | **Марко 2,27,28.** | *Господовиот ден* |
| *18. Вторник* | **Псалм 19,1.** | *Саботата и светот на природата* |
| *19. Среда* | **1. Мојсеева 2,3.** | *Израз на благодарност* |
| *20. Четврток* | **1. Мојсеева 1.5.** | *Седмицата на создавањето* |
| *21. Петок* | **1. Мојсеева 2,4.** | *Вера во вдахновениот извештај* |
| *22. Сабота* | **2. Мојсеева 20,8.** | *Подготовки за саботата* |

## РАДОСНА РАБОТА

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **2. Мојсеева 16,22.** | *Двојно количество мана* |
| *24. Понеделник* | **1. Петрово 2,9.** | *Вечен завет* |
| *25. Вторник* | **1. Самоилова 2,30.** | *Радосна работа* |
| *26. Среда* | **Даниел 7,25.** | *Сатанскиот напад на саботата* |
| *27. Четврток* | **Даниел 7,22.** | *Да застанеме на страната на Божјата чест* |
| 28. Петок | **1. Јованово 3,24.** | Линијата на раздвојување |
| 29. Сабота | **Исаија 56,2.** | Реформа на саботата |

## БОЖЈИОТ ЗАКОН И САБОТАТА СЕ ОПРАВДАНИ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Откровение 15,4.** | *Божјиот закон и саботата се оправдани* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| **6.** | 20-22 |
| | |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| **13.** | 20-22 |
| | |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| **20.** | 18-20 |
| | |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| **27.** | 11-13 |
| | |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| **4.** | 34-36 |
| | |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| **11.** | 12-13 |
| | |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| **18.** | 12-14 |
| | |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| **25.** | 34-36 |
| | |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| **1.** | Псалм 15-17 |
| | |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| **8.** | 38-40 |
| | |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| **15.** | 61-63 |
| | |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| **22.** | 84-86 |
| | |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| **29.** | 107-109 |
| | |
| 30. | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Април*

1. Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
4. Псалм 80
5. Псалм 81
**6.** Псалм 82
7. Псалм 83
8. Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
11. Псалм 87
12. Псалм 88
**13.** Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
18. Псалм 91
19. Псалм 92
**20.** Псалм 93.
21. Псалм 94
22. Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
25. Псалм 98
26. Псалм 99
**27.** Псалм 100
28. Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

## *Мај*

1. Псалм 103
2. Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
**4.** Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
9. Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
**11.** Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
16. Псалм 111
17. Псалм 112
**18.** Псалм 113
19. Псалм 114
20. Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
23. Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
**25.** Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
30. Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## *Јуни*

**1.** Псалм 121
2. Псалм 122
3. Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
6. Псалм 126
7. Псалм 127
**8.** Псалм 128
9. Псалм 129
10. Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
13. Псалм 133
14. Псалм 134
**15.** Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,14-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
20. Псалм 139
21. Псалм 140
**22.** Псалм 141
23. Псалм 142
24. Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
27. Псалм 146
28. Псалм 147
**29.** Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***5.*** | ***12.*** | ***19.*** | ***26.*** |
| **Виница** | **19:01** | **19:09** | **19:16** | **19:24** |
| **Колешино** | **18:59** | **19:07** | **19:14** | **19:22** |
| **Стар Дојран** | **18:59** | **19:07** | **19:14** | **19:22** |
| **Куманово** | **19:04** | **19:12** | **19:20** | **19:28** |
| **Неготино** | **19:02** | **19:10** | **19:17** | **19:25** |
| **Струмица** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Кочани** | **19:01** | **19:09** | **19:17** | **19:25** |
| **Велес** | **19:04** | **19:11** | **19:19** | **19:27** |
| **Кавадарци** | **19:03** | **19:10** | **19:18** | **19:25** |
| **Дебар** | **19:09** | **19:16** | **19:24** | **19:31** |
| **Скопје** | **19:05** | **19:13** | **19:21** | **19:29** |
| **Битола** | **19:05** | **19:12** | **19:20** | **19:27** |
| **Кичево** | **19:07** | **19:14** | **19:22** | **19:30** |
| **Лаки** | **19:00** | **19:08** | **19:16** | **19:23** |
| **Чифлик** | **19:02** | **19:09** | **19:17** | **19:24** |
| **Штип** | **19:02** | **19:10** | **19:17** | **19:25** |
| **Тетово** | **19:07** | **19:15** | **19:23** | **19:31** |
| **Јегуновце** | **19:07** | **19:14** | **19:22** | **19:30** |
| **Росоман** | **19:03** | **19:10** | **19:18** | **19:26** |
| **Гевгелија** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Свети Николе** | **19:03** | **19:11** | **19:19** | **19:26** |
| **Делчево** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Валандово** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Охрид** | **19:07** | **19:15** | **19:22** | **19:30** |
| **Радовиш** | **19:01** | **19:09** | **19:16** | **19:24** |
| **Прилеп** | **19:04** | **19:12** | **19:19** | **19:27** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. | 31. |
| Виница | 19:32 | 19:39 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |
| Колешино | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Стар Дојран | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Куманово | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Неготино | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Струмица | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:51 | 19:57 |
| Кочани | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Велес | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Кавадарци | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Дебар | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 20:00 | 20:06 |
| Скопје | 19:36 | 19:44 | 19:51 | 19:58 | 20:04 |
| Битола | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 | 20:01 |
| Кичево | 19:37 | 19:45 | 19:52 | 19:58 | 20:04 |
| Лаки | 19:31 | 19:38 | 19:46 | 19:52 | 19:58 |
| Чифлик | 19:32 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Штип | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Тетово | 19:38 | 19:46 | 19:53 | 20:00 | 20:06 |
| Јегуновце | 19:38 | 19:45 | 19:53 | 19:59 | 20:05 |
| Росоман | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 | 20:00 |
| Гевгелија | 19:30 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Свети Николе | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:55 | 20:01 |
| Делчево | 19:31 | 19:39 | 19:46 | 19:52 | 19:58 |
| Валандово | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:51 | 19:57 |
| Охрид | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:58 | 20:03 |
| Радовиш | 19:31 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Прилеп | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:55 | 20:01 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***7.*** | ***14.*** | ***21.*** | ***28.*** |
| **Виница** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:10** |
| **Колешино** | **20:01** | **20:05** | **20:07** | **20:07** |
| **Стар Дојран** | **20:01** | **20:04** | **20:07** | **20:07** |
| **Куманово** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:14** |
| **Неготино** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Струмица** | **20:02** | **20:06** | **20:08** | **20:08** |
| **Кочани** | **20:05** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Велес** | **20:06** | **20:10** | **20:12** | **20:13** |
| **Кавадарци** | **20:05** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Дебар** | **20:11** | **20:14** | **20:17** | **20:17** |
| **Скопје** | **20:09** | **20:12** | **20:15** | **20:15** |
| **Битола** | **20:06** | **20:09** | **20:12** | **20:12** |
| **Кичево** | **20:09** | **20:13** | **20:15** | **20:15** |
| **Лаки** | **20:03** | **20:07** | **20:09** | **20:09** |
| **Чифлик** | **20:03** | **20:07** | **20:09** | **20:10** |
| **Штип** | **20:05** | **20:08** | **20:11** | **20:11** |
| **Тетово** | **20:11** | **20:14** | **20:16** | **20:17** |
| **Јегуновце** | **20:10** | **20:14** | **20:16** | **20:17** |
| **Росоман** | **20:05** | **20:09** | **20:11** | **20:11** |
| **Гевгелија** | **20:02** | **20:05** | **20:07** | **20:08** |
| **Свети Николе** | **20:06** | **20:10** | **20:12** | **20:13** |
| **Делчево** | **20:03** | **20:07** | **20:09** | **20:10** |
| **Валандово** | **20:02** | **20:06** | **20:08** | **20:08** |
| **Охрид** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:15** |
| **Радовиш** | **20:03** | **20:07** | **20:09** | **20:10** |
| **Прилеп** | **20:06** | **20:10** | **20:12** | **20:12** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).